**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА

УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1241

Скопје, 1 јули 2021 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**Првиот број на Билтенот е објавен во мај 1957 година**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
*проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор*

**Уредник на Билтенот:**
*Илија Богоевски*

**Лектор:**
*Весна Илиевска-Цветановска*

**Техничко уредување:**
*Зоран Кордоски*

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет*: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ***

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.

Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1241 ОД 1.7.2021 ГОДИНА


**АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) архитектонско проектирање и дизајн на Архитектонскиот факултет - Скопје (**вонр. проф. д-р Михајло Зиноски**)........................................6-21
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Верица Иванова, Ивана Мирческа, Ирина Станковска, Марија Ѓурковиќ, Тамара Павлеска, Ангела Василевска, Моника Танушевска, Оливера Ѓорѓиевска, Јована Оносимоска, Елена Стефаноска, Наташа Ристеска, Елена Кузмановска, Вероника Партинова, Јована Јаневска, Мартина Целеска, Ана Мицева, Христијан Матески**)...........................22-24

**ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Александар Божинов, Ангела Гулевска, Бојан Б. Крстев, Бојан Д. Крстев, Даниела Бојаџиевска, Ивана Коцевска, Кристина Лазаревска, Рилинд Селмани, Софија Стојкоска, Теодора Тодороска, Фјола Селими**)........................................................................25-26

**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на еден извршител во соработничко звање – асистент во научната област бизнис-менаџмент (50603) на Економскиот факултет - Скопје (**м-р Тамара Кафтанџиева, м-р Тања Камењарска, м-р Тихона Божиновска**)..........................27-34
2. Реферат за избор на извршител – асистент во научната област сметководство на Економскиот факултет - Скопје (**м-р Бојан Малчев, м-р Тодор Тоцев**)..................35-41
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Благица Донев, м-р Дејан Димитриевски**)..........................................................................................42

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на два наставника во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научните области педијатрија и детски болести со нега на болно и здраво дете на Медицинскиот факултет - Скопје (**н. сор. д-р Силвана Наунова Тимовска, н. сор. д-р Илија Кировски, н. сор. д-р Николина Здравеска, ас. докторанд д-р Валентина Цвејоска Чолаковска**)......................................................................43-137
2. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области хирургија и дигестивна хирургија на Медицинскиот факултет – Скопје, со **издвоено мислење** на член на Комисијата (**ас. д-р Ѓорѓи Трајковски, ас. д-р Љубомир Огненовиќ, н. сор. Владимир Јоксимовиќ, н. сор. Александар Шумковски, асистент докторанд Бујар Османи**)..............................................................138-183
3. Реферат за избор на два асистента по предметот **Дерматовенерологија** на Медицинскиот факултет - Скопје (**д-р Нора Положани, д-р Јулија Митрова Талента, д-р Виктор Симеоновски, д-р Анита Најдова**)....................................................184-195
4. Реферат за избор на три асистенти по предметот **Психијатрија и медицинска психологија** на Медицинскиот факултет – Скопје (**д-р Емилија Чабуковска, д-р Десанка Ѓорѓевиќ Анастасовски, асистент докторанд д-р Александар Ристески, д-р Властела Парталоска Данева, д-р Бојана Ѓорговска, д-р Александар Пакетчиев, д-р Анета Стојмановска Ристеска, д-р Марија Костадиновска**)......................196-208
5. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Концепт за здравствена промоција во училиштата – проценка на ефектите од примената во основното образование во Република Северна Македонија**, од **м-р Сања Прошева**, пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје.........................................................................209-219

6. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Евалуација на хормоните на хипофизо-гонадната и хипофизо-адреналната оска како предиктори за појава на постпартална депресија при ин витро фертилизација**, од **м-р Јана Белевска**, пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје..................................................220-229

**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Структура на плата и модели на наградување на вработените**, изработена од **м-р Сузана Стошевска-Николовска**, пријавена на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Скопје............................230-236

**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**д-р Генц Чилерџиу, д-р Миѓен Демјаха, д-р Рајмонда Халили, д-р Себахате Алидема, д-р Јета Кисери Кубати**)........................................................................................................237

**ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА**

1. Рецензија на ракописот **Вовед во биостатистика** од авторите **проф. д-р Василка Попоска Треневска** и **м-р Виктор Денковски**....................................................238-243

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област 22405 – телекомуникациско и информациско инженерство на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје (**доц. д-р Томислав Шуминоски**)..........................................................................................244-261
2. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Сенат Усеини, Здравко Тодоров, Билјана Божиновска, Билјана Науновска, Фросина Климоска, Моника Велјаноска, Симона Ширгоска**)...........................................................262-263

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Зорица Станковска**)........................................................................................................264

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Анализа на интерперсоналните дискурсни маркери во македонскиот и во албанскиот говорен јазик во споредба со англискиот,** изработена од **м-р Едона Винца,** пријавена на Филолошкиот факултет „Блаже Конески – Скопје.........................................................................................265-268
2. Преглед на одобрена тема за изработка на магистерски труд (**Маја Атанасовска**)........................................................................................................269
3. Преглед на одобрена тема за изработка на докторска дисертација (**м-р Симона Монавчева**)........................................................................................................270

***Прилог бр. 2***

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА) АРХИТЕКТОНСКО ПРОЕКТИРАЊЕ И ДИЗАЈН НА АРХИТЕКТОНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Архитектонски факултет – Институтот за архитектонско проектирање, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Koha“ од 3 јуни 2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област архитектонско проектирање и дизајн – 20100, и врз основа на Одлуката од 70. седница на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет 08 бр.6/152, донесена на 16.6.2021 год., формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Минас Бакалчев, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, претседател, д-р Мартин Гулески, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје (во пензија), член и д-р Митко Хаџи Пуцa, редовен професор на Архитектонскиот факултет во Скопје, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област архитектонско проектирање и дизајн – 20100 на Институтот за архитектонско проектирање, во предвидениот рок се пријави д-р Михајло Зиноски, вонреден професор.

**1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Кандидатот **вонреден професор д-р Михајло Зиноски** е роден на 17.VI 1969, во Скопје. Средно образование завршил во Скопје, во 1986 година. Со високо образование се стекнал на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, 1988 -1996 година. Дипломирал на тема „Центар за грижа и воспитување на деца“, под менторство на проф. д-р Мартин Гулески, во јули 1996 година. Студиите ги завршил со просечен успех 8,63 и среден успех од предметите од областа на архитектонското проектирање со 9,33.

Кандидатот активно се служи со англискиот и српскиот јазик.

Се запишал на втор циклус (магистерски) студии на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. На 17.2.2008 година го одбранил магистерскиот труд на тема „Програмски аспекти на објектите за трговија“ под менторство на проф. д-р Михајло Волканов.

Од јануари 2008 година остварува петмесечен студиски престој во САД на Државниот факултет за архитектура и сродни уметности во Јуџин, Орегон, во својство на визитинг-истражувач, учесник на JFDP-програмата стипендирана од Department of State.

Докторската дисертација на тема „Метода за рекурзивна анализа на комплексни програмско-просторни архитектонски концепти на примерот на големите трговски центри во Скопје“ ја одбранил на Архитектонскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 23.9.2011 година, пред Комисија во состав: д-р Анета Христова-Поповска, вонреден професор на Архитектонскиот факултет, УКИМ, претседател, д-р Мартин Гулески, редовен професор на Архитектонскиот факултет, УКИМ, ментор, д-р Мирослав Грчев, редовен професор на Архитектонскиот факултет, УКИМ, член, д-р Минас Бакалчев, редовен професор на Архитектонскиот факултет, УКИМ, член, д-р Иван Џепароски, редовен професор на Филозофскиот факултет, УКИМ. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на технички науки од научната област архитектура и урбанизам.

На 40. седница на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје одржана на 24.11.2016 година (Одлука бр. 08-6/245 од 25.11.2016, Билтен бр. 1133 од 1.11.2016 година), избран е во звањето вонреден професор на група предмети во областа архитектонско проектирање и дизајн на Институтот за

архитектонско проектирање при Архитектонскиот факултет во Скопје на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

Во моментот, кандидатот е вонреден професор на Архитектонскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1133 од 1.11.2016 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на академската кариерата (Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје: Билтен бр. 756 од 28.4.2000 година, Билтен бр. 832 од 1.7.2003 година, Билтен бр. 946 од 15.7.2008 година, Билтен бр. 1023 од 16.1.2012 година и Билтен бр. 1133 од 1.11.2016 година), како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Архитектонскиот факултет, кандидатот д-р Михајло Зиноски изведува настава, вежби, консултации, теренска настава и работилници на интегрираните петгодишни студии од прв и втор циклус по архитектура. Од изборот за вонреден професор, учествува во реализација на наставата по предметите: Архитектонско проектирање 6, Архитектонски студија 5.2, 6.2, 7.2, 8.2 и Интегративно студио 9, Архитектонска работилница и изборните предмети Селектирани теми од јавни објекти и Објекти за масовна посетеност.

Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена и одбрана на 71 магистерски труд (од периодот 2016/ 2017 до 2020/2021).

Кандидатот е коавтор на рецензиран учебник под наслов: *Проектирање општествени објекти за здравствена заштита,* автори: проф д-р Михајло Волканов и вонр. проф. д-р Михајло Зиноски. Издаден: мај 2021 год. Издавач: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Во Образецот 2 (член 2), кој е составен дел од овој Извештај, детално се наведени сите активности од областа на наставно-образовната дејност, со датуми и други релевантни податоци.

### Научноистражувачка дејност/Стручно-уметничка дејност

Д-р Михајло Зиноски има објавено вкупно 11 научни трудови од архитектонската област, од кои 1 научен труд во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 1 труд во меѓународно научно списание, 3 труда во меѓународни научни публикации и 6 труда во зборници од научни собири.

Д-р Михајло Зиноски бил раководител на 1 национален научен проект и учествувал како член во 1 национален и 1 меѓународен научен проект. Одржал 3 секциски предавања на научни/стручни собири со меѓународно учество и 1 пленарно предавање (keynote speaker), „Old Model Of New Social And Cultural Reality“, на BAB, Balkan Architectural Biennale, International Conference: „Balkan Patterns In Urbanism And Architecture: Challenges“, Belgrade, Serbia, научен/стручен собир со меѓународно учество.

Неговиот интерес во научноистражувачката дејност се фокусира, од една страна, на прашањата на типологијата на јавните објекти (Zinoski, 2017/ „Transportation Hub-Kumanovo“), и од друга, на современите хибридни форми (Zinoski, 2018/ Program Hybrid As A Model Of Sustainable Preservation0). Така, д-р Михајло Зиноски ја истражува методологијата на архитектонскиот проект и неговата трансформација, но и современата партиципаторна пракса (Zinoski, 2018, 2020/ „Living-dwelling - the importance of half-private spaces in the neighborhoods on the city borderline”). На тој начин, неговото истражувачко дело континуирано ја преиспитува противречноста на современото архитектонско искуство.

Кандидатот бил ментор на 60 магистерски трудови.

Стручно-уметничката дејност д-р Михајло Зиноски, во периодот од изборот за вонреден професор, продолжува да ја развива континуирано преку 4 идејни архитектонски проекти, 1 урбанистичко решение и како куратор на 3 изложби од областа на архитектурата и урбанизмот.

Во Образецот 2 (член 3/член 4), кој е составен дел од овој Извештај, детално се наведени сите трудови и активности од областа на научноистражувачката и стручно-уметничката дејност, со наслови, датуми и други релевантни податоци.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Михајло Зиноски активно е вклучен во стручно-апликативната работа и во периодот од 2016 до 2020 година изработил 4 основни проекти, кои тематски се движат од типологијата на јавни објекти, домување и интервенција во јавен простор. Одржал едно онлајн предавање: „Smart Project Architecture“ низ проектот на Скопје Ист-Гејт, предавање од јавен интерес, организирано од Асоцијацијата на архитекти на Македонија.

Кандидатот е член на четири меѓународни научни/стручни одбори: 3. БАБ Интернационална конференција: “Balkan Patterns in Urbanism and Architecture: Challenges”, 2017; 4. БАБ-интернационална конференција: “Decoding Balkan: Architecture, Urbanism, Planning”, 2019; Chairman of the Organizing Committee on 3$^{rd}$ OIKONET Postgraduate Seminar “Future Home: Learning from the Past, Uncertanity of the Present, Paradigms of the Future”, Faculty of Architecture Skopje, 2019; 2. Интернационална конференција: SmartArt–“Art and Science Applied: Experience and Vision”, 2021 год. Faculty of Architecture, 2019. Тој остварил и експертска активност како претседател на Конкурсот за изработка на идејно архитектонско решение за објект повеќенаменска спортска сала – Градски парк со капацитет до 3 000 гледачи.

Д-р Михајло Зиноски, како експерт, остварил низа активности од општествен интерес, бил претседател на Конкурсот за изработка на идејно архитектонско решение за објект повеќенаменска спортска сала – Градски парк со капацитет до 3 000 гледачи. Тој е и уредник на зборникот на трудови: Architecture of transcription;Faculty of architecture, UKIM, Skopje.

Конкретните активности од стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес се наведуваат во О Б Р А З Е Ц 2 (член 5) од Правилникот за избор, со датуми и други релевантни податоци.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Михајло Зиноски, за 2019/2020 година, како и за претходниот период, континуирано добива висока позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Архитектонскиот факултет (http://www.arh.ukim.edu.mk/index.php/mk/2013-12-16-18-29-15/2013-12-19-22-11-19/2018-03-04-12-58-34).

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: д-р Михајло Љубомир Зиноски**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Архитектонски факултет – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: архитектонско проектирање и аизајн – 20100**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | - Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * | да |
| 2 | - Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>- Назив на научната област: архитектонско проектирање и дизајн (20100); поле: архитектура, урбанизам и планирање, подрачје: техничко-технолошки науки. | да |
| 3 | - Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор. | да |
| 3.1 | - Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>- 1. Назив на научното списание: Facilities©Emerald Publishing Limited, ISSN: 0263-2772, DOI 10.1108/F-04-2020-0040.<br>- 2. Назив на електронската база на списанија:_ Emerald, _<br>- 3. Наслов на трудот: „Living-dwelling - the importance of half-private spaces in the neighborhoods on the city borderline”.<br>- 4. Година на објава: 2020. | да |
| 3.2 | - Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>- 1. Назив на научното списание: South East European Journal of Architecture and Design (SEEJAD) Vol. 2017, Article ID 10030, 6 pages, https://doi.org/10.3889/seejad.2017.10030, eISSN: 1857-9353,<br>- 2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): SEED Editorial Board: 31members/ 12 countries<br>- 3. Наслов на трудот: „Transportation Hub-Kumanovo“,<br>- 4. Година на објава: 2017. | |
| 3.3 | - Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>- 1. Назив на научното списание: Current aspects of real estate research, ISBN 978-961-94204-7-8 COBISS.SI-ID 54350851,<br>- 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД Institute of Real Estate Studies Ukmarjeva 6, 1000 Ljubljana, Slovenia.<br>- 3. Наслов на трудот: “Urban transformation of Miroslav Krleza Street, Skopje” (p. 18-32),<br>- 4. Година на објава: 2021. | да |
| 3.4 | - Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>- 1. Наслов на книгата: Global Dwelling - Interwining Research, Community Participation And Pedagogy; Research project: OIKONET, A global multidisciplinary network on housing research and learning,<br>- 2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД Barcelona, Spain,<br>- 3. Издавач, година и место на издавање/објавување: School of Architecture La Salle Ramon Llull University Barcelona, Spain, ISBN Printed: 978-84-939814-2-6, 2017. | да |
| 3.5<br><br>3.5.1 | - Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>- 1. Назив на зборникот: „Book of Proceedings 2018, Cirre Conference“,<br>- 2. Назив на меѓународниот собир: CIRRE - 3rd Conference of Interdisciplinary Research on Real Estate,<br>- 3. Имиња на земјите: Croatia, North Macedonia, Greece, Spain, The Netherlands, Slovenia, Bulgaria, United Kingdom, Norway, Serbia. | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.5.2 | - 4. Наслов на трудот: „Program Hybrid as A Model of Sustainable Preservation“, (p. 539-555), ISBN: 987-90-827076-3-2.<br>- 5. Година на објава: _2018._<br><br>- 1. Назив на зборникот: Conference Proceedings 2019<br>- 2. Назив на меѓународниот собир: BAB, Balkan Architectural Biennale, International Conference: „Decoding Balkan”<br>- 3. Имиња на земјите: Serbia, Quatar, Russia, Spain, France, Macedonia, Albanija, Netherlands, Croatia, BIH, Greece, Canada, Australija, Crna Gora<br>- 4. Наслов на трудот: „Sustainable preservation-Persistence of the former architecture in opposition times” (p. 150-165), ISBN 978-86-7924-232-7.<br>- 5. Година на објава: _2019._ | |
| 3.5.3 | - 1. Назив на зборникот: Conference Proceedings 2019<br>- 2. Назив на меѓународниот собир: 6th International Academic Conference, „Keeping Up With Technologies To Turn Built Heritage Into The Place Of Future Generations“, University of Pecs, Faculty of Engineering and Information Technologies, Pecs, Hungary, 2019.<br>- 3. Имиња на земјите: International Academic Conference<br>- Serbia, BIH, Hungary, Croatia, Portugal, Hong Kong, Austria, Norway, Greece, United Kingdom, Netherlands, Poland, Italy, Israel, Albania, Montenegro, Belgium, Spain, Luthania, Slovenia, Turkey<br>- 4. Наслов на трудот: „Transcription Of Former Architecture“, (p.66), ISBN 978-963-429-378-1.<br>- 5. Година на објава: _2019._<br><br>- *Останатите трудови на кандидатот се приложени во Образецот 2 кон Извештајот за избор во наставно-научно, научно, наставно-стручно и соработничко звање и Репозиториумот на УКИМ. | |
| 3.6 | - Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>- 1. Наслов на преведеното капитално дело: _______<br>- 2. Датум на објава _____________<br>- 3. Издавач, место на издавање и година | не |
| 4 | - Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | - 1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: „Проектирање општествени објекти за здравствена заштита“, <br>- 2. Место и година на објава: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“-Скопје, ISBN: 987-9989-118-34-0, 2021, <br>- Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1237, од 1.5.2021. | |
| **5** | - Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, број 1133, Скопје, 1 ноември 2016 година. | да |
| **6** | - Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во О Б Р А З Е Ц 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018).

**Рецензентска комисија**

**Д-р Минас Бакалчев, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Митко Хаџи Пуља, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Мартин Гулески, редовен професор во пензија, с.р.**

**Анекс 2**

# О Б Р А З Е Ц 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: д-р Михајло Љубомир Зиноски, дипл. инж. арх.**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Архитектонски факултет – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: архитектонско проектирање и дизајн**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 01. | Архитектонско проектирање VI, зимски сем. 2016/2017 (1+0), вежби: 1 часа х 15 недели х 0,05 поени | 0,75 |
| 02. | Архитектонско студио VII/2, зимски сем. 2016/2017 (0+8), тема: „Нов трговско – транспортен центар во Велес“. Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски вежби: 8 часа х 15 недели х 0,03 | 3,6 |
| 03. | Архитектонско студио IX/2, зимски сем. 2016/2017 (0+8), тема: „Ре-квалификација на јавниот транспортен систем во преодот од средни кон големи градови – Велес“. Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски вежби: 8 часа х 15 недели х 0,03 | 3,6 |
| 04. | Архитектонско студио V/2, зимски сем. 2016/2017 (0+6), вежби: 6 часа х 15 недели х 0,03 | 2,7 |
| 05. | Селектирани теми од јавни објекти (изборен предмет), зимски сем. 2016/2017 (1+0), предавања: 1 час х 15 недели х 0,05 | 0,75 |
| 06. | Архитектонско проектирање VI, летен сем. 2016/2017 (2+0), предавања: 2 часа х 15 недели х 0,05 | 1,5 |
| 07. | Архитектонско студио VIII/2, летен сем. 2016/2017 (0+8), тема: „Архитектурата и водата - Дебар“. Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски вежби: 8 часа х 15 недели х 0,03 | 3,6 |
| 08. | Архитектонско студио VI/2, летен сем. 2016/2017 (0+6), вежби: 6 часа х 15 недели х 0,03 | 2,7 |
| 09. | Објекти за масовна посетеност (изборен предмет), летен сем. 2016/2017 (1+0), предавања: 1 час х 15 недели х 0,05 | 0,75 |
| 10. | Архитектонско проектирање VI, зимски сем. 2017/2018 (1+0), предавања: 1 час х 15 недели х 0,05 поени | 0,75 |
| 11. | Архитектонско студио VII/2, зимски сем. 2017/2018 (0+8), тема: „Нов отворен пазар - Ресен“. Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски вежби: 8 часа х 15 недели х 0,03 | 3,6 |
| 12. | Архитектонско студио V/2, зимски сем. 2017/2018 (0+6), вежби: 6 часа х 15 недели х 0,03 | 2,7 |
| 13. | Архитектонско студио IX/2, зимски сем. 2017/2018 (0+7), тема: „Нов културен дистрикт, архитектонско и програмско преобликување на фабриката 11 Октомври - Скопје“. Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски вежби: 8 часа х 15 недели х 0,03 | 3,6 |
| 14. | Селектирани теми од јавни објекти (изборен предмет), зимски сем. 2017/2018 (1+0), предавања: 1 час х 15 недели х 0,05 | 0,75 |
| 15. | Архитектонско проектирање VI, летен сем. 2017/2018 (2+0), предавања: 2 часа х 15 недели х 0,05 | 1,5 |
| 16. | Архитектонско студио VIII/2, летен сем. 2017/2018 (0+8), тема: „Центар за спортови и рехабилитација на лица со физичка попреченост - Велес“. Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски вежби: 8 часа х 15 недели х 0,03 | 3,6 |
| 17. | Објекти за масовна посетеност (изборен предмет), летен сем. 2017/2018 (1+0), предавања: 1 час х 15 недели х 0,05 | 0,75 |
| 18. | Архитектонско студио VI/2, летен сем. 2017/2018 (0+6), вежби: 6 часа х 15 недели х 0,03 | 2,7 |
| 19. | Архитектонско проектирање VI, зимски сем. 2018/2019 (1+0), | 0,75 |

| | | |
|---|---|---|
| | предавања: 1 час x 15 недели x 0,05 | |
| 20. | Интегративно студио IX/2, зимски сем. 2018/2019 (0+8), тема: „Нов регионален транспортен и трговски центар - Кавадарци“. Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски<br>вежби: 8 часа x 15 недели x 0,03 | 3,6 |
| 21. | Селектирани теми од јавни објекти (изборен предмет), зимски сем. 2018/2019 (1+0), предавања: 1 час x 15 недели x 0,05 | 0,75 |
| 22. | Архитектонско студио VII/2, зимски сем. 2018/2019 (0+8), тема: „Нов отворен пазар - Струмица“. Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски<br>вежби: 8 часа x 15 недели x 0,03 | 3,6 |
| 23. | Архитектонско студио V/2, зимски сем. 2018/2019 (0+6),<br>вежби: 6 часа x 15 недели x 0,03 | 2,7 |
| 24. | Архитектонско проектирање VI, летен сем. 2018/2019 (2+0),<br>предавања: 2 часа x 15 недели x 0,05 | 1,5 |
| 25. | Архитектонско студио VIII/2, летен сем. 2018/2019 (0+8), тема: „Архитектурата и водата – село Банско, Струмица“. Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски<br>вежби: 8 часа x 15 недели x 0,03 | 3,6 |
| 26. | Објекти за масовна посетеност (изборен предмет), летен сем. 2018/2019 (1+0), предавања: 1 часа x 15 недели x 0,05 | 0,75 |
| 27. | Архитектонско студио VI/2, летен сем. 2018/2019 (0+6),<br>вежби: 6 часа x 15 недели x 0,03 | 2.7 |
| 28. | Архитектонско проектирање VI, зимски сем. 2019/2020 (1+0),<br>предавања: 1 час x 15 недели x 0,05 | 0,75 |
| 29. | Интегративно студио IX/2, зимски сем. 2019/2020 (0+8), тема: „Училиште во парк – архитектонско урбанистичко решение за основно училиште, спортско-рекреативен центар и детска градинка во ДУП 3 12“. Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски<br>вежби: 8 часа x 15 недели x 0,03 | 3,6 |
| 30. | Селектирани теми од јавни објекти (изборен предмет), зимски сем. 2019/2020 (1+0), предавања: 1 час x 15 недели x 0,05 | 0,75 |
| 31. | Архитектонско студио VII/2, зимски сем. 2019/2020 (0+8), тема: „Нов транспортен центар во градот Кочани“. Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски<br>вежби: 8 часа x 15 недели x 0,03 | 3,6 |
| 32. | Архитектонско студио V/2, зимски сем. 2019/2020 (0+6),<br>вежби: 6 часа x 15 недели x 0,03 | 2,7 |
| 33. | Архитектонско проектирање VI, летен сем. 2019/2020 (2+0),<br>предавања: 2 часа x 15 недели x 0,05 | 1,5 |
| 34. | Архитектонско студио VIII/2, летен сем. 2019/2020 (0+8), тема: „Детска клиника за очни болести - Скопје“. Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски<br>вежби: 8 часа x 15 недели x 0,03 | 3,6 |
| 35. | Архитектонско студио VI/2, летен сем. 2019/2020 (0+6),<br>вежби: 6 часа x 15 недели x 0,03 | 2,7 |
| 36. | Објекти за масовна посетеност (изборен предмет), летен сем. 2019/2020 (1+0), предавања: 1 часа x 15 недели x 0,05 | 0,75 |
| 37. | Селектирани теми од јавни објекти (изборен предмет), летен сем. 2019/2020 (1+0), предавања: 1 часа x 15 недели x 0,05 | 0,75 |
| 38. | Архитектонско проектирање VI, зимски сем. 2020/2021 (1+0),<br>предавања: 1 час x 15 недели x 0,05 | 0,75 |
| 39. | Интегративно студио IX/2, зимски сем. 2020/2021 (0+8), тема: „Завод за превенција, лекување и рехабилитација на белодробни заболувања и спортско-рекреативен центар со капацитети за хотелско сместување на брегот на Преспанското Езеро“. Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски<br>вежби: 8 часа x 15 недели x 0,03 | 3,6 |
| 40. | Архитектонско студио VII/2, зимски сем. 2020/2021 (0+8), тема: „Терминална станица за јавен градски транспорт во Скопје“. Раководител: Вонр. проф. д-р Михајло Зиноски,<br>вежби: 8 часа x 15 недели x 0,03 | 3,6 |
| 41. | Архитектонско студио V/2, зимски сем. 2020/2021 (0+6),<br>вежби: 6 часа x 15 недели x 0,03 | 2,7 |
| 42. | **Настава во школи и работилници (раководител):**<br><br>-Архитектонска работилница, зимски сем. 2016/2017 (0+7). Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски | 7,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | -Архитектонска работилница, зимски сем. 2017/2018 (0+8), тема: „Архитектура на работ “. Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски<br><br>-Архитектонска работилница, зимски сем. 2018/2019 (0+8), тема: „Трансформација на ул. Мирослав Крлежа во пешачко-колска улица“. Раководител: Вонр. проф. д-р Михајло Зиноски<br><br>-Архитектонска работилница, зимски сем. 2019/2020 (0+8), тема: „Визии за Скопје – работ на мал ринг, Скопје“. Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски<br><br>-Архитектонска работилница, зимски сем. 2020/2021 (0+8), тема: „Програмско преобликување на поранешен јавен објект на „Жито Лукс – Скопје“ - Скопје“. Раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски<br><br>5x1,5 | |
| 43. | **Консултации со студенти:**<br><br>Зимски сем. 2016/2017 – 100 студенти x 0.002 = 0.2<br>Летен сем. 2016/2017 – 100 студенти x 0.002 = 0.2<br><br>Зимски сем. 2017/2018 – 100 студенти x 0.002 = 0.2<br>Летен сем. 2017/2018 – 100 студенти x 0.002 = 0.2<br><br>Зимски сем. 2018/2019 – 100 студенти x 0.002 = 0.2<br>Летен сем. 2018/2019 – 100 студенти x 0.002 = 0.2<br><br>Зимски сем. 2019/2020 – 100 студенти x 0.002 = 0.2<br>Летен сем. 2019/2020 – 100 студенти x 0.002 = 0.2<br><br>Зимски сем. 2020/2021 – 100 студенти x 0.002 = 0.2 | 1,8 |
| 44. | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски трудови:**<br><br>2016/2017, 30 кандидати x 0,3<br>2017/2018, 12 кандидати x 0,3<br>2018/2019, 9 кандидати x 0,3<br>2019/2020, 11 кандидати x 0,3<br>2020/2021, 9 кандидати x 0,3 | 21.3 |
| 45. | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник - коавтор**<br><br>-Мај 2021 год. Издавач: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“- Скопје, Билтен на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје бр. 1237, од 1.5.2021, учебник од областа на проектирање општествени објекти под наслов: „Проектирање општествени објекти за здравствена заштита“. Аавтори: проф. д-р Михајло Волканов (1941 – 2020) и вонр. проф. д-р Михајло Зиноски.<br>CIP - Каталогизација во публикација:<br>725.1.012:614.21(075.8), ISBN 978-9989-118-34-0, COBISS.MK-ID 53957381 | 6 |
| 46. | **Вкупно** | **127,8** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 01. | **Ментор на магистерска работа:**<br><br>2016/2017, 16 кандидати x 1<br>2017/2018, 15 кандидати x 1<br>2018/2019, 11 кандидати x 1<br>2019/2020, 14 кандидати x 1<br>2020/2021, 4 кандидати x 1 | 60 |
| 02. | **Раководител на национален научен проект** | 6 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Главен истражувач: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски;<br>Учесници:<br>вонр. проф. д-р Михајло Зиноски, Архитектонски факултет, Скопје;<br>Татјана Стратимировиќ Прокиќ, Архитектонски факултет, Белград, Србија;<br>Игор Котларовски, д.и.а. и Дамјан Цингарски диа, Општина Центар, Скопје;<br>Томе Димитриевски М.Арх; вонр. проф. д-р Александар Петровски, Архитектонски факултет, Скопје.<br>Истражувачкиот проект: „РЕ-квалификација на методологијата за програмска и физичка трансформација на постоечки станбени и деловни во„енергетски ефикасни“ објекти на примерот на градот Скопје“.<br>Архитектонски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 2016 – 2017. | |
| 03. | **Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД – автор:**<br><br>- Mihajlo Zinoski, PhD, Associate Professor, Ognen Marina, PhD, Professor.<br>Book title: Global Dwelling - Interwining Research, Community Participation And Pedagogy,<br>OIKONET: A global multidisciplinary network on housing research and learning;<br>Title: „Living/Dwelling: A participatory Action in the Neighborhood of Ilinden, Skopje” (p. 280-290)<br>School of Architecture La Salle<br>Ramon Llull University<br>Barcelona, Spain, ISBN Printed: 978-84-939814-2-6, 2017 | 8 |
| | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно-популарно списание со меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови:**<br><br>- Mihajlo Zinoski, Igor Medarski, Stefani Solarska.<br>Title: „Transportation Hub-Kumanovo“.<br>South East European Journal of Architecture and Design (SEEJAD) Vol. 2017, Article ID 10030, 6 pages, http<br>s://doi.org/10.3889/seejad.2017.10030,<br>eISSN: 1857-9353<br>Articles in Architecture | 3 |
| | **Дел од монографија објавен во странство:**<br><br>- Mihajlo Zinoski, PhD, Tome Dimitrievski, MArch.<br>Book title: Current aspects of real estate research;<br>Title: “Urban transformation of Miroslav Krleza Street, Skopje” (p. 18-32)<br>Institute of Real Estate Studies<br>Ukmarjeva 6, 1000 Ljubljana,<br>ISBN 978-961-94204-7-8 COBISS.SI-ID 54350851, 2021. | 6 |
| | **Учесник во национален научен проект:**<br><br>- Edited by: Mihajlo Zinoski, PhD, Associate Professor;<br>Author: Mihajlo Zinoski, PhD, Associate Professor.<br>Book title: Architecture of transcription;<br>Research project: Faculty of Architecture, UKIM, Skopje;<br>Title: „Sustainable preservation-Persistence of the former architecture in opposition times”(p.10-66)<br>Faculty of architecture, UKIM, Skopje, N Macedonia,<br>ISBN Printed:978-9989-118-28-9, 2019 | 3 |
| 04. | **Учесник во меѓународен научен проект:**<br><br>- Main researcher: Leandro Madrazo, PhD, Professor;<br>Participants: Mihajlo Zinoski, PhD, Associate Professor,<br>Ognen Marina, PhD, Professor, Minas Bakalchev, PhD, Professor,<br>Faculty of Architecture, UKIM, Skopje and others.<br>Research project: OIKONET, an Erasmus Network Project with the support of the | 5 |

| | | |
|---|---|---|
| | Lifelong Learning Programme of the European Union.<br>School of Architecture La Salle<br>Ramon Llull University<br>Barcelona, Spain, 2013-2016. | |
| 05. | **Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција:**<br><br>- Mihajlo Zinoski PhD, Associate Professor.<br>Book title: Architecture of transcription;<br>Title: „Sustainable preservation-Persistence of the former architecture in opposition times” (p.10-66)<br>Architecture of transcription:<br>Faculty of architecture, UKIM, Skopje, N Macedonia,<br>ISBN Printed:978-9989-118-28-9, 2019 | 2 |
| 06. | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет:**<br><br>- Mihajlo Zinoski, PhD, Associate Professor.<br>Title: „Living-dwelling - the importance of half-private spaces in the neighborhoods on the city borderline”.<br>Facilities © Emerald Publishing Limited, ISSN: 0263-2772,<br>DOI 10.1108/F-04-2020-0040, 2020 | 8+1,561 |
| 07. | **Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји:**<br><br>- Mihajlo Zinoski, Marija Djidrova.<br>Title: „Sustainable preservation-Persistence of the former architecture in opposition times” (p. 150-165), ISBN 978-86-7924-232-7.<br>BAB, Balkan Architectural Biennale, International Conference: „Decoding Balkan”, Public library, Belgrade, Serbia, 11. 2019.<br><br>- Mihajlo Zinoski, Tome Dimitrievski.<br>Title: „Transcription Of Former Architecture“, (p.66), ISBN 978-963-429-378-1.<br>Places And Technologies PT 2019 - 6th International Academic Conference, „Keeping Up With Technologies To Turn Built Heritage Into The Place Of Future Generations“, University of Pecs, Faculty of Engineering and Information Technologies, Pecs, Hungary, 2019.<br><br>- Mihajlo Zinoski, Maja Daskalovska, Tome Dimitrievski, Aleksandar Gjorgiev.<br>Title: „Program Hybrid As A Model Of Sustainable Preservation“, (p. 539-555), ISBN: 987-90-827076-3-2.<br>CIRRE - 3rd Conference Of Interdisciplinary Research On Real Estate<br>„Book Of Proceedings<br>2018, Cirre Conference“, Institute of Real Estate Studies Ukmarjeva 6, Ljubljana and<br>Lectorate Real Estate Management Zernickeplein 11, 9747 AS Groningen, Hanze University of Applied Sciences, Groningen, The Netherlands, 2018.<br><br>- Professor, Mihajlo Zinoski, Phd – keynote speaker, Iva Kolevska, MArch.<br>Title: „Old Model Of New Social And Cultural Reality“, (p. 23);<br>Book of Abstracts,<br>ISBN: 987-86-916755-3-0.<br>BAB, Balkan Architectural Biennale, International Conference: „Balkan Patterns In Urbanism And Architecture: Challenges“, Public library, Belgrade, Serbia, 2017.<br><br>- Mihajlo Zinoski, Stefani Solarska, Igor Medarski.<br>Title: „Living-Dwelling, The Importance Of Half-Private Spaces In The Neighborhoods On The City Border Line“<br>(p. 157-164)<br>http://oikonet-conference-manchester.blogspot.com/p/program.html.<br>„OIKONET, Third International Conference, Global Dwelling | 15 |

| | | |
|---|---|---|
| | Sustainability – Design – Participation“, Manchester, UK, 2016 (трудот не е приложен за претходниот избор на кандидатот)<br>5x3 | |
| | **Секциски предавања на научен/стручен собир со меѓународно учество**:<br><br>- Mihajlo Zinoski, Marija Djidrova.<br>Title: „Sustainable preservation-Persistence of the former architecture in opposition times” (p. 150-165), ISBN 978-86-7924-232-7.<br>BAB, Balkan Architectural Biennale, International Conference: „Decoding Balkan”, Public library, Belgrade, Serbia, 11. 2019.<br><br>- Mihajlo Zinoski, Tome Dimitrievski.<br>Title: „Transcription Of Former Architecture“, (p.66), ISBN 978-963-429-378-1.<br>Places And Technologies PT 2019 - 6th International Academic Conference, „Keeping Up With Technologies To Turn Built Heritage Into The Place Of Future Generations“, University of Pecs, Faculty of Engineering and Information Technologies, Pecs, Hungary, 2019.<br><br>- Mihajlo Zinoski, Maja Daskalovska, Tome Dimitrievski, Aleksandar Gjorgiev.<br>Title: „Program Hybrid As A Model Of Sustainable Preservation“, (p. 539-555), ISBN: 987-90-827076-3-2.<br>CIRRE - 3rd Conference Of Interdisciplinary Research On Real Estate „Book Of Proceedings<br>2018, Cirre Conference“, Institute of Real Estate Studies Ukmarjeva 6, Ljubljana and<br>Lectorate Real Estate Management Zernickeplein 11, 9747 AS Groningen, Hanze University of Applied Sciences, Groningen, The Netherlands, 2018.<br>3x2 | 6 |
| | **Пленарно предавање на научен/стручен собир со меѓународно учество**<br><br>- Professor, Mihajlo Zinoski, Phd – keynote speaker, Iva Kolevska, MArch.<br>Title: „Old Model Of New Social And Cultural Reality“, (p. 23);<br>Book of Abstracts,<br>ISBN: 987-86-916755-3-0.<br>BAB, Balkan Architectural Biennale, International Conference: „Balkan Patterns In Urbanism And Architecture: Challenges“, Public library, Belgrade, Serbia, 2017 | 3 |
| **08.** | **Вкупно** | **126,561** |

## СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 01. | **Идејно архитектонско решение:**<br><br>- Јануари 2019 год. Идејно проектно решение за пренамена на индустриска хала за производство на акумулатори во објект за трговија – Аутлет, Печ, Косово, Проектантско биро „Стоун дузајн“, проектант: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски д.и.а., соработник: Томе Димитриевски, м-р инж. арх.<br><br>-Јуни 2018 год., Идејно проектно решение за нова градска болница, Општина Аеродром, Скопје, проектантски тим: Вонр. Проф. д-р Михајло Зиноски д.и.а., Томе Димитриевски м-р инж. арх., Александар Ѓорѓиев м-р инж. арх.;<br><br>-Октомври 2017 год., Идејно проектно решение за Специјална Болница за гинекологија и акушерство, Струмица, проектантско биро „Стоун дузајн“, проектант: Вонр. Проф. д-р Михајло Зиноски д.и.а.;<br><br>-Мај 2017 год., Идејно проектно решение за студентски дом „Тодор Александров“, Општина Карпош, Скопје, проектантски тим: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски д.и.а., Стефани Соларска, м-р инж. арх., Игор Медарски, м-р инж. арх.<br>4x4 | 16 |

| | | |
|---|---|---|
| 02. | **Куратор на изложба од областа на архитектурата и урбанизмот**<br><br>- Март 2019 год. Изложба на 12 архитектонско-урбанистички проекти за трансформација на улица „Мирослав Крлежа“ во пешачко-колска улица, фоаје на „Кино Култура“, проект на Општина Центар и Архитектонскиот факултет во Скопје, раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски, соработници: Игор Котларовски д.и.а., Кире Секуловски д.г.и. и Томе Димитриевски м-р инж. арх., учесници: студенти од 9 сем. 2018/2019 год. од Архитектонски факултет, Скопје;<br><br>- November, 2019. Commissar from Macedonia at the International Exhibition: “Decoding Balkan Through Love”, Balkan Cinema, Brace Jugovica 16, Belgrade, Serbia;<br><br>- Февруари 2020 год., Архитектонската изложба на студентски проекти „Училиште и градинка во парк“, Културно-социјален простор „Јадро“, проект во соработка помаѓу Општина Центар и Архитектонскиот факултет во Скопје, раководител: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски, соработници: Игор Котларовски д.и.а., Кире Секуловски д.г.и., Наташа Тодоровска Пренк д.и.а, Александра Марсениќ Крајчески Арх.спец., Оливера Ќоќоровска Митиќ д.и.а., Марија Џидрова м-р инж. арх., учесници: студенти од 9 сем. 2019/2020 год. од Архитектонски факултет, Скопје;<br>3x2 | 6 |
| 03. | **Урбанистичко решение за простор од градско значење**<br><br>- Ноември 2020 год., Основен проект за пренамена на улица „Мирослав Крлежа“ во пешачка и резиденцијална зона, Општина Центар, Скопје, „ИНКОМ Инженеринг“, тех. бр. П 68/20, главен проектант за фаза архитектура: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски д.и.а., Томе Димитриевски, м-р инж. арх., Марија Џидрова, м-р инж. арх. | 4 |
| **04.** | **Вкупно** | **26** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 01. | **Основен архитектонски проект**<br><br>- Април 2021 год., Основен проект за надградба, доградба и реконструкција на фасада на индивидуална семејна куќа, ул. „Железничка“, Општина Центар, МОДУЛОР Струга ДООЕЛ, тех.бр. 1021/01, одговорен проектант за фаза архитектура: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски д.и.а.;<br><br>- Февруари 2021 год., Основен проект за А1-домување во станбена куќа, КО Јурумлери, Општина Гази Баба, Скопје, МОДУЛОР Струга ДООЕЛ, тех.бр. 0621/01, одговорен проектант за фаза архитектура: Вонр. Проф. д-р Михајло Зиноски д.и.а.;<br><br>- Ноември 2020 год., Основен проект за пренамена на улица „Мирослав Крлежа“ во пешачка и резиденцијална зона, Општина Центар, Скопје, „ИНКОМ Инженеринг“, тех.бр. П 68/20, главен проектант за фаза архитектура: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски, д.и.а., Томе Димитриевски, м-р инж. арх., Марија Џидрова, м-р инж. арх.;<br><br>-Октомври 2018 год., Основен проект за реконструкција и пренамена на детска кардиохирургија - Одделение за интензивна нега при Клиниката за кардиологија – „Мајка Тереза“, Скопје, Друштво за градежништво и инженеринг „Конекта Констракшн Консалтинг“ ДООЕЛ, одговорен проектант за фаза архитектура и ентериер: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски д.и.а., соработници: Томе Димитриевски, м-р инж. арх., Александар Ѓорѓиев, м-р инж. арх.<br>4x4 | 16 |
| 02. | **Предавање на институции од јавен интерес, културно-информативни центри** | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | - Мај, 2021 год., Онлајн предавање: „Smart Project Architecture“ низ проектот на Скопје Ист-Гејт, предавачи: Керем Јазган, архитект, Вонр. Проф. д-р Михајло Зиноски, Проф. д-р Мишко Ралев. | |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 01. | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен одбор**<br><br>- September, 2021. Scientific Committee member on 2nd International Conference: SmartArt – “Art and Science Applied: Experience and Vision”, Faculty of Applied Arts, Serbian Academy of Sciences and Arts, Belgrade;<br><br>- November, 2019. Chairman of the Organizing Committee on 3rd OIKONET Postgraduate seminar “Future Home: Learning from the Past, Uncertainty of the Present, Paradigms of the Future, Faculty of Architecture, Skopje;<br><br>- November, 2019. Scientific Committee member on 4th BAB International Conference:<br>“Decoding Balkan: Architecture, Urbanism, Planning”, Faculty of Architecture, Belgrade, Serbia;<br><br>- December, 2017. Scientific Committee member on 3rd BAB International Conference: “Balkan Patterns in Urbanism and Architecture: Challenges”, Faculty of Architecture, Belgrade, Serbia.<br>4x1 | 4 |
| 02. | **Учество во комисии и тела на државни и други органи**<br><br>- Септември 2017 год., Конкурс за изработка на идејно архитектонско решение за објект повеќенаменска спортска сала – Градски парк со капацитет до 3 000 гледачи, претседател: вонр. проф. д-р Михајло Зиноски и членови: Наташа Тодоровска Пренк, д.и.а, Миодраг Радоњиќ, д.и.а., Танкица Христова, д.и.а. и Владимир Петровски, д.и.а. | 1 |
| | **Уредник на зборник на трудови на високообразовна и научна институција**<br><br>- Edited by: Mihajlo Zinoski, PhD, Associate Professor;<br>Author: Mihajlo Zinoski, PhD, Associate Professor.<br>Book title: Architecture of transcription;<br>Faculty of architecture, UKIM, Skopje, N Macedonia,<br>ISBN Printed:978-9989-118-28-9, 2019 | 3 |
| | **Вкупно** | **24,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **127,8** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **126,561** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **26** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **24,5** |
| **Вкупно** | **304,861** |

**Членови на Комисијата**

**Д-р Минас Бакалчев, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Митко Хаџи Пуља, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Мартин Гулески, редовен професор во пензија, член, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Михајло Зиноски.

На Архитектонскиот факултет во Скопје, д-р Михајло Зиноски внесува една оригинална појавност, продуктивна противречност, помеѓу уметничкото чувство на искрено преживување на актот на творење и инсистирањето на рационалната основа на наставно-образовна и научноистражувачка дејност. Тој, од една страна, ги негува фундаменталните принципи на модерната педагогија на Архитектонскиот факултет, а од друга страна, внесува перманентно преиспитување, деконструирање и реинвентирање на контекстот на едукацијата и на воспоставени форми на модерниот проект. На тој начин оцртува едно критично стојалиште на своевидна *скептична модерност*, како вртлог на постојано себепреиспитување и изместување, од вообичаените и очекуваните текови, и со тоа дава еден посебен, личен придонес на педагошкиот проект на Архитектонскиот факултет.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека вонр. проф. д-р Михајло Зиноски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува општите и посебните услови да биде избран во звањето редовен професор во научната области архитектонско проектирање и дизајн – 20100.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Архитектонскиот факултет во Скопје, д-р Михајло Зиноски да биде избран во звањето редовен професор во научната област архитектонско проектирање и дизајн – 20100.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Минас Бакалчев, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Митко Хаџи Пуља, редовен професор, член, с.р.**
**Д-р Мартин Гулески, редовен професор (во пензија), член, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**
**НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ ЗА** изработка на магистерски трудови на Архитектонскиот факултет во Скопје

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Верица Иванова | Обнова на едно градско соседство во Кочани | Reconstruction of a city neighborhood in Kocani | Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |
| 2. | Ивана Мирческа | Студентски дом за Архитектонски факултет во Скопје | Student Dormitory for the Faculty of Architecture in Skopje | Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |
| 3. | Ирина Станковска | Куќа за сите – колективно домување за деца и млади долж насипот на реката Вардар во Скопје | House for all – collective dwelling for children and youth along the embankment of the river Vardar in Skopje | Проф. д-р Минас Бакалчев, ментор | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |
| 4. | Марија Ѓурковиќ | Архитектура на планина: Планинарски дом во пределот на село Битуше, Македонија | Mountain architecture: Mountain lodge in the area of village Bituse, Macedonia | Вонр. проф. д-р Саша Тасиќ, ментор | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |
| 5. | Тамара Павлеска | Куќи и луѓе – Тактики за обнова на селата преку примерот на с. Јаворец, Македонија | Houses and People – Tactics for Village Renewal on the case of village Javorec, Macedonia | Вонр. проф. д-р Саша Тасиќ, ментор | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |
| 6. | Ангела Василевска | Оживување на внатрешен просторен раб преку воведување на средиште | Reviving the urban inner-core by adding a center or focal point. | Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, ментор | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |
| 7. | Моника Танушевска | Оживување, репрограмирање на архитектонски простор – поле преку | Revival, Reprogramming of Architectural Space through unification with natural space, | Проф. д-р Митко Хаџи Пуља, ментор | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | обединување со природен простор, Спортско-рекреативен центар “Сарај”, Скопје | Sports and Recreation Center “Saraj” Skopje | | |
| 8. | Оливера Ѓорѓиевска | Технолошки парк како модел за развивање на нови пристапи во научниот сектор со пренамена на индустрискиот објект во “Прогрес” | Technology Park as a Model for Development of New Approaches in the Science Sector with Conversion of the Industrial Building ”Progres” | Вонр. проф. д-р Александар Радевски, ментор | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |
| 9. | Јована Оносимоска | Зелена оаза на кејот на река Вардар-Парк со ботаничка градина и дополнителни содржини | Green oasis on the quay of the river Vardar – Park with a botanical garden and additional facilities | Вонр. проф. д-р Александар Радевски, ментор | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |
| 10. | Елена Стефаноска | Адаптивна ре-употреба на локацијата и објектите на поранешната фабрика “Керамички комбинат” во Кичево | Adaptive re-use of the location and facilities of the former factory ”Keramicki kombinat” in Kicevo | Вонр. проф. Горан Мицковски, ментор | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |
| 11. | Наташа Ристеска | Центар за креативни индустрии и филмска продукција | Center for creative industries and film production | Вонр. проф. Горан Мицковски, ментор | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |
| 12. | Елена Кузмановска | Театар на опера и балет со Академија за уметности | Opera and Ballet Theatre with University of Arts | Вонр. проф. д-р Михајло Зиноски, ментор | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |
| 13. | Вероника Партинова | Просторно и програмско редефинирање на центарот на Валандово, хотел и ресторан “Анска река” – Иницијален модел | Spatial and Program Redefining of the Center of Valandovo, Hotel and Reastaurant “Anska Reka”- Initial Model | Вонр. проф. д-р Марија Мано Велевска, ментор | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |
| 14. | Јована Јаневска | Зајакнување на градскиот живот: Создавање на нов | Reinforcing the city life: Creating a new social incubator | Вонр. проф. д-р Слободан | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | социјален инкубатор | | Велевски, ментор | |
| 15. | Мартина Целеска | Рехабилитација на дел од градското крајбрежје со просторно (или урбано) ре-обликување на сегментот на хотел “Палас” и неговата околина, Охрид | Rehabilitation on part of the city coastline with spatial (or urban) reshaping on part of the ”Palace” hotel and its surroundings, Ohrid | Вонр. проф. д-р Слободан Велевски, ментор | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |
| 16. | Ана Мицева | Енергетски ефикасен објект – Центар за згрижување на жртви на семејно насилство | Energy Efficient Building – Shelter for Victims of Domestic Violence | Вонр. проф. д-р Страхиња Трпевски, ментор | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |
| 17. | Христијан Матески | Практики за одржливост во хотелската индустрија | Sustainability practices in the hotel industry | Доц. д-р Александар Петровски, ментор | бр. 8-6/111 7.6.2021 година |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ НА ГРАДЕЖЕН ФАКУЛТЕТ Скопје - 505. СЕДНИЦА НА ННС ОД 02.06.2021

| Р. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | Александар Божинов, дипл. град. инж | “Нумеричка анализа на пропагација на поплавен бран при уривање на брана “ | “Numerical Analysis of Flood Wave Propagation Due to Dam Failure“ | проф. д-р Виолета Ѓешовска, Градежен факултет, УКИМ | 07.06.2021 0202/135-119 |
| 2 | Ангела Гулевска, дипл. град. инж. | “Калибрација на пресметковни модели на објекти од ѕидарија со резултати од тестови со амбиентални вибрации“ | “Calibration of masonry structures calculation models with ambient vibration test's results“ | проф. д-р Елена Думова Јованоска, Градежен факултет, УКИМ | 07.06.2021 0202/135-103 |
| 3 | Бојан Б. Крстев, дипл. геод. инж | “Примена на технологија за глобално позиционира ње при геодетска оскултација на насипни брани“ | “Implementation of global positioning technology in geodetic oscultation of embankment dams “ | доц. д-р Митре Насевски, Градежен факултет, УКИМ | 07.06.2021 0202/135-105 |
| 4 | Бојан Д. Крстев, дипл. геод. инж. | “Примена на посредно израмнување со услови меѓу непознатите големини во наменските мрежи“ | “Application of immediate adjustment with conditions between the unknown values in the purpose networks “ | доц. д-р Митре Насевски, Градежен факултет, УКИМ | 07.06.2021 0202/135-107 |
| 5 | Даниела Бојаџиевска, дипл. геод. инж. | “Процесна сервисна политика на катастарските системи при планирање и извршување на кредитни пласмани“ | “Process service policy of cadastre systems in preparation and execution of credit placements “ | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, Градежен факултет, УКИМ | 04.06.2021 0202/135-94 |
| 6 | Ивана Коцевска, дипл. геод. инж. | “Анализа на систематски и случајни грешки во тригонометриски нивелман на кратки страни“ | “Analysis of systematic and random errors in trigonometric leveling of short lengths“ | доц. д-р Митре Насевски, Градежен факултет, УКИМ | 04.06.2021 0202/135-96 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 7 | Кристина Лазаревска, дипл. град.инж. | “Влијание на мек кат на сеизмичка повредливост на армирано-бетонски рамки“ | “Influence of soft story on seismic vulnerability of reinforsed concrete frames“ | проф. д-р Елена Думова Јованоска, Градежен факултет, УКИМ | 04.06.2021 0202/135-93 |
| 8 | Рилинд Селмани, дипл. град. инж. | Споредба на основен проект со изведена состојба на градежните работи за објект со мешовит конструктивен систем“ | “Comparison of principle design with performed construction works for a building with mixed structural system “ | проф. д-р Валентина Панчовска Жилеска, Градежен факултет, УКИМ | 04.06.2021 0202/135-95 |
| 9 | Софија Стојкоска, дипл. геод. инж. | “Значењето и улогата на дизајнот и технолошко-функционалниот карактер на платформата е-кат шалтер во реализација на конкурентна сервисна политика на националниот катастарски систем“ | “The importance and the role of the design and technological-functional character of the platform e-kat counter in realization of a competitive service policy of the national cadastral system“ | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, Градежен факултет, УКИМ | 07.06.2021 0202/135-104 |
| 10 | Теодора Тодороска, дипл. град. инж. | “IN SITU мерења и предлози за подобрување на звучната изолациона моќ на преградни ѕидови“ | “In situ measurements and proposals for improving the sound insulation of partition walls “ | проф. д-р Тодорка Самарџиоска , Градежен факултет, УКИМ | 07.06.2021 0202/135-102 |
| 11 | Фјола Селими, дипл. геод. инж. | “Имплементација на напредни технологии во националниот геодетско-катастарски информационен систем“ | “Implementation of advanced technologies in the national geodetic cadastral information system“ | проф. д-р Ванчо Ѓорѓиев, Градежен факултет, УКИМ | 07.06.2021 0202/135-106 |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ИЗВРШИТЕЛ ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ БИЗНИС-МЕНАЏМЕНТ (50603) НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 173 од Законот за високото образоваие (Службен весник на РС Македонија бр. 82/18) и членовите 33, 34, 35, 36 и 37 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411), а во врска со објавениот конкурс на 9.6.2021 година, во весниците „Нова Македонија” и „Коха”, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 25.6.2021 година, донесе Одлука бр. 02-1197/3, со која е формирана Рецензентска комисија во состав: д-р Сашо Арсов, редовен професор на Економскиот факултет во Скопје, д-р Љупчо Ефтимов, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје и д-р Никола Левков, вонреден професор на Економскиот факултет во Скопје, за избор на еден извршител во соработничко звање – асистент во научната област бизнис-менаџмент.

Како членови на Рецензентската комисија, по опстојното прегледување на севкупната доставена документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден извршител во соработничко звање – асистент во научната област бизнис-менаџмент, во предвидениот рок се пријавија три кандидати: м-р Тамара Кафтанџиева, м-р Тања Камењарска и м-р Тихона Божиновска. Во извештајов, по азбучен ред според презимето на кандидатот ќе бидат претставени клучните податоци за кандидатите со образложение, како и изложено мислење, заклучок и предлог на Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје.

1. **М-р Тихона Божиновска** е родена на 8.4.1990 година. На Економскиот факултет, Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, студирала на департманот менаџмент, во периодот 2008 – 2012 година и дипломирала во јуни 2012 година со просечна оценка 10,00. Во периодот 2012 – 2014 година студирала на втор циклус студии на насоката МБА-менаџмент на Економскиот факултет на УКИМ и се стекнала со звањето магистер на економски науки од областа на МБА-менаџментот, со просечна оценка 10,00. По магистрирањето се запишала на трет циклус студии – докторски студии, на студиската програма Организациски науки и управување (менаџмент). По положувањето на сите испити на трет циклус со просечна оценка 10,00, ја пријавила докторската дисертација на тема „Вклученоста на одборите во стратегиското одлучување“.

За остварените резултати во текот на студиите, кандидатката е наградувана повеќепати, и тоа:

- награда „26 Јули – Франк Манинг“ од Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ за најдобар студент во завршната година на студии на Економскиот факултет;
- пофалница од Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј“ за студент кој дипломирал со највисок среден успех на Економскиот факултет во академската 2011/2012 година.

Своите академски степени на образование, кандидатката во целост ги остварува во насоките кои одговараат на научната област за која е распишан овој конкурс за избор на асистент, и тоа:

- студии на прв циклус: департман менаџмент (сите матични предмети од студиската програма);
- студии на втор циклус: студиска програма МБА-менаџмент;

- студии на трет циклус: студиска програма Организациски науки и управување (менаџмент).

Кандидатката Божиновска достави Уверение за познавање на англискиот јазик на ниво Ц1, издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, при УКИМ. Кандидатката навела дека има и познавање на италијанскиот јазик на ниво Б1. Во поглед на употребата на компјутерските знаења и вештини, кандидатката изјавила дека има напредни познавања од апликациите од Microsoft Office, како и основно познавање на апликциите за графички дизајн.

Покрај академското образование, кандидатката реализирала и обука за Office management, како и учество на 22nd Summer School on Advanced Methods in the Social Sciences, одржана во Лугано, во август 2018 година.

Професионалната кариера на кандидатката м-р Тихона Божиновска започнала со нејзиниот ангажман како демонстратор на Економскиот факултет, УКИМ, Скопје, подоцна работела како управител во трговско претпријатие, како референт во Одделението за финансиска контрола во Халк банка – Скопје (2017 – 2020), а од јануари 2020 година до денес е асистент за финансии во Златара „Рубин“ АД – Скопје.

Кандидатката има и педагошко искуство, најпрво како волонтер, а потоа како демонстратор на Катедрата за менаџмент на Економскиот факултет, во периодот меѓу декември 2014 и јануари 2016 година.

М-р Тихона Божиновска е автор или коавтор на 4 научни трудови:

1. Божиновска Т. (2015), ,,Независноста на одборите на акционерските друштва во Република Македонија – реалност или илузија?“, *Годишник на Економски факултет – Скопје*, Том 50.
2. Debarliev S., Janeska-Iliev A., Bozhinovska T., Ilieva V. (2015), “Antecedents of entrepreneurial intention: Evidence from Republic of Macedonia”, *Business and Economic Horizons,* Vol. 11, Issue 3, pp. 143-161.
3. Bozhinovska T., Cvetanoska M., Denkovski D. (2015), “Company’s innovativeness in transition economies: The case of Macedonia”, in *Economic development and entrepreneurship in transition economies: Assessment of the last 25 years, going beyond the transition, 4th REDETE Conference*, Faculty of Economics in Banja Luka.
4. Bozhinovska T. (2019), ”Boards’ involvement in strategic human resource decisions: towards an integrative model”, *Journal of Human Resource Management*, Vol. XXII, 1/2019, pp.70-78.

На конференцијата MHRO 18 International HR Conference - Transforming the business for the future: building a modern HR Organization, одржана на Економскиот факултет во Скопје, во октомври 2018 година, кандидатката презентирала апстракт на труд, вклучен во Book of abstracts.

М-р Тихона Божиновска има реализирано учество во проект:

1. ,,Корпоративното управување во трговските друштва во Република Македонија“ – научноистражувачка студија, Економски факултет, УКИМ, 2013 година.

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**
**Институција: Економски факултет – Скопје**
**Научна област: бизнис-менаџмент**
**Кандидат: Тихона Божиновска**

| Ред. број | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив - магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: бизнис-менаџмент | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус студии изнесува: 10,00<br>Просечниот успех на втор циклус студии изнесува: 10,00 | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот: 11.6.2021 година | Да |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Сашо Арсов, с.р.**
**Проф. д-р Љупчо Ефтимов, с.р.**
**Проф. д-р Никола Левков, с.р.**

2. **Тања Камењарска** е родена на 24.6.1997 година во Скопје. Прв циклус студии (2015 – 2019) завршила на Економскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на департманот Е-бизнис. Студиите ги завршила во јуни 2019 година со просечна оценка 9,41. Во периодот 2019 – 2021 година студирала на втор циклус студии на насоката менаџмент во осигурување на Економскиот факултет при УКИМ и во април 2021 година се стекнува со звањето магистер по организациони науки и управување (менаџмент) од областа менаџмент во осигурување. Студиите ги завршила со просечна оценка 10,00. Кандидатката во 2020 година се запишала на втори II циклус студии во Загреб, Република Хрватска, од областа на Managerial Informatics, на Faculty of Economics and Business, University of Zagreb. Овие студии се во тек.

Во текот на своите академски степени на образование, кандидатката ги изучувала следниве дисциплини од потесната област на менаџментот:

- на прв циклус студии: основи на менаџмент, финансиски менаџмент, корпоративно управување, деловна етика, организациско однесување, економика на претпријатие;
- на втор циклус студии (Економски факултет, УКИМ): бизнис-етика во осигурувањето, менаџмент во осигурување;
- на втор циклус студии (Факултет за бизнис и економија, Загреб): Management skills, Business strategy.

Кандидатката Камењарска достави Уверение за познавање на англискиот јазик на ниво Ц1, издадено од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, при УКИМ. Кандидатката навела дека има и познавања на словенечки, руски и турски јазик на нивоа А и Б. Во поглед на употребата на компјутерските знаења и вештини, кандидатката изјавила дека има познавања од апликациите од Micrsoft Office; Web development: HTML 5, CSS, JavaScript; Bizagi Modeller 20; Web Design, Pantheon, напредни познавања на STATA и др.

Покрај формалното образование, кандидатката поседува и сертификати и дипломи за учество на курсеви и обуки од Game Theory (Stanford University and University of British Columbia), Project Management Practice (University of Wisconsin – Madison), и Change Management (Advance Learning Academy).

Практично искуство кандидатката Камењарска има како практикант во Цементарница УСЈЕ – Скопје, Супертрејд ДООЕЛ – Скопје и ангажман како демонстратор на катедрата за Е-бизнис на Економскиот факултет, УКИМ, Скопје, почнувајќи од ноември 2019 година до денес.

М-р Тања Камењарска е автор или коавтор на следниве научни трудови:

1) Камењарска, Т. (2018), „Анализа на глобалниот пазар на микроосигурување и можности за негова имплементација во Република Македонија“, труд за конкурсот на Агенцијата за супервизија на осигурување 2018 година, добитник на наградата.
2) Kamenjarska T., I. Ivanovski (2020), “Impact of board characteristics on firm performance: dynamic panel evidence of the insurance industry in the Republic of North Macedonia”, *Conference proceedings: Economic and Business trends Shaping the Future, International Scientific Conference*, Skopje, November 2020.
3) Kamenjarska T., S. Josimovski, L. Pulevska Ivanovska (2020), “Ethical decision-making and game theory applications for cyber security in the insurance markets: A survey”, *Journal of Sustainable Developmen*t, Vol. 10, No.25, pp.30-41.
4) Jovevski, D., Kamenjarska, T. & Naumovska, Lj., (2021), “Strategic Perspectives of the Digital Marketing Transformation as an Enabler of Technological Change in Organizations During the Covid-19 Pandemic” *Book chapter in Ljupka Naumovska (Ed.), COVID-19 – Reshaping Marketing and Communications (pp.12-20).*
5) Dionisijev I., Malchev B., Tocev T., Kamenjarska T. (2020), “A pragmatic approach of the state audit engagements on the operational efficiency of the municipalitites in the Republic of Macedonia”, *Proceedings of the 16$^{th}$ International conference of*

*the Association of Economic Universities of South and Eastern Europe and the Black Sea region (ASECU),* November, 19, 2020.

6) Jovevski, D., Kamenjarska T. (2020), "An overview of the emerging financial technologies and adoption of the concept of open innovation in the financial services", *Годишник на Економскиот факултет – Скопје,* том 55.
7) Gockov Gj., Kamenjarska T. (2021), "Empirical analysis of the factors determining the profitability of insurance companies in the Republic of North Macedonia", *Financial Studies*, Vol. 25, No.1, Journal published by "Victor Slavescu" Centre for Financial and Monetary Research.
8) Eftimov, Lj., Kamenjarska T. (2021), "Determining the effects of the COVID-19 crisis on the human resource management (HRM) in organizations", *Accepted for publishing in Conference Proceedings and presented at the 5th International Scientific Conference on Economics and Management -EMAN 2021.*

За својата научна работа, кандидатката Камењарска е добитник на Годишната награда за 2018 година од страна на Агенцијата за супервизија и осигурување (АСО), за најдобар истражувачки труд од областа на управување со ризици и осигурување.

М-р Тања Камењарска учествувала и на повеќе конференции од областа на осигурувањето и сајбер-безбедноста.

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

**Институција: Економски факултет – Скопје**
**Научна област: бизнис-менаџмент**
**Кандидат: Тања Камењарска**

| Ред. број | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив - магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: бизнис-менаџмент | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус студии изнесува: 9,41<br>Просечниот успех на втор циклус студии изнесува: 10,00 | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик на ниво Ц1 според Европската јазична рамка на Советот на Европа<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, УКИМ<br>4. Датум на издавање на документот: 4.6.2021 година | Да |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Сашо Арсов, с.р.**
**Проф. д-р Љупчо Ефтимов, с.р.**
**Проф. д-р Никола Левков, с.р.**

3. **Тамара Кафтанџиева** е родена на 21.5.1993 година во Скопје. На Економскиот факултет при УКИМ во Скопје студирала во периодот 2011 – 2015 година, на департманот финансиски менаџмент. Студиите ги завршила во јуни 2015 година, со просечен успех 9,81. На втор циклус студии од областа на МБА-менаџмент студирала во периодот 2016 – 2018 година и магистрирала на тема „Ефектите од половата рановидност во корпоративното управување врз финансиските и развојните перформанси“, со просечна оценка 10,00. Кандидатката Кафтанџиева во учебната 2019/2020 година се запишала на докторски студии од областа на организациските науки и управување (менаџмент).

Во текот на своите додипломски студии, кандидатката Кафтанџиева е добитник на повеќе награди и признанија:

- стипендија за десетмина најдобро рангирани студенти на прв циклус студии, УКИМ (2011/2012);
- студентска стипендија за додипломски студии од Министерството за образование и наука (2012/2013);
- Награда за извонредни остварувања во образовниот процес и остварен успех од 10,00 во учебната 2013/2014 година, Економски факултет – Скопје, УКИМ;
- Признание за постигнат исклучителен успех во текот на студиите Magna Cum Laude, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“во Скопје, Економски факултет во 2015 година.

Во текот на сопствените академски степени на образование, кандидатката ги изучувала следниве дисциплини од потесната област на менаџментот:

- на прв циклус студии студии: економика на претпријатие, финансиски менаџмент, корпоративно управување, менаџмент на мал бизнис, организациско однесување, основи на менаџмент, управување со ризик, меѓународен финансиски менаџмент;
- на втор циклус студии: МБА-менаџмент (студиска програма);
- студии на трет циклус: студиска програма Организациски науки и управување (менаџмент).

Кандидатката Кафтанџиева доставила сертификат за познавање на англискиот јазик на ниво Ц1, издаден од Универзитетот од Кембриџ, Cambridge ESOL Level 2 Certificate in ESOL International. Покрај англискиот, кандидатката навела дека ги говори и германскиот и српскиот јазик. Во поглед на употребата на компјутерските знаења и вештини, кандидатката изјавила дека се служи со Word, Excel, Power Point, Outlook, E Views, SPSS итн.

Покрај академското образование, м-р Тамара Кафтанџиева посетувала и бројни стручни обуки и усовршувања од разни области (спортски менаџмент и администрација, улогата на професионалните сертификати, претприемаштво и мал бизнис, пазари на капитал, банкарство, реосигурување, обработка на податоци и сл.).

На професионален план, кандидатката Кафтанџиева работела како банкарски комерцијалист во НЛБ Банка – Скопје (2015-2016) и како соработник за реосигурување во Осигурување Македонија АД Скопје – Vienna Insurance Group, од 2016 година до денес.

М-р Тамара Кафтанџиева е автор или коавтор на следниве научни трудови:

1) Drakulevski, Lj., Kaftandzieva, T. (2021), “Risk Assessment Providing Solid Grounds For Strategic Management In The Insurance Industry”, *European Scientific Journal, ESJ,* 17 (15), 38.
2) Kaftandzieva, T., Nakov, L. (2021), “Glass Ceiling Factors Hindering Women’s Advancement in Management Hierarchy”, *Journal of Economics, Management and Trade* 27 (2), 16-29.

3) Simeonovski, K., Kaftandzieva, T. and Brock, G (2021), “Energy Efficiency Management across EU Countries: A DEA Approach”, *Energies* 14(9), 2619, Impact Factor: 2.702
4) Kaftandzieva, T., Nakov L. (2021), “Sustainable leadership of change for effective organizational change management”, *Knowledge*, 45(1), pp.61-67
5) Kaftandzieva, T., Cvetkoska, V. (2020), “How young population makes personal finance decisions? Evidence from North Macedonia”, *Proceedings of the International Symposium on Analytic Hierarchy Process, the 16th ISAHP conference*.
6) Кафтанџиева, Т., Цветкоска, В. (2021), Одлучувањето на младата популација во доменот на личните финансии: повеќекритериумски пристап, прифатен за објавување во научно-популарни трудови од Петтиот семинар ,,Математика и примени“, *Математички омнибус* 9
7) Gligorova, M., Kaftandzieva T. (2021), “Gender (in) equality in the High Decision-Making Bodies in the Field of Sport”, in the *Proceedings of the Center for Scientific Exchange and Education, Second Virtual Conference of the Center for Scientific Exchane and Education* (in press).

Кандидатката Кафтанџиева во моментов е ангажирана како стручен соработник во проектот:

1. ,,Жени и спорт – промоција на олимписките вредности преку женското борење 2021-2028“ – проект поддржан од Олимпискиот комитет на Северна Македонија (потврда издадена од Полициски боречки клуб „Безбедност“ – Скопје).

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ**

**Институција: Економски факултет – Скопје**
**Научна област: бизнис-менаџмент**
**Кандидат: Тамара Кафтанџиева**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | Да |
| 2 | Стекнат назив - магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: бизнис-менаџмент | Да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус студии изнесува: 9,81<br>Просечниот успех на втор циклус студии изнесува: 10,00 | Да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Cambridge ESOL Level 2 Certificate in ESOL International.<br>3. Издавач на документот: University of Cambridge, Универзитет од Кембриџ, ESOL Examinations<br>4. Датум на издавање на документот 23.5.2011 година | Да |

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Сашо Арсов, с.р.**
**Проф. д-р Љупчо Ефтимов, с.р.**
**Проф. д-р Никола Левков, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на формално-правните аспекти на постапката за избор на еден извршител во соработничко звање – асистент во научната област бизнис-менаџмент, како и сообразно со целокупната доставена документација и спроведените интервјуа со пријавените кандидати на јавнообјавениот конкурс, Рецензентската комисија оценува дека сите пријавени кандидати ги исполнуваат општите услови предвидени со Законот за високото образование (член 173), како и посебните услови содржани во Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (членови 33, 34, 35, 36 и 37) општите и посебните услови за избор. Рецензентската комисија заклучи дека сите три пријавени кандидати со својот досегашен академски и професионален ангажман покажале високо ниво на квалитет, посветеност и успех во работата.

Рецензентската комисија својата конечна одлука за избор ја донесе врз основа на интегралната анализа на доставените документи и спроведените интервјуа. Таа е одраз на севкупните согледувања на академските, стручните, научните и педагошките остварувања на кандидатите.

Рецензентската комисија оцени дека кандидатката м-р Тихона Божиновска остварила највисок интегрален степен на исполнетост на очекувањата за избор на асистент во научната област бизнис-менаџмент. Тоа се согледува преку достигнувањата во нејзиното академско образование, научноистражувачката и апликативната ангажираност.

Нејзиното континуирано академско образование е тесно насочено во областа на менаџментот, почнувајќи од првиот циклус студии на департманот менаџмент, преку вториот циклус студии на насоката МБА-менаџмент, како и третиот циклус студии на насоката организациски науки и управување (менаџмент), на кои тековно е запишана. Во текот на студиите, Тихона Божиновска остварила максимално висок просечен успех на положените испити со оценка 10,00 на сите нивоа, за што е добитник на највисоки награди од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, особено наградата „26 Јули – Франк Манинг“.

Значаен момент е нејзината посветеност во градењето академска кариера преку совесно и исполнително реализирање на педагошки и други обврски поврзани со наставата на повеќе предмети, најпрво како волонтер, а потоа и како демонстратор на департманот по менаџмент. Научноистражувачкиот придонес го демонстрира преку своите објавени трудови во домашни и меѓународни научни публикации и учеството на научни меѓународни конференции. Кандидатката Божиновска има и искуство во проектно-апликативната активност преку учество во проект кој го истражува корпоративното управување на македонските трговски друштва. Исто така, нејзиното петгодишно работно искуство во реалниот сектор овозможува дополнителен придонес кон поврзаноста на академската работа и бизнис-практиката.

Во сообразност со претходно изнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ, **м-р Тихона Божиновска** да биде избрана за извршител во соработничко звање – асистент во научната област бизнис-менаџмент.

Скопје, 28.6.2021 год.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Сашо Арсов, с.р.**
**Проф. д-р Љупчо Ефтимов, с.р.**
**Проф. д-р Никола Левков, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА ИЗВРШИТЕЛ – АСИСТЕНТ ВО НАУЧНАТА ОБЛАСТ СМЕТКОВОДСТВО НА ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 173 од Законот за високото образование и членовите 33, 34, 35 и 36 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, а во врска со објавениот конкурс на 9.6.2021 година во весниците „Нова Македонија” и „Коха”, Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, на седницата одржана на 25.6.2021 година, донесе Одлука бр. 02-1197/5 од 25.6.2021 година, со која е формирана Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Зорица Божиновска Лазаревска, редовен професор, Економски факултет – Скопје, проф. д-р Зоран Миновски, редовен професор, Економски факултет – Скопје и проф. д-р Марина Трпеска, вонреден професор, Економски факултет – Скопје, за избор на извршител – асистент во научната област сметководство.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на еден извршител – асистент во научната област сметководство, во предвидениот рок се пријавија 2 (двајца) кандидати. Во извештајот ќе бидат изнесени позначајните биографски податоци за кандидатите, нивното образование, наставно-научни и стручни квалификации според азбучен редослед на нивното презиме, со образложение, мислење и предлог на Комисијата до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје.

## Биографски податоци и образование и наставно-научни и стручни квалификации

Кандидатот м-р Бојан Малчев е роден на 9.11.1994 година. Во 2013 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на департманот сметководство и ревизија, а дипломирал во септември 2017 година со просечна оценка 9,61. Во јануари 2018 година се запишал на втор циклус студии на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на студиската програма Сметководство и ревизија и има магистрирано во март 2021 година со просечен успех 10. Магистерскиот труд кој успешно го има одбрането е на тема: „Перцепцијата на домашната ревизорска професија на новиот Меѓународен кодекс на етика на МФС”.

Од приложената биографија може да се види дека во текот на студиите бил практикант во Комерцијална банка АД – Скопје во периодот 2014 – 2016. Непосредно по завршувањето на студиите, м-р Бојан Малчев е ангажиран како демонстратор на Катедрата за сметководство и ревизија во рамките на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Во рамките на овој ангажман, кандидатот е ангажиран за одржување вежби по предметот Основи на сметководство, консултации со студенти, спроведување на дежурства за време на испитите и колоквиумите, има учествувано во промоција на Факултетот за запишување на нови студенти, како и извршување на административни работи за потребите на Факултетот и Катедрата. Дополнително на овој ангажман, кандидатот м-р Бојан Малчев има и други работни ангажмани поврзани со сметководството, како што е учество во стручно читање на преводот на материјалот по предметот Управувачко сметководство во издание на CIPFA и превод на испитни комбинации кои се користат за сертифицирање на овластени сметководители во јавен сектор. Исто така, кандидатот бил и набљудувач во

спроведувањето на испитите кои ги организира и спроведува Институтот на овластени ревизори за стекнување на звање – овластен ревизор.

Кандидатот м-р Бојан Малчев, како коавтор или автор, ги има напишано и следниве трудови:

- два труда во зборник на трудови од меѓународни конференции, и тоа:
    - “A Pragmatic Approach of the State Audit Engagements through an Analysis of the Audited Municipalities’ Revenues and Expenditures in the Republic of North Macedonia” презентиран на 16th International Conference of the Association of Economic Universities of South and Eastern Europe and the Black Sea Region (ASECU), во организација на Novosibirsk State University of Economics and Management и ASECU, одржана на 19.11.2020 година онлајн, а трудот е објавен во нивниот зборник на трудови, стр. 120-126, во 2021 година. Трудот е напишан во коавторство;
    - “New Paradigm in Accounting Information Systems – the Role of the Latest Information Technologies Trends”, презентиран на 1st International Scientific Conference “Economic and Business Trends Shaping the Future”, во организација на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, одржана на 12-13.11.2020 година онлајн, а трудот е објавен во зборникот на трудови, стр. 44-59, во 2020 година. Трудот е напишан во коавторство.
- Два труда во годишници на факултети:
    - “The Supreme Audit Institution in the Role of Improving the Operation of the Ministry of Defense”, објавен во Меѓународен годишник на Факултетот за безбедност – Скопје, стр. 19-26, 2020 година. Трудот е напишан во коавторство;
    - „Сфери на примена на блокчејн технологија во сметководствената и ревизорската професија”, објавен во Годишник на Економски факултет – Скопје, том 55, стр. 123-138, 2020 година.
- Еден труд презентиран на конференција, поднесен за објавување во списание:
    - “Banks’ Corporate Social Responsibility Disclosure and their Role in the Betterment of Society in the Republic of North Macedonia”, презентиран на International Scientific Conference “Sustainable Finance, Insurance and Reporting: Principles, Practices and Challenges”, во организација на Економскиот факултет при Универзитетот во Ниш, одржана на 24.5.2021 година онлајн. Трудот е напишан во коавторство.
- Еден труд прифатен за објавување во меѓународно списание:
    - “New Challenges of the IFAC International Code of Ethics: The Case of the Republic of North Macedonia”, прифатен за објавување во ZTR – Theoretical Journal of Accounting, том 45, бр. 2, стр. 1-16.

Кандидатот има учествувано и на домашни и меѓународни конференции и настани, и тоа:

- International Scientific Conference “Sustainable Finance, Insurance and Reporting: Principles, Practices and Challenges” во организација на Економски факултет при Универзитетот во Ниш, одржана на 24.5.2021 година онлајн;
- 16th International Conference of the Association of Economic Universities of South and Eastern Europe and the Black Sea Region (ASECU), во организација на Novosibirsk State University of Economics and Management и ASECU, одржана на 19.11.2020 година онлајн;
- 1st International Scientific Conference “Economic and Business Trends Shaping the Future”, во организација на Економски факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, одржана на 12-13.11.2020 година онлајн;
- КПУ-настан на тема: „Предизвици и перспективи на ревизорската професија”, во организација на Институт на овластени ревизори на Република Македонија, на 20 и 21 октомври 2020 година;

- Конференција за актуелните предизвици за сметководството и професионално усовршување во услови на пандемија, во организација на Економски факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Институтот на сметководители и овластени сметководители, одржана во периодот од 12 до 15 јуни 2020 година онлајн;
- Конференција на тема „Ревизорската професија соочена со пандемијата со Ковид-19 – предизвици и можни решенија”, во организација на Економски факултет – Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје и Институтот на овластени ревизори на Република Македонија, на 21 мај 2020 година онлајн;
- 14$^{th}$ Annual PICARD Conference, во организација на Светската царинска организација од 22 до 24 октомври 2019 година;
- Прва олимпијада по сметководство одржана во септември 2019 година во Пехчево, Република Северна Македонија, за што има добиено и сертификат за учество и сертификат за освоено второ место;
- учество на шест настани за кои има добиено сертификати од Институтот на внатрешни ревизори на Република Македонија.

Кандидатот м-р Бојан Малчев има добиено и Признание за постигнат исклучителен успех во текот на студиите Magna Cum Laude и Награда за извонредни остварувања во образовниот процес и остварен успех од 10,00 во академската година 2015/2016, издадени од Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Исто така, кандидатот е добитник и на стипендии за остварен висок просек од Општина Македонска Каменица во периодот 2010 – 2013 и Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија во периодот 2014 – 2017 година.

Кандидатот има доставено Уверение за познавање на англиски јазик на ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), Филолошки факултет „Блаже Конески” при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Во неговата биографија има наведено дека има познавање и на францускиот јазик на ниво Б1.

Кандидатот м-р Тодор Тоцев е роден на 4.10.1996 година. Во 2015 година се запишал на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на департманот сметководство и ревизија, а дипломирал во септември 2019 година со просечна оценка од 9,41. Во октомври 2019 година се запишал на втор циклус студии на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на студиската програма Сметководство и ревизија и има магистрирано на 7 јуни 2021 година со просечен успех 10.

Од приложената биографија може да се види дека во текот на студиите бил практикант од обласа на сметководство и ревизија во Виспак – Пела во периодот 1.10.2018 – 31.12.2018 и во друштво за ревизија БДО Македонија во периодот 1.8.2019 – 10.9.2019 година. Непосредно по завршувањето на студиите, м-р Тодор Тоцев е ангажиран како демонстратор на Катедрата за сметководство и ревизија во рамките на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Во рамките на овој ангажман, кандидатот е ангажиран за одржување вежби по предметот Основи на сметководство, консултации со студенти, спроведување на дежурства за време на испитите и колоквиумите, има учествувано во промоција на Факултетот за запишување на нови студенти и има значаен придонес за Катедрата околу помош и администрирање на работни задачи поврзани со аплицирање на меѓународен проект во рамките на Еразмус+ програмата, акредитација на втор циклус студии по сметководство и ревизија и други административни работни задачи за потребите на Факултетот и Катедрата. Дополнително на овој ангажман, кандидатот м-р Тодор Тоцев има и други работни ангажмани поврзани со сметководството, како што е учество во стручно читање на преводот на материјалот по предметот Управувачко сметководство во издание на CIPFA и превод на тестови и вежби и други материјали кои се користат за сертифицирање на овластени сметководители во јавен сектор. Исто така, кандидатот бил и набљудувач во спроведувањето на испитите кои ги организира и спроведува Институтот на овластени ревизори за стекнување на звање овластен ревизор. Во

периодот 15.6.2020 – 15.2.2021 година, кандидатот бил истражувач и аналитичар на податоци во ABWUN, LLC (UNITY) од Тексас, САД, каде што бил ангажиран на проект за прибирање и анализа на податоци поврзани со студиски програми и проект за прибирање, прочистување, манипулација и анализа на финансиски показатели и трендови за движење на акциите на друштвата кои котираат на Њујоршка берза.

Кандидатот м-р Тодор Тоцев, како коавтор или автор, ги има напишано и следниве трудови:

- Еден труд објавен во списание индексирано во EBSCO:
  - “Audit Committies in Banks and their Responsibilities to Internal Audit Function” објавен во Journal of Public Administration, Finance and Law, издание 19/2021, стр. 121-132, 2021 година. Трудот е напишан во коавторство.
- Два труда во зборник на трудови од меѓународни конференции, и тоа:
  - “A Pragmatic Approach of the State Audit Engagements through an Analysis of the Audited Municipalities’ Revenues and Expenditures in the Republic of North Macedonia”, презентиран на 16$^{th}$ International Conference of the Association of Economic Universities of South and Eastern Europe and the Black Sea Region (ASECU), во организација на Novosibirsk State University of Economics and Management и ASECU, одржана на 19.11.2020 година онлајн, а трудот е објавен во нивниот зборник на трудови, стр. 120-126, во 2021 година. Трудот е напишан во коавторство;
  - “New Paradigm in Accounting Information Systems – the Role of the Latest Information Technologies Trends”, презентиран на 1$^{st}$ International Scientific Conference “Economic and Business Trends Shaping the Future”, во организација на Економскиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, одржана на 12-13.11.2020 година онлајн, а трудот е објавен во зборникот на трудови, стр. 44-59, во 2020 година. Трудот е напишан во коавторство.
- Два труда во годишници на факултети:
  - “The Supreme Audit Institution in the Role of Improving the Operation of the Ministry of Defense”, објавен во Меѓународен годишник на Факултетот за безбедност – Скопје, стр. 19-26, 2020 година. Трудот е напишан во коавторство;
  - „Можности за развој и усовршување на сметководствените услуги со помош на технологијата за компјутерска обработка во облак”, објавен во Годишник на Економски факултет – Скопје, том 55, стр. 29-42, 2020 година. Трудот е напишан во коавторство.
- Еден труд презентиран на конференција, поднесен за објавување во списание:
Кандидатката активно се служи со англискиот јазик (потврда од Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје, од 2012 г.).

Кандидатката земала активно учество на повеќе домашни и меѓународни конгреси, работилници, семинари и школи.

Во 2011 год. завршила обука за администрирање на супституциона терапија кај лица кои користат опиоидни дроги, организирана од Светската здравствена организација, а во 2012 год., Летна школа за зависности и дроги – политика за дроги, третман базиран на докази, намалување на штети, психосоцијална поддршка и концепт за човекови права кај корисници на дроги организирана од ХОПС - Опции за здрав живот.

Во 2014 год. учествувала на ECNP – семинар по невропсихофармакологија, организиран од Европскиот колеџ по невропсихофармакологија, одржан во Берово, Република Македонија, и била една од трите наградени учесници од ECNP.

Во мај 2015 год. земала учество во Интернационалната тренинг-програма за обука „Промоција на здравјето, квалитет на живот и добросостојба“, во организација на Интернационалниот институт за стареење, Обединети нации (INIA).

Учествувала на Weill Cornel-семинар за психијатрија во Салцбург двапати, тема: „Психијатријата низ животните циклуси“, јуни 2016 год., и тема „Психофармакологија“, март 2018 год.

Во октомври 2018 год. земала учество на напреден курс за развој на лидерство и професионални вештини кај млади психијатри, во Атина, Грција, во организација на Young Psychiatrist and Mental Health Professionals Network.

Во ноември 2018 година била дел од ECNP-работилница за методи за клиничко истражување, организирана од Европскиот колеџ по невропсихофармакологија, во Барселона, Шпанија.

2. Научноистражувачка дејност

Д-р Десанка Ѓорѓевиќ Анастасовски има објавено 3 научни труда од областа на психијатријата, објавени во зборник од научни собири, и 2 постера презентирани на научни собири.

1. M. Chakar Markuleska, **D. Gjorgjevik.** Depresion in adults with diabetes in Macedonia. Eur Neuropsychopharmacol 2014;24(Supp 2): S407.

2. **D.Gjorgjevik**, V.Videnova, M.Chakar-Markuleska. The impact of hospitalization on the appearance of anxiety in patients with psychotic disorder in Republic of Macedonia. Eur Neuropsychopharmacol 2016;26:S572.
3. V.Videnova, N.Manuseva, **D.Gjorgjevikj**, V.Isjanovski. Screening for depression in medical students and sports academy students. Eur Neuropsychopharmacol. 2016;26:S389.
4. **Desanka Gjorgjevik-Anastasovski**, Milka Boskovska. Psychiatric powerless or diagnostic dilemma. Dementia: Psychiatric and neurological challenges and perspectives”. Book of abstracts 2019,p. 47.
5. Milka Boskovska, Milorad Jeremic, Sevime Pasholi-Salahi, **Desanka Gjorgjevikj-Anastasovski.** Psychoorganic syndrome after SAH. Dementia: Psychiatric and neurological challenges and perspectives. Book of abstracts 2019,p. 62-63.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Десанка Момчило Ѓорѓевиќ-Анастасовски
**Институција:** ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје
**Научна област:** психијатрија и медицинска психологија

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,0 | Да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: уверение<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 17.5.2012 година | Не |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Ралева, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Боневски, с.р.**
**Проф. д-р Ненси Манушева, с.р.**

**Асистент докторанд д-р Александар Ристески**

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Александар Ристески е роден на 5.11.1983 година, во Скопје. Средно образование завршил во ДСУ „Орце Николов“ во Скопје. Со високо образование се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје, во 2008 година, со просечен успех 8,85. Во 2009 година ја започнал специјализацијата по психијатрија која ја завршил во ноември 2013 година.

Во учебната 2015/2016 година се запишал на трет циклус (докторски) студии на Медицинскиот факултет во Скопје, во областа клиничка медицина.

Во 2016 година е избран во звањето асистент во областа психијатрија и медицинска психологија.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик (Cambridge English Level 1 Sertificate in ESOL International Level B2)

Стручно усовршување во странство остварил со студиски престој во јуни 2015, во Ростов, Русија, а во текот на април 2016 година во Загреб, Р Хрватска, во областа неурофидбек метода во третман на психијатриски состојби.

## 2. Наставно-образовна дејност

Ас. д-р Александар Ристески, како асистент на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија, одржувал вежби на студенти од општа медицина по предметот Медицинска психологија и социологија во периодот 2015 – 2021 година; вежби по предметот Психијатрија, за студенти по општа медицина, за периодот 2015 – 2021 година; вежби по предметот Клиничко испитување, за студенти по општа медицина, во периодот 2015 – 2021 година; вежби по предметот Психијатрија на стоматолози, во периодот 2015 – 2021 година.

Ас. д-р Александар Ристески е едукатор по Психијатрија за специјализанти во периодот 2020 – 2021 година.

## 3. Научноистражувачка дејност

Учесник е во 2 меѓународни проекта на European Union's Horizon 2020 research and innovation programme, во соработка со ЈЗУ УК за психијатрија, Скопје: RECOVER-e (LaRge-scalE implementation of COmmunity based mental health care for people with seVere and Enduring mental ill health in EuRopE, grant agreement No 779362) - 2018 и на проектот: IMPULSE (Implementation of an effective and cost-effective intervention for patients with psychotic disorders in low and middle-income countries in South Eastern Europe) – 2018 година.

Ас. д-р Александар Ристески има објавено еден труд со оригинални научни резултати, објавен во референтно научно списание со меѓународен уредувачки одбор, два научни труда од областа на психијатријата објавени во зборник од научни собири и еден постер презентиран на научен собир, и тоа:

Aleksovski B, Novotni A, Vujović V, Rendevski V, Manusheva N, Neceva V, Filipce A, Risteski A, Aleksovski V, Gjorgoski I. Evaluation of peripheral serotonin content and α 2-adrenergic receptor function as potential markers for life-long recurrent depressive disorder by using methodological improvements Int J Psychiatry Clin Pract 2018 Sep;22(3):215-224. doi: 10.1080/13651501.2017.1411516.

Risteski A.: Simptomi PTSR koji su rezistentni na tretman, IV Kongresu psihijatara Bosne i Hercegovine sa međunarodnim učešćem Banja Luka, 16.-19. novembra 2017

Slavica Arsova, Vesna Pejoska Gerazova, Kadri Haxhihamza, Nensi Manusheva, Aleksandra Cibisheva, Stojan Bajraktarov, Viktorija Vujovik, Aleksandar Risteski: Individuals in psychotic state with aggressive behavior (case report). Forensic Psychiatry and Prison Psychiatry between Medicine and Law, Ohrid, Macedonia October 13-15 ,2016

Aleksandar Risteski, Petre Risteski: Treatment resistant symptoms of PTSD, International scientific and practical conference „Multidisciplinary aspects of personalized approach to mental health problems“ Moscow, Russia September 27-28, 2019

## 4. Стручно-апликативна дејност

Ас. д-р Александар Ристески учествувал во превод и стручна рецензија на „Сеопфатен учебник по психијатрија“ од авторите Каплан и Садок (том 1 и том 2).

Учествувал во водење работилници за едукација на матични доктори, во организација на Министерството за здравство во периодот 2015 – 2016 г.

# О Б Р А З Е Ц 1
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Александар Петре Ристески
**Институција:** ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје
**Научна област:** психијатрија и медицинска психологија

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,85 | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик, Level B2<br>2. Назив на документот: CET<br>3. Издавач на документот: University of Cambridge<br>4. Датум на издавање на документот: July 2015 | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Ралева, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Боневски, с.р.**
**Проф. д-р Ненси Манушева, с.р.**

**Д-р Властела Парталоска Даневски**

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Властела Парталоска Даневски е родена на 5.10.1988 г., во Струга. Средно образование завршила во гимназијата „Никола Карев” во Скопје. Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Дипломирал/а на Медицинскиот факултет со просечен успех 8,05.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во странство во Шкотска, Велика Британија, во 2020 година.

2. Научноистражувачка дејност

Д-р Властела Парталоска Даневски е учесник во еден меѓународен проект на European Union’s Horizon 2020 research and innovation programme – RISE.

Д-р Властела Парталоска Даневски има објавено еден труд во зборник на апстракти.

Markoska Simoska S, Partaloska V, Boshinovski G, Plaseska D. GIRL WITH 22q11.2 DELETION SYNDROME MANIFESTING PSYCHOTIC SYMPTOMS: CASE REPORT, 2017 researchgate.net

## О Б Р А З Е Ц 1
### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Властела Парталоска Даневски
**Институција:** ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје
**Научна област:** психијатрија и медицинска психологија

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,05 | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик: Уверение за познавање на англиски јазик според заедничката европска референтна рамка за јазиците на Советот на Европа издадено Момент Мал, ниво Ц1, 2019 г. | НЕ |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Ралева, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Боневски, с.р.**
**Проф. д-р Ненси Манушева, с.р.**

**Д-р Бојана Ѓорговска**

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Бојана Ѓорговска е родена на 21.10.1990 год., во Скопје. Средно образование завршила во СУГС Гимназија „Јосип Броз-Тито“. Со високо образование се стекнала на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирала на Медицинскиот факултет на 2.7.2015, со просечен успех 8,76.

Кандидатката активно се служи со англискиот јазик.

2. Научноистражувачка дејност

Д-р Бојана Ѓорговска е учесник во меѓународниот проект на European Union's Horizon 2020 research and inovation programme, во соработка со ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија, Скопје: RECOVER-e (Large scale implementation of Community based mental health care for people with severe and enduring mental ill health in Europe, grant agreement No 779362) – 2018.

Д-р Бојана Ѓорговска има објавено еден научен труд од областа на психијатријата, објавен во зборник од научен собир.

## ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Бојана Тодор Ѓорговска
**Институција:** ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје
**Научна област:** психијатрија и медицинска психологија

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,76 | Да |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: уверение<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески” – Скопје, ниво Ц2<br>4. Датум на издавање на документот: 16.3.2021 | Не |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Ралева, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Боневски, с.р.**
**Проф. д-р Ненси Манушева, с.р.**

**Д-р Александар Пакетчиев**

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Александар Пакетчиев е роден на 26.12.1987, во Скопје. Средно образование завршил во ДСУГ „Никола Карев”. Со високо образование се стекнал на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”во Скопје. Дипломирал на Медицинскиот факултет во Скопје, на 30.5.2014 година, со просечен успех 8,16.

Кандидатот активно се служи со англискиот и германскиот јазик.

2. Научноистражувачка дејност

Д-р Александар Пакетчиев е вклучен во еден меѓународен научноистражувачки проект на European Union’s Horizon 2020 research and inovation programme, во соработка со ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија, Скопје: RECOVER-e (Large scale implementation of Community based mental health care for people with severe and enduring mental ill health in Europe, grant agreement No 779362) – 2018 и во еден национален научноистражувачки проект на Катедрата за психијатрија и медицинска психологија, Медицински факултет – Скопје: „Метаболни нарушувања при примена на втора генерација на антипсихотици и влијанието на полот и начинот на исхрана” – 2018.

Д-р Александар Пакетчиев има објавено еден научен труд од областа на психијатријата, објавен во зборник од научен собир.

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Александар Зоран Пакетчиев
**Институција:** ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија – Скопје
**Научна област:** психијатрија и медицинска психологија

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено интегрирани прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити, со остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум)<br>Просечниот успех изнесува: 8,16 | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: германски<br>2. Назив на документот: Goethe Zertifikat C1<br>3. Издавач на документот: Гете-институт<br>4. Датум на издавање на документот: 20.6.2016 | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Ралева, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Боневски, с.р.**
**Проф. д-р Ненси Манушева, с.р.**

**Д-р Анета Стојмановска Ристеска**

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Анета Стојмановска Ристеска е родена на 12.9.1983 год., во Скопје. Средно образование завршила во ДСМУ „Д-р Панче Караѓозов“ во Скопје, отсек: медицински сестри, со одличен успех. Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје, на 5.1.2009 год., со просечен успех 8,15. Специјалистички испит по психијатрија положила во октомври 2014 год. Вработена е во ЈЗУ ПБ „Скопје“ – Скопје од 2015 год.

Кандидатката активно се служи со англискиот и италијанскиот јазик.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во странство до 3 месеци: Клиника за психијатрија, КБЦ Загреб, Р Хрватска (1.12.2013 – 31.1.2014).

1. Научноистражувачка дејност

Д-р Анета Стојмановска Ристеска учествувала во работата на V македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, 22 – 26 мај 2013, Охрид, РМ, со постерска презентација.

2. Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес

Д-р Анета Стојмановска Ристеска завршила обука за работа во КЛА, сертификат издаден од Здружение на лекувани алкохоличари на РМ (2010 г.); обука од СЗО - „Супституциона терапија во третман на опиоидната зависност“ (2011 г.).

Д-р Анета Стојмановска Ристеска била член на Одборот за млади психијатри на V македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, 22 – 26 мај 2013, Охрид.

Во склоп на програмата за континуирана медицинска едукација под покровителство на Министерството за здравство – завршила обука „Теорија и примена на методите за биофидбек и неурофидбек“, организирана од Хрватското здружение за психофизиологија, Загреб, Р Хрватска (март 2017).

## О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Анета Тома Стојмановска Ристеска
**Институција:** ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“, Скопје
**Научна област:** психијатрија и медицинска психологија

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 8,15 | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Aptis<br>3. Издавач на документот: British Council, ниво B2<br>4. Датум на издавање на документот: 24.3.2021 | НЕ |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Ралева, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Боневски, с.р.**
**Проф. д-р Ненси Манушева, с.р.**

**Д-р Марија Костадиновска**

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Марија Костадиновска е родена на 14.7.1976, во Скопје. Средно образование завршила во МУЦ „Д-р „Панче Караѓозов“, отсек: медицински сестри/техничари. Со високо образование се стекнала на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Дипломирала на Медицинскиот факултет во Скопје, во 2004 година, со просечен успех 7,44.

Завршила специјализација во областа на психијатријата во јуни 2012 година.

Стручно усовршување во странство остварила со студиски престој во странство до 3 месеци: „UNODS-WHO Principles of drug dependence treatment,Training of trainers”, 11 – 24 November 2012, Zlatibor.

Во учебната 2015/2016 се запишала на втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, на Правниот факултет „Јустинијан Први“ – Факултет во Стразбур – двојна диплома. Студиите ги завршила во 2018 година, со просечен успех 9,2, насока: право на интелектуална сопственост.

На 20.11.2018 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Способноста за расудување и процесот на расудување на лицата со душевни растројства и нивното влијание на можноста тие да се сметаат како автори“.

## 2. Наставно-образовна дејност

Д-р Марија Костадиновска е едукатор на здравствена едукација на лекари на специјализација по психијатрија во областа на судската психијатрија.

## 3. Научноистражувачка дејност

Д-р Марија Костадиновска учествувала во 2 меѓународни научноистражувачки проекта, и тоа во: Tempus project 144582, Institutional building regional joint degree master of intellectual property law, coordinated by the SS. Cyril and Methodius University, Iustinianus Primus Faculty of Law in Skopje, dissemination activities, 2018; European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, IPA 4 projects, cooperation with EMCDDA, Coordination and National Reporting for drugs and drug issue, 2012.

Кандидатката учествувала во национален научен проект: „Елиминација на мачењето и нечовечкото постапување во затворите и установите за лишување од слобода“, финансиски поддржан од Европската Унија, а спроведуван од Хелсиншкиот комитет за човекови права, 2020 година (во тек).

Д-р Марија Костадинова има објавено 6 научни труда од областа на психијатријата, објавени во зборници од научни собири:

1. Kostadinovska M., Cabukovska E., Prodromal Symptoms in Alzheimer`s Disease Early Onset, WPA Thematic Congress of Dementia, 15- 18 May 2019, Ohrid, Macedonia.
2. Костадиновска М., Симоновска – Петровска С., Професионалниот успех како причина за одложено лекување на долгогодишна психоза, Шести македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, 31.10 – 3.11.2018, Охрид, Македонија.
3. Костадиновска М., Суботин Поповска О., Киркова Н., Владимирова М., Социјално прилагодување на пациентите вклучени во супституци, Петти македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, 22 – 26 мај 2013, Охрид, Македонија.
4. Суботин Поповска О., Киркова Н., Владимирова М., Костадиновска М., Ристеска Ордевска А., Тренчевска И., Злоупотреба на бензодијазепини и алкохол кај лицата вклучени во метадонски програм, Петти македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, 22 – 26 мај 2013, Охрид, Македонија.
5. Владимирова М, Суботин Поповска О., Димитровска Љ., Илиевска Д., Костадиновска М., Поддршка и третман на жртви и извршители на семејно насилство поради злоупотреба на алкохол и алкохолизам; Петти македонски психијатриски конгрес со меѓународно учество, 22 – 26 мај 2013, Охрид, Македонија.

6. Ignjatova L, Aleksovska N, Spasovska Trajanovska A., Kostadinovska M.1 Burnout syndrome among professionals from the Centres for treatment of addiction in the Republic of Macedonia, Национални конгрес удружења психијатра Црне Горе, Будва-Бечичи, Црна Гора, 4-7 октобар 2012.

Кандидатката д-р Марија Костадинова учествувала на 3 научни собири со постерски презентации:

1. M. Kostadinovska, Extraordinary Creativity in Mental Disorders and the Influence of the Mental Disorder on the Possibility of Exercising Authors Rights, 19 th WPA WORLD CONGRESS OF PSYCHIATRY, 21-24 August 2019, Lisbon, Portugal;
2. S.Sallahi Pasholi, P. Vaskova, M. Kostadinovska, K. Vasilevska Caloska, Medical Treatment of Alcohol Dependence in Patients with Co-Morbid Anxiety - Depressive Disorder, IV hrvatsko ruski kongres, 13 – 15 april 2018 Opatija, Hrvatska;
3. M.Kostadinovska, S. Simonovska Petrovska, D. Mircevska, Violence Associated with Epilepsy, WPA Co Sponsord International Conference on Forensic Psychiatry, 13-15 October 2016, Ohrid, Macedonia
4. Стручно-применувачка дејност

Д-р Марија Костадинова е вешто лице од областа на психијатријата од 28.12.2012 г. до сега, и учествувала во изготвување на 42 вешти наоди и мислења. Се здобила со лиценца за вештачење од областа на психијатријата, издадена од Министерството за правда на Република Македонија (број 08-1270/2).

Таа е раководител на внатрешна организациона единица: Оддел за лекување на осудени лица со ментални нарушувања во ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје, од февруари 2019.

Актуелно е претседател на управен одбор на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје, од март 2021.

## О Б Р А З Е Ц 1

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** д-р Марија Кирил Костадиновска
**Институција:** ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ – Скопје
**Научна област:** психијатрија и медицинска психологија

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и постдипломски студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските и постдипломските академски студии одделно<br>Просечниот успех на додипломски студии изнесува: 7,44. | НЕ |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2.Назив на документот: уверение<br>3.Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје<br>4. Датум на издавање на документот: 12.3.2021 | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Ралева, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Боневски, с.р.**
**Проф. д-р Ненси Манушева, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува научноистражувачката и стручно-применувачката дејност на д-р Емилија Чабуковска, д-р Десанка Ѓорѓевиќ-Анастасовски, ас. д-р Александар Ристески, д-р Властела Парталоска Даневски, д-р Бојана Ѓорговска, д-р Александар Пакетчиев, д-р Анета Стојмановска Ристеска и д-р Марија Костадиновска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите, Комисијата заклучи дека д-р Емилија Чабуковска, ас. д-р Александар Ристески и д-р Александар Пакетчиев поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето асистент по предметот Психијатрија и медицинска психологија, а кандидатите д-р Десанка Ѓорѓевиќ-Анастасовски, д-р Властела Парталоска Даневски, д-р Бојана Ѓорговска, д-р Анета Стојмановска Ристеска и д-р Марија Костадиновска не ги исполнуваат.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Емилија Чабуковска, ас. д-р Александар Ристески и д-р Александар Пакетчиев да бидат избрани во звањето асистент по предметот Психијатрија и медицинска психологија.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Марија Ралева, с.р.**
**Проф. д-р Димитар Боневски, с.р.**
**Проф. д-р Ненси Манушева, с.р.**

.

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОНЦЕПТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ПРОМОЦИЈА ВО УЧИЛИШТАТА – ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ ОД ПРИМЕНАТА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“ ОД М-Р САЊА ПРОШЕВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата редовна седница одржана на 18.5.2021 година, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии по јавно здравство, формираше Комисија за оцена на докторска дисертација со наслов **КОНЦЕПТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ПРОМОЦИЈА ВО УЧИЛИШТАТА – ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ ОД ПРИМЕНАТА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**, од кандидатката м-р Сања Прошева во состав: проф. д-р Моме Спасовски (претседател), проф. д-р Елена Ќосевска (ментор), проф. д-р Весна Велиќ Стефановска (член), проф. д-р Розалинда Исјановска (член) и проф. д-р Михаил Кочубовски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**<u>Анализа на трудот</u>**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Сања Прошева, со наслов „Концепт за здравствена промоција во училиштата – проценка на ефектите од примената во основното образование во Република Северна Македонија“, содржи 134 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,15 проред и големина на букви 12, со 124 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси. Текстот на докторската дисертација е збогатен со 18 табели и 48 графикони соодветно поврзани во текстот.

Трудот е структуриран во 11 глави кои се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во **првата глава**, односно **воведот**, кандидатката дава вовед за училишните деца како вулнерабилна група, каква е нивната здравствена состојба и здравствена заштита во светот и во Република Северна Македонија. Го објаснува значењето на децата од училишна возраст како посебна популациона група која се карактеризира со интензивни физички, психолошки и социјални промени, што ги прави исклучително ранливи на неповолните ризик-фактори од околината.

Светската здравствена организација (СЗО) ги дефинира адолесцентите како индивудуи на возраст од 10 до 19 години, младина се индивидуи на возраст од 15 до 24 години, додека млади луѓе ги спојува двете групи и ја опфаќа возрасната група од 10 до 24 години. Во светот сега има повеќе млади луѓе отколку кога било досега - од 7,2 милијарди луѓе во светот, над 3 милијарди се помлади од 25 години, сочинувајќи 42% од светското население. Околу 1,2 милијарди од овие млади луѓе се адолесценти на возраст меѓу 10 и 19 години. Во Република Северна Македонија, според проценката на населението за 2018 година, деца на возраст од 5 до 19 години се 16,8% од вкупното население. Од нив, 51,7% се машки, додека 48,3% се девојчиња.

Кандидатката дава осврт кон досегашните спроведени истражувања во училиштата кои даваат слика за здравјето на учениците во светот и во Република Северна Македонија и укажуваат дека целосната здравствена благосостојба се менува во зависност од многу фактори, како што се возраста, училишната средина, семејството, социјалната

средина и многу други. Па така, во Глобалното истражување за употребата на тутун кај младите 13 – 15 години, препораките се однесуваат на тоа дека следните активности на државата треба да бидат насочени кон промоција на здрав животен стил и зајакнување на контролата на процесот на имплементација на законската регулатива во пракса, и особено зголемување на активностите во училиштата за поинтензивна едукација на учениците за штетните последици од тутунот по нивното здравје.

Здравјето на училишните деца и младина во Република Северна Македонија се следи преку систематските прегледи, кои се вршат организирано во јавните здравствени установи од страна на службите за превентивна здравствена заштита и превентивна стоматолошка заштита на училишни деца. Покрај систематскиот преглед се врши и редовна имунизација против заразни заболувања според Календарот за имунизација на Република Северна Македонија.

Докторантката во воведниот дел пристапува кон објаснување на образовниот систем во Р Северна Македонија и во светот, во функција на грижа за здравјето во училишната средина. Училиштата можат да придонесат за подобрување на здравјето и благосостојбата на децата и младите. Училиштето нуди многу можности за децата и младите да развијат позитивен став кон животот и здрав начин на живот. Училиштата за промоција на здравјето придонесуваат во училиштата да ги постигнат своите главни цели – обезбедување на добро образование и јасни стандарди и помалку напуштања. Тие нудат структуриран и систематски план за здравјето, благосостојбата и развојот на сите ученици и на наставниот и ненаставниот кадар. Според законите за основно, средно и високо образование во Република Северна Македонија, промоцијата на здравјето се спроведува во секоја образовна институција. Унапредувањето на здравјето е вклучено во наставните програми, но не постои посебен национален план и стратегија за промоција на училиштата.

Во светот е увидена потребата од организирана активност за подобрување на здравјето на адолесцентите преку зајакнување на улогата на семејството и училиштето, односно образовниот систем во целина, во правец на промовирање на здравиот стил на живот, обезбедувајќи ја пред сé, образовната и воспитната улога. Согласно со таа потреба за подобрување на здравјето на адолесцентите, оформена е Мрежа на училишта за здравје во Европа (Schools for Health in Europe – SHE Network). Концептот за здравјето на SHE-мрежата се однесува на тоа дека животниот стил и условите за живеење се два важни фактора за здравјето на адолесцентите. Начинот на живот вклучува здраво однесување и навики, како што се: исхрана, вежбање, заштита од употребата на психоактивни супстанции и сексуално однесување. Република Северна Македонија е членка на оваа Мрежа повеќе од 4 децении. Почетоците биле во вид на проект кој се спроведувал во неколку основни училишта, за со текот на времето да се вгради во образовниот систем во рамки на основното и средното образование преку промена на наставните програми и воведување на изборниот предмет ЖИВОТНИ ВЕШТИНИ, со што се направени првите чекори за воведување на Концептот за здравствена промоција во училиштата.

Во **втората глава** е прикажан **мотивот** за изработка на докторската дисертација – да се унапреди здравјето во училиштата, како на наставниците, така и на учениците. Докторантката наведува дека во Република Северна Македонија се спроведени голем број на студии во рамки на училиштата, кои се наменети за учениците или персоналот, а се однесуваат на здравственото однесување на учениците и условите за работа во училиштата. Меѓутоа, досега не е спроведена студија која би ја проценила моменталната политика и практика на училиштата поврзани со промоција на здравјето, а таа проценка да влијае да се утврдат потребите и приоритетите на секоја училишна заедница поединечно и како целина.

Во **третата глава** е изложена **главната цел** на истражувањето. Основната цел на трудот е да се проценат ефектите од примената на Концептот за здравствена промоција

во основните училишта во Република Северна Македонија преку согледување на индикаторите за ученичкото здравје како важни фактори за правилен физички и ментален развој на учениците, како и задоволството на учениците и училишниот персонал од училишната средина. Специфичните цели се сместени во потточка на третата глава, каде што се споменува проценката на моменталната политика и практика на училиштата во однос на промоцијата на здравјето и идентификување на областите кои треба да се подобрат.

**Четвртата глава** се однесува на **хипотезите** на истражувањето. Поставени се пет хипотези:

Х1 – Примената на Концептот за здравствена промоција го унапредува здравјето на учениците и наставниците во училиштата во кои тој се спроведува.

Х2 – Постои недоволна (незадоволителна) усогласеност помеѓу политиката за работа и практиката во рамки на училиштата во однос на промоцијата на здравјето.

Х3 – Физичката и социјалната средина на училиштата во која се опкружени учениците е на ниско ниво и претставува висок приоритет за понатамошна работа, подобрување и усовршување.

Х4 – Подобрата и поинтензивната здравствена едукација и здравствена писменост, создава подобра средина која поддржува здрав живот и позитивно влијае на училишниот персонал, а со самото тоа и на учениците.

Х5 – Не постои сигнификантна разлика во однос на моменталната состојба и во градските и во селските училишта низ Републиката, во однос на развиеноста на здравствени вештини во училиштата.

**Дизајнот на студијата** е претставен во **петтата глава** од трудот. Истражувањето претставува проспективна студија која е спроведена како студија на пресек (cross-sectional study) во декември/јануари во учебната 2019/2020 година. Во рамки на докторската дисертација е спроведена квантитативна аналитичка студија на пресек со која беа опфатени 320 основни училишта во РСМ, со цел да се испита дали и колку здравствената промоција се имплементира во училиштата. За почеток, во првата фаза, спроведено е пилот-истражување во 5 основни училишта во Скопје, при што две од овие училишта веќе го спроведувале концептот на здраво училиште во вид на проект, додека останатите три не биле дел од тој проект. Вториот дел од истражувањето обработува податоци од квантитативна аналитичка студија на пресек која претставува втората фаза од истражувањето во оваа докторска теза. Со цел за согледување на целосната слика за здравствената промоција на која работат училиштата, право на учество во студијата имаа сите основни училишта во Република Северна Македонија - РСМ.

Потребните податоци се собрани преку користење на Алатката за брза проценка (“Rapid Assessment Tool”), која е алатка што ја спроведуваат сите училишта низ Европа кои се вклучени во Мрежата на училишта што го унапредуваат здравјето во Европа. Аплициран е прашалник дизајниран во седум тематски целини, и тоа: 1) ориентација (5 прашања); 2) здравствена политика на училиштето (5 прашања); 3) физичка средина на училиштето (7 прашања); 4) социјална средина на училиштето (8 прашања); 5) здравствени вештини (3 прашања); 6) поврзаност со заедницата (3 прашања) и 7) здрав училишен персонал (6 прашања). Седумте тематски целини опфаќаат вкупно 37 прашања обработени од два аспекта, и тоа: а) моментално: моментална училишна ситуација - со три степени Ликертова скала (Likert-type scales) на можни одговори (не постои, постои делумно и постои целосно) и б) приоритет: приоритетна училишна работа– со три степени Ликертова скала (Likert-type scales) на можни одговори (низок/ без приоритет; среден приоритет; и висок приоритет). Прашалниците се пополнувани самостојно од официјални преставници на училиштата, а одговорите се однесуваат на актуелната состојба.

Дефинирани се критериуми за вклучување и исклучување, односно во истражувањето им беше понудено учество на сите основни училишта во РС Македонија, односно на раководниот персонал (директор, педагог или психолог). Од студијата беа исклучени само училиштата каде што раководниот персонал не сакал да учествува во истражувањето, односно не сакал да ја пополни Алатката за брза проценка. Од истражувањето беа исклучени и сите училишта чии претставници одговориле со нецелосно пополнет прашалник.

Истражувањето е спроведено на територијата на целата држава во урбана и рурална средина, во текот на учебната 2019/2020 година. Прашалниците беа пополнувани доброволно. Пред почетокот на истражувањето се бараше дозвола од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието, како и од директорите на училиштата.

**Статистичката обработка на податоците** добиени во текот на истражувањето се статистички обработени со користење на SPSS software package, version 22.0 for Windows (SPSS, Chicago, IL, USA). Анализата на атрибутивните (квалитативни) серии е правена преку одредување на коефициент на односи, пропорции и стапки, кои се прикажани како апсолутни и релативни броеви. Нумеричките (квантитативни) серии се анализирани со употреба на мерките на централна тенденција (просек, медијана, минимални вредности, максимални вредности, интерактивни рангови), како и со мерки на дисперзија (стандардна девијација, стандардна грешка). Shapiro-Wilk W тест е користен за утврдување на правилноста на дистрибуцијата на фреквенцијата на испитуваните варијабли. За тестирање на значајноста на разликата меѓу одредени нумерички параметри со неправилна дистрибуција на фреквенции се користени непараметарски тестови за два независни примерока (Mann-Whitney U тест) и за повеќе независни примероци (Kruskal-Wallis H test). При анализата на повеќе од две нумерички серии користен е Post hoc – Tukey significant difference (HSD) тест. За анализа на два зависни примерока со неправилна дистрибуција користени се консеквентно Wilcoxon test. Факторите на ризик се квантифицирани преку користење на однос на веројатности (Odd ratio – OR) и интервалите на доверба – confidence intervals (CI). Униваријантна и мултипла линеарна регресиона анализа е употребена за одредување и квантифицирање на независните значајни предиктори. За утврдување на статистичка значајност е користено ниво на сигнификантност од $p < 0.05$.

Добиените **резултати** се прикажани во **шестата глава**. Во рамките на истражувањето, анализирана е предиктивната улога на одредени параметри за вкупниот скор според седумте области на истражување и од два аспекта (моментална ситуација и приоритет) со користење на мултипла линеарна регресија. Испитувани се 3 параметри, и тоа: тип на училиште според националност на учениците, урбана/рурална средина каде што се наоѓа училиштето и статистички регион.

Според индикаторот за *ориентација* – трите параметри заедно влијаат на варијабилитетот на вкупниот скор на ориентација за: а) моментална ситуација со 1,8% ($R2=0{,}018$)[$F(3{,}316)=1{,}913$]. За $p>0{,}05$, ниеден од трите параметри не е потврден за сигнификантен независен предиктор за вкупен скор на моментална ситуација за ориентација; б) приоритет со 1,2% ($R2=0{,}012$) [$F(3{,}316)=1{,}288$]. За $p>0{,}05$, ниеден од трите парамети не е потврден за сигнификантен независен предиктор за вкупниот скор на приоритет за ориентација. Евалуацијата на моменталната ситуација за ориентацијата во основните училишта укажа дека највисок просечен скор односно најдобра моментална ситуација има индикаторот/ тврдењето – О1 (2,61±0,50) што се однесува на тоа дека “Училиштето има увид во физичкото, менталното и социјалното здравје на учениците“. Според индикаторот за *Здравствена политика* - а)моментална ситуација е оценета со 0,08% ($R2=0{,}008$) [$F(3{,}316)=0{,}822$] и б)приоритетсо 2,3% ($R2=0{,}023$) [$F(3{,}316)=2{,}491$]. За $p<0{,}05$, како независен значаен предиктор е утврден параметарот статистички регион

самостојно влијае на варијабилитетот на вкупниот скор на приоритет за здравствена политика со 2% ($R2=0,020$). Евалуацијата на моменталната ситуација за здравствена политика на училиштата укажа дека највисок просечен скор односно најдобра моментална ситуација има индикаторот/ тврдењето – P3 (2,77±0,45) што се однесува на тоа дека: „Здравјето и благосостојбата се дел од наставниот план и програма на училиштето“. За вкупно 248 (77,50%) од училиштата, ова тврдење е целосно исполнето, следено со 69 (21,56%) каде е делумно исполнето и 3 (0,94%) кои изјавиле дека тоа воопшто не е исполнето. Индикаторот за *физичка средина* – укажа дека трите селектирани парамети заедно влијаат на варијабилитетот на вкупниот скор на физичка средина за: а) моментална ситуацијасо 3,4% и б) приоритет со 4,1%. Најслабо оценета моментална состојба е регистрирана за тврдењето F7 – „Училишната менза, продавницата и апаратите нудат храна и пијалак кои се здрави, по соодветни цени и ги задоволуваат националните стандарди за храна“. Истиот индикатор е најслабо оценет и по однос на приоритет. Индикаторот *социјална средина* има вкупен скор во однос на: а) моментална ситуација со 5,9% ($R2=0,059$) [$F(3,316)=6,600$]. и б) приоритет со 4,7% ($R2=0,047$) [$F(3,316)=5,147$]. За $p<0,05$, како независни значајни предиктори се утврдени параметрите урбано/рурално и статистички регион. Најдобра моментална ситуација, како и приоритет има индикаторот/ тврдењето – S4 (2,80±0,47) што се однесува на тоа дека: „Во училиштето има личност од доверба која е достапна за сите ученици кои имаат потреба од приватен разговор за споделување на грижи/мисли“. *Здравствените вештини* – укажаа дека трите селектирани параметри заедно влијаат на варијабилитетот на вкупниот скор на здравствени вештини за: а) моментална ситуација со 2,7% и б) приоритет со 3,5%. Најслаб просечен скор за здравствените вештини има индикаторот кој се однесува на тоа дека: „Училиштето спроведува програми кои се насочени кон индивидуални вештини и знаење на теми од областа на здравјето и промоција на менталното здравје“. Индикаторот *поврзаност со заедницата* – укажа дека трите селектирани параметри заедно влијаат на варијабилитетот на вкупниот скор на поврзаност на училиштата со заедницата за: а) моментална ситуација со 0,91% ($R2=0,091$) [$F(3,316)=10,585$] и б) приоритет со 3,8% ($R2=0,038$) [$F(3,316)=4,176$]. Последниот индикатор – *здрав училиштен персонал* – има вкупен скор за: а) моментална ситуација со 0,07% и б) приоритет со 0,47%. Согласно со приоритетот на индикаторите за поврзаноста со заедницата, највисок скор има: „Родителите се активни соработници во училишната заедница“ – што истовремено е со втор по големина скор за моментална ситуација. Овој индикатор е оценет со висок приоритет од 243 (75,94%) училишта, а со среден приоритет од 65 (20,31%), што укажува на максимално голема пропорција на училишта 308 (96,25%) кои му даваат важност и ја препознаваат потребата од негово остварување.

Во **Глава 7 – Дискусија,** докторантката, на јасен и концизен начин, ги дискутира добиените резултати и ги споредува со резултатите на досега објавените истражувања од достапната литература на оваа тема.

Согледано е дека училиштата ги препознаваат сите области како генерално приоритетни со мали варијации во вкупните скорови. Највисок вкупен скор за приоритет има здравствената политика на училиштата, следено со физичка средина и социјална средина за кои се добиени еднакви скорови како и поврзаност со заедницата. Најмал приоритет е утврден за областа за здрав училиштен персонал, следено со ориентација.

Во Алатката за брза проценка, 95% од училиштата одговориле дека целосно или делумно е исполнет индикаторот „Целата училишна заедница ги знае одговорните лица за здравствените теми и промоција на менталното здравје во училиштето“, додека само 5% одговориле дека го немаат реализирано овој индикатор. Во РСМ, лицата што се одговорни за здравствените теми се најчесто педагозите и психолозите. Вработените во училишната педагошко-психолошка служба се битен фактор во целокупниот воспитно-

образовен процес. Од нив и од нивната дејност во голема мера зависи севкупното работење на училиштето, а секако и здравствената област бидејќи овие лица најчесто се двигатели на промоцијата на здравјето во училиштата.

Во однос на просечниот вкупен скор од седумте области кои ги истражувала кандидатката, областа здравствена политика на училиштето има највисок вкупен скор од однос на моменталната ситуација и во однос на приоритет. Здравствената политика во училиштата во РСМ е опфатена преку годишниот план и програма за работа што ги подготвува секое училиште според насоките на Министерството за образование и наука на РСМ. Во тој Годишен план има дел каде што задолжително треба да бидат опфатени теми од областа на здравјето, како што се: хигиена во училиштето, систематски прегледи, вакцинирање, едукација за здрава исхана. Покрај програмите и плановите за работа кои ги задава државата и според кои треба да се водат сите училишта, многу се битни и ставовите, потребите и желбите на учениците, наставниците и родителите, кои треба да бидат сослушани и вметнати во здравствените политики на секое училиште поединечно.

Битно за скоро сите училишта е да се одржува пријатна температура, осветлување и проветреност. Околу половина од училишните објекти се приспособени на учениците, тие се безбедни, чисти и промовираат хигиена за сите ученици и ги задоволуваат хигиенските стандарди. Слична е состојбата во многу држави низ светот. Така, во глобалното истажување на УНИЦЕФ и СЗО, „Вода за пиење, санитација и хигиена во училиштата”, реализирано во 2016 година, 53% од училиштата во светот имале соодветни хигиенски услови (миење раце со сапун и вода); 11% имале вода, но немале сапун; додека 36% од училиштата немале основни услови за миење раце.

Најмногу загрижува податокот што мал дел од училиштата (26,43%) имаат услови да им обезбедат на учениците храна и пијалак кои се здрави, по соодветни цени и ги задоволуваат националните стандарди за здрава храна. Слични се резултатите и од други истражувања, како во РСМ, така и во светот. На пример, во Студијата за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (HBSCM), може да се види дека процентот на ученици кои јадат често овошје и зеленчук не достигнува ниту до половина, додека процентот на ученици кои консумираат газирани пијалаци е висок. Слични податоци се презентирани и во истражувањето за знаењата, ставовите и навиките на учениците во Србија, каде што се наведува дека во училиште децата најчесто јадат сендвичи или колачи што ги носат од дома или купуваат во близина на училиштето (57,5%), од кои 6,4% на училиште јадат грицки, 7% не јадат ништо и само секој петти ученик (22%) се храни во училишната кујна.

Најслабо оценета моментална состојба на социјалната средина претставува индикаторот: „Во училиштето постои систем за поддршка (услуги и сместување) за учениците со посебни потреби поврзани со учењето, како и со посебни развојни и физички потреби“. Иако последниве години се става голем акцент на инклузивноста на овие ученици во редовното образование, сепак се гледа дека една третина од училиштата воопшто немаат воспоставено ваков систем за работа со учениците со посебни потреби. Во истражувањето на Народниот правобранител за вклученоста на децата со посебни потреби во редовното основно образование се утврдило дека над 88% од училиштата се согласуваат со ставот дека инклузивното образование тешко се спроведува во пракса. Причините за ова училиштата ги идентификуваат, пред сѐ, во недостатокот на соодветен кадар и материјални средства.

Вклучувањето на семејствата и на заедницата во работата на училиштето е еден од главните елементи за постигнување подобри резултати на учениците, а тоа е потврдено со бројни студии за позитивните придобивки од соработката на училиштето со семејствата и локалната средина. Училиштето претставува центар за учење во заедницата. Успешните училишта зависат од ресурсите и поддршката на заедницата и училишта што се во центарот на нивните заедници се често најуспешните училишта. Во американската

студија „Позитивните резултати на учениците од училиштата во заедницата” се забележува дека е многу побитно училиштата да соработуваат со заедницата, особено во оние средини каде што има семејства со ниски примања, бидејќи на тој начин ќе им се помогне на самите училишта во нивниот развој.

Во **осмата глава**, врз база на добиените резултати, донесени се **заклучоци** од истражувањето. Имено, се увиде дека:

1. Секое училиште само по себе претставува динамична организација и потребна е флексибилност во пристапот кон промоцијата на здравјето за да се осигура дека училиштата можат да се приспособат на променливите услови и состојби.

2. За прв пат во нашата држава се согледа степенот на имплементација на здравствената промоција и здравствената едукација како дел од јавното здравство во основните училишта преку примена на Алатката за брза проценка, а исто така се процени моменталната состојба во секое училиште и нивото на приоритет на тоа училиште за секоја област на истражување.

3. Се заклучи и дека оние училишта кои имаат поголеми можности и поголем сенс за спроведување на Концептот за здравствена промоција, повеќе го унапредуваат здравјето на учениците и наставниците. Од друга страна, пак, се увиде дека целосната здравствена состојба на училиштата се менува во зависност од многу фактори, како што се училишната средина, семејството, пошироката заедница, физичката и социјалната средина, положбата на самото училиште и многу други.

4. Истражувањето ја потврдува хипотезата дека постои недоволна (незадоволителна) усогласеност помеѓу политиката за работа и практиката во рамки на училиштата во однос на промоцијата на здравјето, како и хипотезата за тоа дека физичката средина на училиштата во која се опкружени учениците е на најниско ниво и претставува висок приоритет за понатамошна работа, подобрување и усовршување.

5. Истражувањето ја отфрла хипотезата за тоа дека и социјалната средина е на ниско ниво.

6. Докторантката во заклучоците укажува на развиената свест на менаџерите на училиштата за подобрување и вложување во унапредување на здравствените вештини и го потенцира вклучувањето на семејствата и на заедницата во работата на училиштатата како еден од главните елементи за постигнување подобри резултати на учениците.

7. Целиот образовен систем, како отворен, флексибилен и комплексен систем кој има фундаментално влијание врз развојот на една здрава личност, треба да ги задоволи стандардите за компатибилност, современост и ефикасност во функционирањето и промовирањето на здравје и благосостојба.

Во **Глава девет,** приложени се **препораките**, и тоа:

1. се предлага нов концепт за здравствена промоција во процесот на реформи во образовниот систем на Република Северна Македонија со кој ќе се придонесе за унапредување на здравјето во училишната средина, како на учениците, така и на училишниот персонал, преку примена на нов пристап карактеристичен за училиштата во мрежата „Училишта за здравје во Европа”.
2. Потребна е подготовка на Национална стратегија за училишта што го унапредуваат здравјето во која ќе се дефинираат принципите, целите, мерките и активностите, чинителите, методите за мониторинг и евалуација на резултатите од имплементација на стратегијата. Стратегијата треба да е подготвена од Министерството за здравство и Министерството за образование и наука.
3. Потребно е воведување на Европските стандарди и нормативи за училиштата кои промовираат здравје, кои се подготвени од Европската мрежа.

4. Им се препорачува на МОН и на сите училишта да ги применуваат алатките на Европската мрежа, како што се: „Европски стандарди и индикатори за здравствена промоција во училиштата”, „Материјали за наставници 2019 - Учење за здравјето и здравствената промоција во училиштата”, „SHE-училиштен прирачник – Методолошки водич за да станете училиште кое промовира здравје”, „Извештај од мапирање – Научени лекции од политиките и практиките на земјите членки на SHE”, Училиштен акциски план.
5. Методата на самоевалуација на функционирањето на училиштата во поглед на задоволување на современите потреби на учениците и училишниот персонал со користење на оваа „Алатка за брза проценка”. Секое училиште, еднаш годишно, или еднаш во две години, треба да си прави своја индивидуална проценка, а битно е на неколку години да се направи проценка и на национално ниво за сите училишта целокупно, сè со цел да се воочат недостатоците и подрачјата на кои треба дополнително да се работи.

Во **Глава 10** е прикажана **литературата** користена при изработка на докторската дисертација. Во оваа глава се наведени 124 библиографски единици од избраното подрачје.

Во **Глава 11** е прикажан прашалникот кој е употребен во текот на ова истражување – SHE-алатка за брза проценка.

**<u>Предмет на истражувањето</u>**

Предмет на истражување во докторската дисертација се здравјето на учениците и училишниот персонал, како и на целата училишна средина во рамки на основното образование во Република Северна Македонија. Професионалната определеност и интерес кај докторантката за испитување на ефектите од примената на Концептот за здравствена промоција во основните училишта во Република Северна Македонија , одат во прилог на научноистражувачката работа на оваа тема од областа на јавното здравство.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Ова истражување претставува проспективна студија која е спроведена како студија на пресек (cross-sectional study) со која се опфатени 320 основни училишта во РСМ и е спроведена на територијата на целата држава, во текот на декември и јануари во учебната 2019/2020 година. Потребните податоци се собрани преку користење на Алатката за брза проценка (“Rapid Assessment Tool”), подготвена од страна на Мрежата на училишта за здравје во Европа (SHE), преку седум тематски целини обработени од два аспекта: а) моментална училишна ситуација - со три степени Ликертова скала (Likert-type scales) на можни одговори (не постои, постои делумно и постои целосно) и б) приоритетна училишна работа – со три степени Ликертова скала (Likert-type scales) на можни одговори (низок/ без приоритет; среден приоритет; и висок приоритет). Аплициран е прашалник дизајниран во седум тематски целини, и тоа: 1) ориентација (5 прашања); 2) здравствена политика на училиштето (5 прашања); 3) физичка средина на училиштето (7 прашања); 4) социјална средина на училиштето (8 прашања); 5) здравствени вештини (3 прашања); 6) поврзаност со заедницата (3 прашања) и 7) здрав училишен персонал (6 прашања). Во рамките на истражувањето, испитувани се 3 параметри, и тоа: тип на училиште според националност на учениците, урбана/рурална средина каде се наоѓа училиштето и статистички регион.

Податоците добиени во текот на истражувањето се статистички обработени со користење на SPSS software package, version 22.0 for Windows (SPSS, Chicago, IL, USA). Анализата на атрибутивните (квалитативни) серии е правена преку одредување на коефициент на односи, пропорции и стапки. Нумеричките (квантитативни) серии се

анализирани со употреба на мерките на централна тенденција (просек, медијана, минимални вредности, максимални вредности, интерактивни рангови), како и со мерки на дисперзија (стандардна девијација, стандардна грешка). Shapiro-Wilk W тест е користен за утврдување на правилноста на дистрибуцијата на фреквенцијата на испитуваните варијабли. Користени се непараметарски тестови за два независни примероци (Mann-Whitney U тест) и за повеќе независни примероци (Kruskal-Wallis H test). При анализата на повеќе од две нумерички серии користен е Post hoc – Tukey significant difference (HSD) тест. За анализа на два зависни примероци со неправилна дистрибуција користени се консеквентно Wilcoxon test. Факторите на ризик се квантифицирани преку користење на однос на веројатности (Odds ratio – OR) и интервалите на доверба – confidence intervals (CI). За утврдување на статистичка значајност е користено ниво на сигнификантност од $p < 0.05$.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Во студијата се опфатени вкупно 320 основни училишта од целата територија на РСМ. Направена е споредба на вкупни скорови според седумте области (ориентација, здравствена политика, физичка средина, социјална средина, здравствени вештини, поврзаност со заедницата и здрав училишен персонал) во однос на моменталната ситуација и приоритетот. Највисок вкупен скор за моментална позитивна ситуација во работењето на училиштата има здравствената политика на училиштата (2,63±0,36), следено со здравствените вештини (2,45±0,49) и социјалната средина (2,42±0,37). Здравствената политика во училиштата во РСМ е опфатена преку годишниот план и програма за работа кој што го подготвува секое училиште според насоките на Министерството за образование и наука на РСМ. Во тој Годишен план има дел каде што задолжително треба да бидат опфатени теми од областа на здравјето, како што се: хигиена во училиштето, систематски прегледи, вакцинирање и едукација за здрава исхрана. Во однос на моменталната исполнетост на индикаторите на социјална средина во урбаните училишта, се забележува сигнификантно подобра состојба споредено со руралните училишта (Mann-Whitney U test: Z Z=4,1903; p=0,0002). Најниска исполнетост (најлоша моментална ситуација) е согледана за физичката средина (2,31±0,44) следено со поврзаност со заедницата (2,32±0,48) и здрав училишен персонал (2,33±0,42). Според одговорите што ги дале менаџерите на училиштата, моменталната ситуација на индикаторите за физичка средина на училиштата, укажала на сигнификантно подобра состојба со физичката средина во училиштата каде што се држи настава на македонски јазик (2,37±0,41), како и кај мешаните училишта (2,30±0,42) споредено со училиштата каде што учениците слушаат настава на албански јазик (2,11±0,47). Во однос на физичката средина, најмногу загрижува податокот што мал дел од училиштата (26,43%) имаат услови да им обезбедат на учениците храна и пијалок кои се здрави, по соодветни цени и ги задоволуваат националните стандарди за здрава храна. Слични се резултатите и од други истражувања, на пример, во Студијата за однесувањата поврзани со здравјето кај децата на училишна возраст (HBSCM), може да се види дека процентот на ученици кои што јадат често овошје и зеленчук не достигнува ниту до половина. Според индикаторите за физичка средина, добиен е податок дека само околу половина од училишните објекти се приспособени на учениците, тие се безбедни, чисти и промовираат хигиена за сите ученици и ги задоволуваат хигиенските стандарди, претежно во урбаните средини. Слична е состојбата во многу држави низ светот. Така, во глобалното истражување на УНИЦЕФ и СЗО, „Вода за пиење, санитација и хигиена во училиштата”, реализирано во 2016 година, 53% од училиштата во светот имале соодветни хигиенски услови (миење раце со сапун и вода); 11% имале вода, но немале сапун; додека 36% од училиштата немале основни услови за миење раце. За менаџерите на училиштата, највисок приоритет има здравствената политика на училиштата (2,65±0,51) следено со физичка средина и социјална средина за кои се добиени еднакви скорови, и тоа по (2,64±0,45), како и

поврзаност со заедницата (2,63±0,49). Најмал приоритет е утврден за областа здрав училиштен персонал (2,58±0,44), следено со ориентација (2,59±0,46).

Докторантката доаѓа до заклучок дека училиштата најмногу работат на здравствената политика и оваа област продолжува да биде нивни приоритет и во иднина. Физичката средина на училиштата во која се опкружени учениците е на најниско ниво и претставува висок приоритет за понатамошна работа. Вклучувањето на семејствата и на заедницата во работата на училиштата е еден од главните елементи за постигнување подобри резултати на учениците. Препораките кои произлегуваат од докторската дисертација се однесуваат на тоа дека е потребна подготовка на Национална стратегија за училиштата кои го унапредуваат здравјето, воведување на Европските стандарди и нормативи за училиштата, како и подоследна примена на Концептот за здравствена промоција и основните негови вредности за демократија, правичност, одржливост, инклузија и зајакнување. Се препорачува воведување на Алатката за брза проценка во сите основни училишта низ државата, како инструмент за евалуација на напредокот на училиштата во подобрување на здравјето на учениците, училишниот персонал и училишната средина.

## ОЦЕНА НА ТРУДОТ

Докторската дисертација со наслов: **КОНЦЕПТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ПРОМОЦИЈА ВО УЧИЛИШТАТА – ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ ОД ПРИМЕНАТА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** од м-р Сања Прошева, претставува оригинален и самостоен научен труд од областа на јавното здравје и се однесува на проценка на ефектите од примената на Концептот за здравствена промоција во основните училишта во Република Северна Македонија преку согледување на индикаторите за ученичкото здравје како важни фактори за правилен физички и ментален развој на учениците, како и задоволството на учениците и училишниот персонал од училишната средина.

Резултатите од истражувањето дадоа сознанија за состојбите во оваа област во основните училишта низ целата Република, што претставува основа за преземање мерки за унапредување на јавното здравје во училиштата.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Сања Прошева, со наслов: **КОНЦЕПТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ПРОМОЦИЈА ВО УЧИЛИШТАТА – ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ ОД ПРИМЕНАТА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,** според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за оригинален докторски труд.

## ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ


1. Sanja Prosheva, Elena Kjosevska. HEALTH STATUS AND HEALTH BEHAVIOUR OF ADOLESCENTS IN THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA. Physioacta 2019, Vol.13 – No.2: 47-56.

2. Сања Прошева, Елена Ќосевска, Весна Велиќ Стефановска. ПРОЦЕНКА НА СОСТОЈБАТА СО ФИЗИЧКАТА СРЕДИНА ВО ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА. Arch Pub Health 2020; 12 (3). Достапно на: https://doi.org/10.3889/aph.2020.5418

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

**Главни научни придонеси на кандидатката.** Актуелното истражување претставува единствено интегрирано истражување од областа на јавното здравје на територијата на Република Северна Македонија, во кое со научен пристап се проценуваат ефектите од примената на Концептот за здравствена промоција во основните училишта во Република Северна Македонија.

**Подрачје на примена.** Заклучоците и препораките согледани врз база на добиените резултати можат да се применат во педагогијата и медицината со цел правилен физички и ментален развој на учениците, како и задоволството на учениците и училишниот персонал од училишната средина. Препораките би биле од голема помош за креирањето на идните политики во рамки на актуелните реформи на образованието предводени од Министерството за образование и наука, заедно со Бирото за развој на образование.

**Можни понатамошни истражувања.** Секое училиште еднаш годишно, или еднаш во две години, треба да прави своја индивидуална проценка за напредокот, а битно е на неколку години да се прави заедничка проценка и на национално ниво за сите училишта целокупно, сè со цел да се воочат недостатоците и подрачјата на кои треба дополнително да се работи.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје да ја прифати позитивната оценка и да овозможи одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Сања Прошева со наслов: **КОНЦЕПТ ЗА ЗДРАВСТВЕНА ПРОМОЦИЈА ВО УЧИЛИШТАТА – ПРОЦЕНКА НА ЕФЕКТИТЕ ОД ПРИМЕНАТА ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Моме Спасовски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Елена Ќосевска, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Весна Велиќ Стефановска, член, с.р.**
**Проф. д-р Розалинда Исјановска, член, с.р.**
**Проф. д-р Михаил Кочубовски, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ЕВАЛУАЦИЈА НА ХОРМОНИТЕ НА ХИПОФИЗО-ГОНАДНАТА И ХИПОФИЗО-АДРЕНАЛНАТА ОСКА КАКО ПРЕДИКТОРИ ЗА ПОЈАВА НА ПОСТПАРТАЛНА ДЕПРЕСИЈА ПРИ ИН ВИТРО ФЕРТИЛИЗАЦИЈА“ ОД М-Р ЈАНА БЕЛЕВСКА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ**

Врз основа на член 112 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 275 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и член 61 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XXXIII редовна седница одржана на 31.3.2021 година, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии по медицина, донесе Одлука за формирање на Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Јана Белевска со наслов „Евалуација на хормоните на хипофизо-гонадната и хипофизо-адреналната оска како предиктори за појава на постпартална депресија при ин витро фертилизација“, во состав: проф. д-р Бранислав Стефановски (претседател), проф. д-р Марија Папазова (ментор), проф. д-р Ана Данева Маркова (член), проф. д-р Горан Димитров (член) и проф. д-р Глигор Тофоски (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јана Белевска, со наслов „Евалуација на хормоните на хипофизо-гонадната и хипофизо-адреналната оска како предиктори за појава на постпартална депресија при ин витро фертилизација“, содржи 196 страници компјутерски обработен текст во фонт Calibri, со 1,5 проред и големина на букви 12, 174 библиографски единици од темата што се обработува, меѓу нив научни трудови, статии, книги и интернет-ресурси. Текстот е збогатен со 66 табели, 49 слики и 3 прилози.

Трудот е структуриран во глави: вовед, мотив, цели, материјал и методи, резултати, дискусија и заклучни согледувања. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Докторската дисертација започнува со воведот на трудот, како прво поглавје, кој понатаму е организиран во тематски целини каде што се изложени досегашните сознанија за проблематиката на постпарталните депресии. Кандидатката, на концизен и прегледен начин, поткрепен со многубројни литературни извори, ги изнесува податоците за постпарталните психички проблеми. Воведот содржи податоци кои се објавени во современата научна литература, а се однесуваат на предметот од интерес на предложената тема. Во воведот, кандидатката дава историски осврт на досегашните истражувања на полето на постпарталните психички проблеми кои датираат од времето на Хипократ, преку сознанијата на Гален и Целсус, сè до најсовремените пристапи во модерната медицина. Паралелно со опишувањето на постпарталните

психички проблеми, кандидатката ја објаснува и кратката историја на развојот на стимулиран циклус на вонтелесно оплодување. Првото успешно вонтелесно оплодување кое се завршило со раѓање е спроведено во 1978 година во Кембриџ, во Англија. За ова достигнување во 2010 година, Роберт Едвардс ја добил Нобеловата награда за медицина. Историјата на асистирана репродукција во нашата држава започнува со пионерските обиди на д-р Слободан Лазаревски, кој во 2002 година го реализирал првото успешно ин витро оплодување. Денес асистираната репродукција во нашата држава е рутинска постапка во повеќе здравствени установи. На историски познатите факти се надоврзуваат новите техники и протоколи како аспирација на ооцити со помош на ултразвук, донација на ооцити, интрацитоплазматско инјектирање на сперма и многу други достигнувања кои денес секојдневно рутински се применуваат. Во воведниот дел, кандидатката се осврнува на бременоста како посебен период во животот на жената и промените кои настануваат во овој период. Периодот по породување на жената е означен како постпартален период и трае од 4 до 6 недели. Во овој период, жените може да се соочат со широк спектар на постпартални психички проблеми. Кандидатката дава детален опис на постпарталните психички проблеми, кои се групирани во три категории, каде што постпарталната психоза е опишана како најтешка форма на психичко растројство по породувањето. Даден е детален приказ на факторите на ризик за развој на постпартална депресија, кои се групирани во биолошки и психосоцијални фактори на ризик. Кандидатката ги опишува хормоните на хипофизо-гонадната оска и хипофизо-адреналната оска како биолошки фактори на ризик. Промените во нивото на хормоните на хипофизо-гонадната и хипофизо-адреналната оска се асоцирани со појавата на постпартална депресија. Нискиот социо-економски статус, економските и воените кризи, како и употребата на психоактивни супстанции се наведени како психосоцијални фактори на ризик за појава на постпартална депресија. Во воведниот дел, кандидатката објаснува дека протоколите на хормонална стимулација кои се применуваат при ин витро фертилизација се во тесна корелација со појава на симптоми на постпартална депресија. Најчесто користени протоколи за оваријална стимулација се долг протокол за оваријална стимулација, краток протокол за оваријална стимулација и протокол со антагонист. Кандидатката ги објаснува концизно протоколите на оваријална стимулација. Воведниот дел на дисертацијата завршува со методи на советување на пациентите со неплодност, преку кои личноста треба да научи дека при процесот на лекување може да се соочи со одредени психолошки проблеми. Процесот на ин витро фертилизација не завршува секогаш со успех од прв пат. Кандидатката објаснува дека неуспехот и долготрајното чекање создаваат фрустрација, разочарување и дополнителни проблеми кај пациентите. Кандидатката објаснува дека процесот на психолошко советување при ин витро фертилизација има за цел да одговори на специфичните потреби на пациентите. Психолошкото советување при ин витро фертилизација може да се реализира пред третманите, за време и по третманите на ин витро фертилизација. Психолошкото советување може да се спроведе како индивидуално советување и групно советување.

Недостатокот на слични репрезентативни истражувања од оваа област во РС Македонија претставува мотив за изработка на докторската дисертација. Потребата да се добијат нови знаења и податоци кои ќе ја одразат состојбата во РС Македонија претставуваат движечка сила за да се пристапи кон истражување на хормоните на хипофизо-гонадната оска и хипофизо-адреналната оска како предиктори за појава на постпартална депресија. Кандидатката објаснува дека

денес биолошки поддржаното оплодување е рутинска процедура во нашата држава. Кај 10% од пациентките кои биле подложени на биолошки поддржано оплодување доаѓа до појава на постпартални психички проблеми. Постпарталната депресија, освен што влијае штетно врз менталното здравје на мајката, има штетни последици и врз детето и врз квалитетот на односите во брачната заедница. Затоа, деталното познавање на предикторните фактори за појава на постпартални психички проблеми ќе помогне во идентификација на ризичните групи на жени за појава на постпартално психичко нарушување и следствено на тоа преземање на профилактички мерки кои ќе доведат до намалување на ризикот од постпартални нарушувања.

**Предмет на истражување**

Предмет на истражување во докторската дисертација на кандидатката м-р Јана Белевска е влијанието на хормоните на хипофизо-гонадната оска и хипофизо-адреналната оска како предикторни фактори за појава на постпарталната депресија. Кандидатката го анализира и влијанието на психолошкото советување врз превенција на постпартална депресија. Кандидатката во докторската дисертација детално ја опишува практичната примена на овие сознанија при зачувување на менталното здравје на пациентките.

**Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата**

Приложената докторска дисертација со наслов: „Евалуација на хормоните на хипофизо-гонадната и хипофизо-адреналната оска како предиктори за појава на постпартална депресија при ин витро фертилизација“ од м-р Јана Белевска обработува дефицитарна и современа научна проблематика вредна за истражување. Во недостаток на автентични истражувања и податоци во РС Македонија кои би ги отсликале предикторните фактори за појава на постпартална депресија кај населението во РС Македонија, кандидатката јасно ја отсликува моменталната состојба и потребата од ваков тип на истражување. Кандидатката објаснува дека биолошки поддржано оплодување е рутинска метода во секојдневната клиничка пракса, но кај нас нема истражувања за психичките проблеми по ин витро фертилизација. Темата е од подрачјето на клиничката медицина од областа гинекологија, за која досега нема пишани податоци од истражување спроведено во РС Македонија.

**Краток опис на применетите методи**

За реализирање на оваа докторска дисертација користени се биохемиски методи за одредување на нивото на хормоните во крвта и тестови за проценка на психолошката состојба, како што се ДАСС-скалата и Единбуршката скала за постпартална депресија.

Кандидатката го одредила хормоналниот статус кај пациентите, на третиот ден од менструалниот циклус и 48 часа по породување со примена на биохемиски методи.

Кандидатката реализирала тестови за проценка на психолошката состојба кај пациентките. За регистрирање на стрес, анксиозност и депресија, кандидатката ја применила ДАС-скалата. ДАС-скалата е комплет од три скали на самоизвестување наменети за мерење на стрес, анксиозност и депресија. Секоја скала содржи 14 тврдења, поделени во супскали со 2 до 5 тврдења. За секое тврдење се добива поени. Со собирање на поените од дадените одговори се добива резултат кој го одредува нивото на стрес, анксиозност и депресија како нормално, лесно, средно, тешко и многу тешко. Кај скалата која ја проценува состојбата на стрес, збир од 0 до 14 поени означува нормална состојба, збир од 15

до 18 поени се интерпретира како состојба на лесен стрес, збир од 19 до 25 поени означува состојба на среден стрес, збир од 26 до 33 поени се интерпретира како тешка стресна состојба и збир еднаков или поголем од 34 поени се интерпретира како многу тешка стресна состојба. Кај скалата која ја проценува состојбата на анксиозност, резултат од 0 до 7 поени означува нормална состојба. Збир од 8 до 9 поени означува состојба на лесна анксиозност, збир од 10 до 14 поени се интерпретира како состојба на средна анксиозност, доколку вкупниот збир е од 15 до 19 поени, состојбата се интерпретира како тешка анксиозност и збир од 20 или повеќе поени означува состојба на многу тешка анксиозност. Кај скалата која ја проценува состојбата на депресија, збир од 0 до 9 поени означува нормална состојба. Збир од 10 до 13 поени се интерпретира како лесна депресија, збир од 14 до 20 поени означува состојба на средна депресија, збир од 21 до 27 поени означува состојба на тешка депресија и збир од 28 или повеќе поени се интерпретира како многу тешка депресија.

Единбуршката скла претставува тест за проценка на постпартална депресија, која е во употреба од 1987 година. Прашалникот е составен од 10 прашања на кои пациентот треба да одговори. Секој одговор се оценува од 0 до 3 бодови. Резултатот се добива со собирање на вкупниот број на бодови. Во тестот пациентките треба да одговорат дали имаат чувство на вознемиреност, чувство на тага, чувство дека состојбите не може да се контролираат, недостаток на сон, чувство на плач и суицидни мисли. Единбуршката скала е скрининг-тест кој е многу едноставен за интерпретација.

Кандидатката направила статистичка обработка на добиените податоци со користење на статистичките програми STATISTICA 8.0 и SPSS for Windows 23,0. Податоците од интерес се прикажани табеларно и графички. За ниво на сигнификантност, односно значајност, земена е вредноста на $p<0,05$.

**<u>Краток опис на резултатите од истражувањето</u>**

Кандидатката во оваа докторска дисертација добиените резултати од спроведената статистичка анализа ги прикажала прегледно преку 66 табели и 49 слики, поделени во наслови и поднаслови.

Во првиот наслов, кандидатката ги изнесува резултатите од анализата на атрибутивните и нумеричките белези на прва испитувана подгрупа која ја сочинуваат 30 испитанички кои биле подложени на ин витро фертилизација без психолошко советување. Прикажана е дистрибуција на испитаниците според возраст, степен на образование и брачен статус. Изнесени се податоци за хормоналниот статус на испитаничките, на третиот ден од менструалниот циклус и 48 часа по породување. За потребите на оваа студија, кандидатката ги одредила вредностите на фолокулостимулирачки хормон и лутеинизирачки хормон, пролактин, естрадиол и кортизол. Вредноста на кортизол на третиот ден од менструалниот циклус варира во интервал од 186,70 до 746,50 nmol/l, со средна вредност 471,56 nmol/l. Вредноста на фоликулостимулирачкиот хормон на 3. ден од менструалниот циклус варира во интервал од 4,50 miu/ml до 10,80 miu/ml со средна вредност од 7,41 miu/ml. Минималната вредност на лутеинизирачкиот хормон на 3. ден од менструалниот циклус изнесува 2,15 miu/ml, додека максималната вредност изнесува 5,75 miu/ml, средната регистрирана вредност изнесува 3,80 miu/ml. На третиот ден од менструалниот циклус, минимална регистрирана вредност на пролактин во оваа студија изнесува 106,90 ng/ml, максимална регистрирана вредност изнесува 389,30 ng/ml, додека средната вредност на пролактин кај испитаниците во оваа студија изнесува 233,09 ng/ml. На третиот ден од менструалниот циклус, минимално регистрирано ниво на естрадиол во оваа студија изнесува 91,39 pg/ml,

максимално регистрирано ниво на естрадиол изнесува 192,00 pg/ml, додека средната вредност на естрадиол кај испитаниците во оваа група изнесува 136,14 pg/ml. Во оваа студија, 48 часа постпартално, минимална регистрирана вредност на кортизол изнесува 167,26 nmol/l, максимална регистрирана вредност на кортизол изнесува 961,15 nmol/l, додека средната вредност на кортизол изнесува 582,81 nmol/l. Фоликулостимулирачкиот хормон 48 часа по породување покажува средна вредност од 5,76 miu/ml, додека минимална регистрирана вредност изнесува 2,80 miu/ml, а максимална регистрирана вредност изнесува 9,10 miu/ml. Минималната вредност на лутеинизирачкиот хормон 48 часа по породување изнесува 0,09 miu/ml, додека максималната вредност изнесува 0,12 miu/ml, средната регистрирана вредност изнесува 0,10 miu/ml. Во оваа студија, пролактинот 48 часа постпартално покажува минимална вредност од 145,09 ng/ml, максималната регистрирана вредност изнесува 637,69 ng/ml, додека средната вредност на пролактин кај испитаниците во оваа студија изнесува 368,35 ng/ml. Средната вредност на естрадиол 48 часа постпартално изнесува 246,15 pg/ml, минимално регистрирано ниво на естрадиол во оваа студија изнесува 167,06 pg/ml, додека, пак, максимално регистрирано ниво на естрадиол изнесува 405,57 pg/ml. Кандидатката во оваа студија ги споредува вредностите на хормоните на 3. ден од менструалниот циклус и постпартално и утврдува дека вредноста на кортизол 48 часа по породување е незначајно поголема во однос на третиот ден од менструалниот циклус. Нивото на фоликулостимулирачки хормон и лутеинозирачки хормон 48 часа по породување покажува статистички сигнификантно пониски вредности споредбено со 3. ден од менструалниот циклус. Кандидатката во оваа студија регистрирала статистички сигнификантно повисоко ниво на пролактин и естрадиол 48 часа по породување во споредба со третиот ден од менструалниот циклус. Кандидатката ја утврдила состојбата на стрес, анксиозност и депресија на почетокот од ин витро фертилизацијата и 48 часа по породување со употреба на ДАС-скалата. На почетокот од ин витро фертилизација, кандидатката регистрирала средна вредност за стрес од 21,37, средната вредност за анксиозност изнесува 13,20 и средната вредност за депресија изнесува 13,73. На прегледот реализиран 48 часа по породување утврдена е средна вредност за стрес од 21,67, средна вредност за анксиозност од 16,03 и средна вредност за депресија од 15,63. Кандидатката регистрирала поголеми вредности на стрес, анксиозност и депресија 48 часа по породување во споредба со состојбата пред почеток на ин витро фертилизацијата. При кростабулација на квалитативните вредности за стрес, анксиозност и депресија на првиот гинеколошки преглед и 48 часа по породување, кандидатката регистрирала значајна разлика со пораст на вредностите за стрес, анксиозност и депресија 48 часа по породување. Кандидатката за проценка на постпартална депресија кај испитаничките ја користела Единбуршката скала. Во оваа студија, добиените вредности на Единбуршката скала се во интервал од 4 до 20, со средна вредност од 10,57. Со оваа скала кај 50% од испитаничките се регистрирани краткотрајни симптоми на вознемиреност, кај 16,7% од испитаничките се утврдени непријатни симптоми на вознемиреност и кај 33,3% од испитаничките е утврдена голема веројатност за појава на депресија. Сите наоди се прикажани табеларно и со графикони.

Во вториот наслов, кандидатката ги изнесува резултатите од анализата на атрибутивните и нумеричките белези на втората испитувана подгрупа која ја сочинуваат 30 испитанички кои биле подложени на ин витро фертилизација со психолошко советување. Возраста на испитаничките се движи во интервал од 28 до 45 години, со средна вредност од 36,63 години. Кандидатката го одредила

хормоналниот стстус кај испитаничките на третиот ден од менструалниот циклус и 48 часа по породување. Во оваа студија на третиот ден од менструалниот циклус регистрирана е средна вредност на кортизол од 379,31 nmol/l, средна вредност на FSH од 6,74 miu/ml, средна вредност на лутеинизирачки хормон од 3,48 miu/ml, средна вредност на пролактин 247,15 ulU/ml и средна вредност на естрадиол 170,88 pg/ml. Кандидатката, 48 часа по породување кај испитаничките во оваа студија утврдила средна вредност на кортизол од 726,25 nmol/l, средна вредност на FSH изнесува 8,45 miu/,ml, средна вредност на лутеинизирачки хормон изнесува 0,10 miu/ml, средна вредност на пролактин изнесува 395,40 ulU/ml и средна вредност на естрадиол изнесува 293,49 pg/ml. Кандидатката направила корелација на вредностите на хормоналниот статус при првиот гинеколошки преглед и 48 часа по породување. Вредноста на кортизол, фоликулостимулирачки хормон, пролактин и естрадиол значајно е поголема 48 часа по породување во споредба со вредноста при првиот гинеколошки преглед. Вредноста на лутеинизирачки хормон е помала 48 часа по породување во споредба со вредноста добиена при првиот гинеколошки преглед. Кандидатката ја утврдила состојбата на стрес, анксиозност и депресија на првиот гинеколошки преглед и 48 часа по породување со употреба на ДАС-скалата. На првиот гинеколошки преглед регистрирана е средна вредност за стрес од 11,97, средната вредност за анксиозност изнесува 6,20 и средната вредност за депресија изнесува 6,73. На прегледот реализиран 48 часа по породување утврдена е средна вредност за стрес од 7,70, средна вредност за анксиозност од 5,53 и средна вредност за депресија од 4,47. При корелација на вредностите, кандидатката регистрирала значително помала вредност на стрес и незначително помала вредност на анксиозност и депресија 48 часа по породување во споредба со првиот гинеколошки преглед. При кростабулација на квалитативните вредности за стрес, анксиозност и депресија на првиот гинеколошки преглед и 48 часа по породување, кандидатката утврдила дека не постои статистички сигнификантна разлика на состојбата на стрес и анксиозност, но во оваа студија утврдена е статистички сигнификантна разлика на депресија 48 часа по породување во споредба со првиот преглед. Кандидатката за проценка на постпартална депресија кај испитаниците ја користела Единбуршката скала. Во оваа студија добиените вредности на Единбуршката скала се во интервал од 4 до 16, со средна вредност од 9,03. Со оваа скала кај 70% од испитаничките се регистрирани краткотрајни симптоми на вознемиреност, кај 13,3% од испитаничките се утврдени непријатни симптоми на вознемиреност и кај 16,7% од испитаничките е утврдена голема веројатност за појава на депресија. Сите наоди се прикажани табеларно и со графикони.

Во третиот наслов, кандидатката ги изнесува резултатите од анализа на атрибутивните и нумеричките белези на контролната група која ја сочинуваат 30 испитанички со спонтано забременување. Возраста на пациентките во контролната група се движи во интервал од 24 до 37 години, со средна возраст од 29 години. Кандидатката го одредила хормоналниот статус кај контролната група на првиот гинеколошки преглед кога е потврдена бременоста. Вредноста на кортизол се движи во интервал од 547,49 до 712,14 nmol/l, со средна вредност 620,79 nmol/l. Вредноста на фоликулостимулирачкиот хормон варира во интервал од 0,42 miu/ml до 0,96 miu/ml со средна вредност од 0,74 miu/ml. Минимална регистрирана вредност на лутеинизирачкиот хормон изнесува 3,85 miu/ml, додека максималната вредност изнесува 8,19 miu/ml, средната регистрирана вредност изнесува 5,47 miu/ml. Минимална регистрирана

вредност на пролактин кај контролната група изнесува 499,96 ng/ml, максимална регистрирана вредност изнесува 678,25 ng/ml, додека средната вредност на пролактин во оваа студија изнесува 552,03 ng/ml. Минимално регистрирано ниво на естрадиол во оваа студија изнесува 1471,63 pg/ml, максимално регистрирано ниво на естрадиол изнесува 2110,25 pg/ml, додека средната вредност на естрадиол кај испитаниците во оваа група изнесува 1744,15 pg/ml. Кандидатката го одредила хормоналниот статус кај пациентките 48 часа по породување. Вредноста на кортизол се движи во интервал од 198,84 до 907,51 nmol/l, со средна вредност 740,35 nmol/l. Вредноста на фоликулостимулирачкиот хормон варира во интервал од 3,19 miu/ml до 8,71 miu/ml со средна вредност од 6,19 miu/ml. Вредноста на лутеинизирачки хормон варира во интервал од 0,09 miu/ml до 0,11 miu/ml со средна вредност од 0,10 miu/ml. Вредноста на пролактин кај контролната група варира во интервал од 180,94 ng/ml до 705,01 ng/ml, со средна вредност од 446,77 ng/ml. Вредноста на естрадиол кај контролната групе е во интервал од 177,84 pg/ml до 501,24 pg/ml, со средна вредност од 263,94 pg/ml. Вредноста на кортизол и фоликулостимулирачки хормон е поголема 48 часа по породување во споредба со вредноста при првиот гинеколошки преглед. Вредноста на естрадиол, лутеинизирачки хормон и пролактин е помала 48 часа по породување во споредба со вредноста добиена при првиот гинеколошки преглед. Кандидатката ја утврдила состојбата на стрес, анксиозност и депресија на првиот гинеколошки преглед и 48 часа по породување со употреба на ДАС-скалата. На првиот гинеколошки преглед регистрирани е средна вредност за стрес од 16,87, средната вредност за анксиозност изнесува 10,53 и средната вредност за депресија изнесува 10,97. На прегледот реализиран 48 часа по породување утврдена е средна вредност за стрес од 21,13, средна вредност за анксиозност од 14,03 и средна вредност за депресија од 14,80. Кандидатката регистрирала значајно поголеми вредности на стрес, анксиозност и депресија 48 часа по породување во споредба со првиот гинеколошки преглед. При кростабулација на квалитативните вредности за стрес, анксиозност и депресија на првиот гинеколошки преглед и 48 часа по породување, кандидатката регистрирала значајна разлика со пораст на вредностите за стрес, анксиозност и депресија 48 часа по породување. Кандидатката за проценка на постпартална депресија кај испитаниците ја користела Единбуршката скала. Во оваа студија добиените вредности на Единбуршката скала се во интервал од 6 до 19, со средна вредност од 10,17. Со оваа скала кај 60% од испитанички се регистрирани краткотрајни симптоми на вознемиреност, кај 20% од испитанички се утврдени непријатни симптоми на вознемиреност и кај 20% од испитаничките е утврдена голема веројатност за појава на депресија. Сите наоди се прикажани табеларно и со графикони.

Кандидатката во оваа докторска дисертација ги анализирала и предикторите за појава на постпартална депресија. Кандидатката ги анализирала ефектите на психолошкото советување како предикторен фактор. Притоа утврдила дека испитаничките кои биле подложени на психолошко советување имаат значајно помал ризик за постпартална депресија. Може да се каже дека психолошкото советување има превентивно делување врз појавата на постпартална депресија. Кандидатката ги анализирала хормоните на хипофизо-адреналната и хипофизо-гонадната оска како предиктори на постпартална депресија. Најголемо влијание како предикторен хормон за појава на постпартална депресија има FSH, потоа кортизол, пролактин, додека влијанието на естрадиол е најслабо. Зголемувањето на нивото на FSH за единечна вредност

од 1 miu/ml доведува до намалување на ризикот за постпартална депресија за 74,70%, притоа влијанието на FSH е значајно 95% C.I:0,112-0,572/p<0,01. Зголемувањето на нивото на кортизол за единечна вредност од 1 nmol/l доведува до намачување на ризикот за постпартална депресија за 1,30, односно влијанието на кортизол е значајно, 95% C.I:0,979-0,996/p<0,01. Зголемувањето на нивото на пролактин за единечна вредност од 1ulU/ml доведува до зголемување на ризикот за постпартална депресија за 1,60%, односно влијанието на пролактин е значајно, 95% C.I: 1,003-1,028/p<0,05. Зголемувањето на нивото на естрадиол за единечна вредност од 1pg/ml доведува до намалување на ризикот за постпартална депресија за 2%, притоа влијанието на естрадиолот е значајно 95% C.I:0,964-0,996/p<0,05.

Шестото поглавје се однесува на дискусијата на докторската дисертација, која опфаќа детална анализа на добиените резултати. Кандидатката систематизирано дава толкување на добиените резултати и ги споредува со објавените релевантни резултати од други студии кои ја третираат оваа проблематика. Широкиот спектар на достапни истражувачки студии и објавени резултати го оправдува и го прави актуелно ова истражување. Кандидатката ги споредувала сопствените резултати од оваа докторска дисертација, кои укажуваат на согласност со податоците од литературата и резултатите добиени од слични, пообемни истражувања во интернационални рамки.

Во седмото поглавје, врз основа на анализата на податоците и добиените резултати од истражувањето, кандидатката ги формулирала заклучоците од истражувањето. Во заклучните согледувања кандидатката наведува дека хормоните на хипофизо-гонадната оска делумно се предиктори на постпартална депресија, додека хормоните на хипофизо-адреналната оска се предиктори на постпартална депресија. Кандидатката наведува дека психолошкото советување има превентивно делување врз појавата на постпартална депресија кај жените кои се подложени на ин витро фертилизација.

Последното, осмо поглавје од докторската дисертација ја содржи приложената литература која е обемна и прегледна, содржи 174 референци, опфаќа современи публикации од темата која се обработува и коректно е цитирана по прифатените стандарди.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јана Белевска, со наслов „Евалуација на хормоните на хипофизо-гонадната и хипофизо-адреналната оска како предиктори за појава на постпартална депресија при ин витро фертилизација“, претставува истражување во клиничка медицина од научното подрачје гинекологија со акушерство. Во согласност со мотивот на студијата дефинирани се целите на истражувањето да се прикажат предикторните фактори на ризик за појава на постпартални психички растројства кај пациентки подложени на биолошки поддржано оплодување. Поставените цели во студијата се во целост реализирани, а добиените резултати се адекватно презентирани и обработени со научно и применето клиничко значење. Сумирајќи ги концизно резултатите од оваа студија и заклучоците кои од нив произлегуваат, кандидатката дава значаен придонес за зголемување на знаењата за факторите на ризик за појава на постпартална депресија. Клиничкото значење на оваа студија произлегува од резултатите преку кои се добиени прецизни податоци за ризик-факторите за појава на постпартална депресија кои ќе се користат во секојдневната клиничка практика. Податоците за ризик-факторите за појава на постпартална депресија се од особено значење при планирање на биолошки поддржано оплодување. Познавањето на факторите на ризик ни овозможува

индивидуално приспособување на протоколите при биолошки планирано оплодување со цел да се сочува менталното здравје на пациентките кои се подложени на овие процедури.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Јана Белевска, со наслов „Евалуација на хормоните на хипофизо-гонадната и хипофизо-адреналната оска како предиктори за појава на постпартална депресија при ин витро фертилизација“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за подготовка на докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила следниве рецензирани истражувачки трудови:

[1]. Автори: „Белевска Јана“. The impact of psycho-education on in vitro fertilisation treatment efficiency, објавен во: Contributions Sec. Med. Sci. 2015; 36(2):211-216.

[2]. Автори: „Белевска Јана“. Depression in women in the generative period after total extirpation of the uterus, објавен во: JMS 2021; 4(1):105-112.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Главен научен придонес на докторската дисертација се добиените автентични податоци и можноста за нивна клиничка примена при дијагноза и третман на постпартална депресија кај популацијата во РС Македонија. М-р Јана Белевска со своето претходно искуство во научноистражувачката работа, како и со спроведувањето на оваа студија, со објавените научни трудови во стручни публикации, ќе даде значаен придонес во научноистражувачката работа во оваа област. Кандидатката, во своето научно портфолио, има запишано учества во домашни и меѓународни асоцијации од областа на гинекологијата и акушерството и психијатријата преку кои има изградено солидна мрежа за дисеминација и размена на стекнатите знаења. Таквите комуникации во иднина ќе обезбедат конкретна споредба на резултатите и наодите објавени во докторската дисертација со наодите на слични студии и ќе отворат можност за дополнителна верификација на научниот труд на кандидатката во оваа област. Дополнително, преку понатамошниот стручен и академски ангажман на кандидатката, наодите и знаењата од оваа докторска дисертација можат да бидат пренесени до студентите и постдипломците кои се заинтересирани за проблематиката на менталното здравје кај пациентки кои се подложени на биолошки поддржано оплодување.

Податоците од оваа студија наоѓаат практична примена во клиничките дисциплини како што се: гинекологија и акушерство и во психијатрија. Во гинекологијата и акушерството, во секојдневна рутинска употреба се користат методи на биолошки поддржано оплодување. Еден дел од пациентките кои биле подложени на биолошки поддржано оплодување развиваат постпартални депресии. Добиените сознанија од оваа студија ќе придонесат да се постави навремена дијагноза и да се донесе правилна одлука за третман на пациентките со постпартална депресија. Дополнително добиените сознанија од оваа студија наоѓаат практична примена во процесот на едукација на идните лекари.

Докторската дисертација „ Евалуација на хормоните на хипофизо-гонадната и хипофизо-адреналната оска како предиктори за појава на постпартална депресија при ин витро фертилизација“, поднесена од м-р Јана Белевска, претставува оригинален и самостоен научен труд и во целост ги исполнува условите согласно со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Комисијата смета дека трудот ги опфаќа и во целост ги обработува поставените проблеми и ги содржи сите елементи на научен труд, со јасно дефинирани цели, прецизно изложени материјал и методи, детално прикажани статистички обработени резултати. Дискусијата и заклучоците се објективни и реални и даваат прецизни одговори на поставените цели.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Јана Белевска со наслов „Евалуација на хормоните на хипофизо-гонадната и хипофизо-адреналната оска како предиктори за појава на постпартална депресија при ин витро фертилизација“.

**КОМИСИЈА**
**Проф. д-р Бранислав Стефановски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Марија Папазова, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Ана Маркова Данева, член, с.р.**
**Проф. д-р Горан Димитров, член, с.р.**
**Проф. д-р Глигор Тофоски, член, с.р.**

# **Р Е Ц Е Н З И Ј А**
## **НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СТРУКТУРА НА ПЛАТА И МОДЕЛИ НА НАГРАДУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ”, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р СУЗАНА СТОШЕВСКА-НИКОЛОВСКА, ПРИЈАВЕНА НА ПРАВНИОТ ФАКУЛТЕТ „ЈУСТИНИЈАН ПРВИ” ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, на седницата одржана на 26.2.2021, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката ***м-р Сузана Стошевска-Николовска*** под наслов: ***Структура на плата и модели на наградување на вработените*** (англ. The structure of salary and models of rewarding the employees), во состав: проф. д-р Гзиме Старова, проф. д-р Тодор Каламатиев (ментор), проф. д-р Александар Стојков, проф. д-р Лазар Јовевски и проф. д-р Александар Ристовски.

Комисијата со внимание ја проучи докторската дисертација на кандидатката и на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје му го поднесува следниов

## **И З В Е Ш Т А Ј**

### **I. Анализа на докторската дисертација**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Сузана Стошевска-Николовска под наслов „Структура на плата и модели на наградување на вработените” (анг. The structure of salary and models of rewarding the employees) опфаќа 209 страници компјутерски изработен текст, фонт Times New Roman, со големина на букви 12 и содржи 186 фусноти. При изработката на докторската дисертација е користена обемна домашна и странска литература. Во трудот се користени и консултирани 140 библиографски единици на книги, монографии, статии и публикации, како и меѓународни правни извори.

Материјата обработена во докторската дисертација е систематизирана во методологија на истражување, вовед, девет дела, кои се правилно означени и распоредени, меѓусебно поврзани и соодветно димензионирани и кои се поделени на глави со точки и потточки, заклучок и користена литература. Ваквата структурна композиција на дисертацијата овозможува да се препознае проблемот што се обработува и со тоа лесно да се следи неговата елаборација и аргументирање.

***Воведот*** ги содржи научната и општествена оправданост на темата на докторската дисертација, предметот и целта на истражувањето, основната хипотеза од која поаѓа кандидатката при пишувањето на докторската дисертација, методите кои се користени при изработка на дисертацијата, како и значењето кое таа ќе го има како во теоријата, така и во практиката. Научната и општествена оправданост на докторската дисертација кандидатката ја наоѓа во потребата од истражувања на правото на работа и правата од работен однос кои спаѓаат во основните човекови права, сè со цел добивање на плата, односно надомест за сработеното.

Имено, Северна Македонија се декларира како социјална држава во својот Устав. Правото на работа, соодветна заработувачка и правата од работен однос во тој акт се заштитени како основни права на граѓаните. Уставот вели дека тие можат да се регулираат со закон и со колективни договори. Работниот однос неминовно е поврзан со општествените односи, но не помалку битни се и

работните услови, техничко-техношолкиот напредок, кооперативноста и судирот на интереси на самите вработени, колективниот и индивидуалниот поттик за работа и различни други детерминати на национално и меѓународно ниво. Воедно, кандидатката посебно го нотира фактот дека правото на работа спаѓа во групата на економско-социјални права. Се дефинира како право кое му припаѓа на секој човек како можност на заработувачка преку слободно прифатена и избрана работа. Како главни предуслови за исполнување и оставрување на ова право се забрана на ропство и присилна работа. Меѓутоа, правото на работа не подразбира гаранција за работно место. Се поаѓа од тоа дека субјектите отвораат работни места и овозможуваат вработување, а државата со својата активна економска и социјална политика создава амбиент кој субјектите ги стимулира да отвораат работни места.

Предметот на проучување на докторската дисертација се структурата на платата и моделите на наградување на вработените и фокусот на овој докторски труд е правото на плата и плаќањето на работата на вработените. Работната сила е движечката сила. Покрај тоа што се вработуваме да се реализираме како личности, да стекнеме искуство, да напредуваме, првенствено работиме за паричен надомест. Платата е основно средство за егзистенција. За да може да опстанеме, потребно е да заработуваме пристојно и пропорционално на тоа да имаме достоинствен животен стандард со кој ќе ги оствариме своите потреби. Тоа е еден цел институт кој постојано е на врвот при колективното преговарање, при процесот на подобрување на работните и животните услови. На тој начин се прикажува како се цени трудот на вработените и колку тие се мотивирани да бидат продуктивни и да придонесат за напредок на долгорочен план.

Поаѓајќи од вака определениот, општ предмет на истражување, во дисертацијата внимание е посветено и на мотивирање на работниците како би ги исполнувале своите работни задачи комплетно и со задоволство заради наградата која ја примаат заради извршеното. Како стимулативни средства за зголемување на мотивација најчесто се користат: пари, признанија, одмор, доделување на дел од акциите, сакана работа, напредување, слобода, личен развој, забава, подароци и слично. Мотивирањето, наградувањето, казнувањето го прават своето, но сепак врвниот менаџер треба почесто да слегува во различни сектори (производство, маркетинг, продажбата), за да утврди што се случува на теренот. Можно е се да се испланира до детал, да се вложат и средства и време и труд за да се оствари зацртаното, а нељубезноста на вработениот сè да уништи. Заради тоа, успешните менаџери практикуваат да поминат одредено време во производството или продажбата. За таа цел, во трудот се разгледуваат повеќе модели на наградување на вработените заради правилно оценување на вложениот труд.

Основната хипотеза од која тргнува кандидатката е дека правото на работа спаѓа во групата на економско-социјални права. Се дефинира како право кое му припаѓа на секој човек како можност на заработувачка преку слободно прифатена и избрана работа. Како главни предуслови за исполнување и остварување на ова право се забрана на ропство и присилна работа. Меѓутоа правота на работа не подразбира гаранција за работно место, односно запослување. Се поаѓа од тоа дека субјектите отвораат работни места и овозможуваат запослување, а државата со својата активна економска и социјална политика создава амбиент кој субјектите ги стимулира да отвораат работни места со цел остварување на плата како примарно егзистенцијално прашање на секој човек.

***Првиот дел*** е насловен како „Плата” и во првата глава кандидатката истражувањето го насочува кон испитување на неопходноста од законската регулатива со која се регулира платата во нашата земја, со посебен акцент на видови на плати.

Во оваа насока, а со цел јасно разбирање на поимот и значењето на платата, кандидатката врши определување на важноста на плаќањето на трудот кое има исклучителна важност за резултатите на секоја организација. Тоа ги мотивира работниците и суштествено влијае на однесувањето на работата и на усогласувањето на интересите на вработените со интересите на организацијата. Управување со плаќање на човечките ресурси претставува моќно средство за управување со организацијата во целина, за привлекување и интегрирање на вработените во неа – да учествуваат во функционирањето на организацијата и да работат за остварување на поставените цели. Кандидатката ги образложува факторите и методите за утврдување на основната плата и дава опширна анализа за флексибилните плати кои покрај моќните аргументи против флексибилната плата, многу организации и вработени сметаат дека е сосема правилно и соодветно вработените кои придонесуваат повеќе да бидат платени повеќе. Меѓутоа, за процесот на одлучување за тоа кој добива флексибилна плата и колку, да биде фер, соодветен, конзистентен и во согласност со принципите на дистрибутивната правда, луѓето треба да чувствуваат дека се третирани праведно, дека наградата им е определена во согласност со придонесот, односно дека го добиваат она што им е ветено и дека го добиваат она што им е потребно. Во таа насока е направена и анализа на видовите флексибилни плати.

Во ***вториот дел*** од дисертацијата, насловен како ,,Поим на плата/бруто плата”, кандидатката се осврнува на главниот предмет на проучување на бруто платата, која претставува збир од придонеси и нето плата, која секој вработен во Република Северна Македонија има право да ја оствари, доколку согласно со законските прописи и важечки закони заснова работен однос. Правото на работникот е гарантирано и заштитено. Бруто плата е целина и таа е неделива и не дозволува право на избор на уплата на само определени ставки според системот на интегрирана наплата. Имено, секој работник има право на заработувачка односно плата која е определена согласно со закон, колективен договор и договор за вработување при што плаќањето на работата мора да биде секогаш во парична форма. Кандидатката дава објаснување за основната плата и нејзините компоненти односно анализата ја проширува на материјалните надоместоци на платата (надоместоци на трошоци поврзани со работа, регрес за годишен одмор, бонус за прекувремена работа), како и други надоместоци (додатоци на плата, трошоци за службени патувања, дневници за службени патувања во земјата за вработени во приватен и јавен сектор, дневници за службени патувања во странство за вработени во приватен и јавен сектор, надомест за сопствено возило за службени патувања и останати видови на надоместоци) на кои имаат право работниците преку извршување на работата за која имаат склучено договор за работа. Значаен сегмент во овој дел е и минималната плата и утврдувањето на платата за која кандидатката врши подетална обработка преку реални примери и пресметки.

***Третиот дел*** од дисертацијата, насловен како „Плати во РСМ според колективни договори”, целосно е сконцентриран на примери на плати кои се регулирани согласно со колективните договори. Тука кандидатката обработува и дефинира различните видови на пресметки на плати, односно нивниот

основен дел – основната плата и додатоците на платата според повеќе видови на колективни договори (општиот колективен договор за приватниот сектор од областа на стопанството, општиот колективен договор за јавниот сектор, колективниот договор за угостителство, колективниот договор за здравствена дејност како и колективниот договор на Управата за јавни приходи).

Во ***четвртиот дел*** од докторската дисертација, под наслов „Структура и висина на платите како фактор за правилно наградување на вработените”, кандидатката ја анализира структурата на платите која може да се подели во поголем број на одделни работи или во групи на работи кај кои суштинската природа и целта на работата се слични, но работата се изведува на различни нивоа. Имено, структурата на платите ги дефинира различните нивоа на плати за работи или групи на работи, во зависност од: нивната внатрешна релативна вредност како што е утврдено со евалуацијата на работата, од екстерните односи утврдени со анализа на пазарните стапки, а понекогаш и од договорените нивоа на плати. Структурата на платите обезбедува основа за зголемување (прогресија) на платите во согласност со перформансите, компетентноста, придонесот или услугата на вработените. Кандидатката дава објаснување и за видовите на структура и категоризирање на платите кои се среќаваат во практиката се како што се: мултистепена, широкостепена, широкослојна, фамилија на работи, фамилија на кариера и „pay spine“ (рбетен столб на плати). Заради значајноста на платата, како основен предмет на овој труд кандидатката ги разработува и елементите заради дефинирање и определување на платата, и тоа: вредноста на работата што се извршува на одделни работни места или знаења, способноста и вештините што се потребни за нивно извршување и резултатите (ефектите) што ги остваруваат вработените работејќи на своите работни места, како и системите на плаќање на вработените, и тоа: систем на плаќање според време поминато на работа и систем на плаќање според остварените резултати, односно перформанси.

Во ***петтиот дел*** од докторската дисертација ,,Видови и начини на наградувања во РСМ”, кандидатката дава објаснување за финансиските и нефинансиските наградувања, а како дополнување заради пример во пракса го дава примерот на наградување на вработените во Управата за јавни приходи во РСМ. Кога станува збор за финансиските наградувања, кандидатката дава објаснување дека паричните награди – бонуси им се исплаќаат на вработените во зависност од остварениот учинок. Неговото мерење тргнува од различни параметри во различни дејности, претпријатија, култури и економии. Најчесто пресметката на бонусот се заснова на зафаќање на дел од профитот или, пак, како соодност во вкупниот остварен промет. Додека, пак, кога станува збор за нефинансиски наградувања, кандидатката набројува неколку примери за нив, како што се: возила, животно осигурување, пензиски шеми и др.

Во ***шестиот дел*** под наслов „Плата како средство за продуктивност на вработените”, кандидатката дава подетални објаснувања за мотивацијата на вработените, т.е. за клучниот фактор за мотивација и за врската помеѓу оној кој управува и оние со кои се управува. Токму она што се случува во моментот на контакт или комуникација меѓу менаџерот и вработениот е клучната детерминанта на достигнувањата, ефективноста, продуктивноста, на крајниот резултат и на профитабилноста на една организација. Точката каде што се среќаваат двајцата луѓе, без оглед на тоа дали средбата е позитивна или

негативна, е онаа каде што се решаваат минатото, сегашноста и идното остварување на поединецот и организацијата. Имајќи ја предвид значајноста на платата, кандидатката дава видување и за компензациските планови кои влијаат врз поттикнувањата на работниците да вложуваат напори. Имено, станува збор за три елементи кои пошироко ја карактеризираат компензациската шема на работодавачот, и тоа: основата за пресметка на платата; ниво на плати споредено со платите на слични работници на друго место и за работодавачите со интерни пазари на труд и секвенционирање на платата во текот на кариерата на работниците. Секој од наведените елементи, кандидатката ги разработува поединечно, сè со цел потенцирање на важноста на платата како основно егзистенцијално прашање на секој човек.

Во ***седмиот дел*** од дисертацијата, со наслов „Законски обврски на исплатувачот на бруто плата", кандидатката се осврнува на сите релевантни извори заради објаснување, како во теоријата така и во праксата, какви се обврските на исплатувачот на платата дополнето со примери. Кандидатката го објаснува значењето на обврските согласно со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и Законот за личен доход, според кои Управата за јавни приходи доби нова и многу значајна функција, во единствена постапка да ги контролира, да ги утврдува и да ги наплатува придонесите од задолжително социјално осигурување (придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување во случај на невработеност) и персоналниот данок на доход. Започнувајќи од 1.1.2009 година, УЈП прибира месечно податоци за пресметани плати, придонеси и персонален данок на доход, нив ги контролира и води евиденција поединечно за секој обврзник. Преку презентирани обрасци и примери во пракса, кандидатката се осврнува на комплетна постапка од регистрација на обврзниците до комплетно исполнување на обврските на исплатувачот и примачот на платата согласно со новите законски прописи во РСМ, сè со цел подетална анализа и објаснување на процесот и постапката која исплатувачите и примателите на платата треба да ја исполнат во Управата за јавни приходи во РСМ. Станува збор за значаен процес и постапка која граѓаните во РСМ имаат право да ја знаат од причина што од нив се бара да ја почитуваат.

Во ***осмиот дел*** од дисертацијата, насловен како „Меѓународна организација на трудот МОТ", кандидатката посветува внимание на улогата и значењето на МОТ и ги образложува конвенциите на МОТ кои се однесуваат на платата. Кандидатката објаснува дека самата идеја за создавање меѓународно законодавство што би ја уредувало проблематиката во врска со положбата на работниците во текот на работата, се јавува дури при крајот на минатиот век. Појавата на идејата беше последица на фактот што националните законодавства во областа на трудот, пред се на заштитното законодавство од една страна, постана претесно да го опфати не само севкупниот број на домашните работници, туку и нивниот се поголем број вработени надвор од земјата, а од друга страна, со оглед на јакнењето и ширењето на светскиот пазар, тоа стана неспособно да обезбеди максимум заштита на вработените лица. На тој начин, прашањето за уредувањето на работните односи почна да ги надминува границите на доменот на прашање со само национални димензии. За таа цел, кандидатката го потенцира значењето на МОТ, која е прва организација во историјата на човештвото која проблемите од областа на трудот, конкретно положбата на работниците, ги уредува на меѓународен план. Нејзиното

создавање беше резултат на еволуцијата на социјалните идеи за меѓународна заштита на работниците, изнесена во текот на XIX век.

Во ***деветтиот дел*** под наслов „Компаративна анализа”, кандидатката ја обработува законската регулатива на платите во развиената земја како што е Велика Британија, како и споредба на платата во РСМ со платите во Република Босна и Херцеговина, Република Српска и Република Хрватска. Преку примери за пресметка на плата, кандидатката дава лично видување на предноста и недостатоците на законските измени што се однесуваат на платата, која е основен предмет на овој докторски труд.

Во ***заклучокот***, кандидатката сублимирано ги презентира своите општи и посебни согледувања до кои дошла при истражувањето на предметот на докторската дисертација. Заклучните согледувања и препораките за развој се базираат на длабока теоретска и емпириска анализа. Во заклучокот се содржани крајните согледувања на кандидатката во форма на препораки и решенија за надминување на определени проблеми за понатамошен развој на регулативите кои се однесуваат на платата, во што се состои научниот придонес на оваа докторска дисертација.

На крајот од докторската дисертација се наоѓаат пописот на користена домашна и странска литература и листа на табели, прикази, слики и графикони.

## II. Оцена на докторската дисертација

Докторската дисертација на кандидатката м-р Сузана Стошевска-Николовска, под наслов „Структура на плата и модели на наградување на вработените” (англ. The structure of salary and models of rewarding the employees), претставува самостоен научен труд во кој на академски прифатлив начин се елаборира актуелна, значајна и извонредно комплексна материја.

Кандидатката успешно одговори на поставените истражувачки задачи. Докторската дисертација методолошки, јазично и терминолошки ги задоволува критериумите на научноистражувачки докторски труд. Материјата во трудот е презентирана рамномерно, според еден логичен редослед, а ставовите на кандидатката се презентирани на едноставен и јасен начин. Јазикот на кој пишува е академски, а истовремено лесно читлив и разбирлив, додека начинот на цитирање на правните извори и на користената литература ги задоволува современите стандарди на академско пишување.

Аналитичката рамка поставена во истражувањето ги следи актуелните тенденции во меѓународното право, а применетата методолошка рамка обезбедува релевантност и издржаност на сознанијата презентирани во докторската дисертација. Имено, трудот се одликува со сериозен пристап кон третираниот проблем и опфаќа обработка на сите правно-релевантни аспекти, соодветна аргументација и илустрација на правно-релевантните факти. Ваквиот пристап на кандидатката кон изготвувањето на докторската дисертација е надополнет со коректно користење на обемна странска научна и стручна литература од најнов период. Изразеното критично размислување, базирано на сеопфатна анализа, како и емпириското истражување ѝ даваат посебен квалитет на докторската дисертација. И на крајот, дисертацијата претставува солидна основа за идни истражувања во оваа област, што претставува несомнена потврда за нејзината научна вредност.

## III. Заклучок и предлог

Врз основа на изнесената анализа и оцена, Комисијата со задоволство оценува дека докторската дисертација е резултат на самостојна научна работа и солидно изработен самостоен научен труд кој ги задоволува стандардите за изработка на самостојни научни трудови од ваков вид, предвидени во соодветната законска регулатива и актите на Правниот факултет „Јустинијан Први” и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје. Кандидатката успешно обработува една актуелна, но и многу комплексна и сериозна тема која во Република Северна Македонија и во регионот е малку проучена.

Оттука, Комисијата за оцена на докторската дисертација, со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први” во Скопје да го усвои овој Извештај и позитивната оцена на трудот и да формира Комисија за одбрана на докторската дисертација „Структура на плата и модели на наградување на вработените” на кандидатката м-р Сузана Стошевска-Николовска.

**Комисија за оцена на докторската дисертација**

**Проф. д-р Гзиме Старова, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Тодор Каламатиев, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Александар Стојков, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Лазар Јовевски, вонреден професор, с.р.**
**Проф. д-р Александар Ристовски, вонреден професор, с.р.**

***Прилог бр. 5***

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

### 1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Д-р Генц Чилерџиу | Евалуација на промените на површината на емајлот и јачината на врската помеѓу емајлот и ортодонтскиот брекет во зависност од времетраењето на средството за нагризување на емајлот – ин витро студија | Evaluation of enamel surface and bond strength depending on different time of etching – in vitro study | Проф.д-р Габриела Ќурчиева Чучкова | 02-1150/1 18.05.2021 |
| 2. | Д-р Миѓен Демјаха | Процена на влијанието на различни концентрации на средство за нагризување на емајлот врз јачината на врската помеѓу емајлот и ортодонтски брекети и оштетување на емајлот – ин витро студија | Impact of different acid concentrations on bond strength of ortxodontic brackets and enamel damage – in vitro study | Проф.д-р Габриела Ќурчиева Чучкова | 02-1151/1 18.05.2021 |
| 3. | Д-р Рајмонда Халили | Примена на Т-скен III за анализа на оклузија кај пациенти носители на дентални мостови во услови на Kennedy III класа | Application of T-scen III for oclusal analysis in patient carriers of dental bridges in conditions of Kennedy class III | Проф.д-р Јадранка Бундевска | 02-1149/1 18.05.2021 |
| 4. | Д-р Себахате Алидема | Степен на ресорпција на мандибуларниот алвеоларен гребен кај пациенти носители на vertex thermosens протези и носители на конвенционални акрилатни протези | The rate of mandibular residual ridge resorption in patient wearers vertex thermosens denture compared to conventional acrylic dentures | Проф.д-р Јадранка Бундевска | 02-1152/1 18.05.2021 |
| 5. | Д-р Јета Кисери Кубати | Споредување на два типа фиксни ретејнери применети по завршен ортодонтски третман со фиксни ортодонтски апарати кај пациенти со малоклузија Класа I збиеност | Comparasion of two different models of fixed retainers in Angle class I patients treated for crowding with fixed appliances | Проф.д-р Габриела Ќурчиева Чучкова | 02-1160/1 18.05.2021 |

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „ВОВЕД ВО БИОСТАТИСТИКА“ ОД АВТОРИТЕ ПРОФ. Д-Р ВАСИЛКА ПОПОСКА ТРЕНЕВСКА И М-Р ВИКТОР ДЕНКОВСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, бр. 0202-1384/7 од 26.10.2020 г., за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Вовед во биостатистика“ од авторите: проф. д-р Василка Попоска Треневска и м-р Виктор Денковски, наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, за предметот Биостатистика, избрани се: проф. д-р Фимка Тозија, проф. д-р Влагица Сековска и вонр. проф. д-р Никола Адамов.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### I. ОПШТ ДЕЛ

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Вовед во биостатистика |
| **Назив на предметната програма:** | Биостатистика |
| **Назив на студиската програма:** | Ветеринарна медицина |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети)**:** | 15+30 и 2,5 кредити |
| Предметот Биостатистика на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје е задолжителен предмет со фонд на часови 15+30, број на ЕКТС-кредити 2,5 и се слуша во прв семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | прво издание |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 230 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 8 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 42 слики и 66 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Фимка Тозија, с.р.**
**Проф. д-р Благица Сековска, с.р.**
**Проф. д-р Никола Адамов, с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Фимка Тозија

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Текстот е структуриран во шест поглавја, прилог и литература. Во првото поглавје, „Вовед во теорија на веројатноста“, авторите даваат осврт на веројатноста во статистиката, теоријата на веројатност, нејзината употреба во статистиката и законот на големите броеви. „Вовед во биостатистика“ е второто поглавје во кое се разработени развитокот, дефинициите и методите во биостатистиката, статистичката маса и својства, како и статистичките единици и белези. „Дескриптивна статистика“ е третото поглавје со детално елаборирање на основните концепти и типови на податоци; етапите и фазите на статистичко истражување, набљудување и прибирање на податоци, статистички серии, статистичко групирање; статистичка анализа на податоци, анализа на централна тенденција и показатели на варијабилитет. Четвртото поглавје се однесува на теоријата на извадоци, и е структурирано во следните секции: видови извадоци; пресметување на оптималната големина на извадокот; оценка и тестирање на врските помеѓу категорични променливи, оценка и тестирање на еднаквоста на варијансите од извадоците. Во петтото поглавје насловено „Динамичка анализа“, претставени се индексите (индивидуални и сложени) и анализата на заемните врски и влијанија (корелација) меѓу појавите. Анализата на временските серии и аналитичките методи кои се користат за анализа на временските серии се прикажани во шестото поглавје. Во поглавјата на крај се дадени проблеми и задачи од соодветната материја, како и нивни решенија. Прилогот содржи слики и табели елаборирани во поглавјата. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебникот е во целост усогласен со наставната програма за предметот Бистатистика. |
| **Предлози за потребни корекции:** | да се лекторира. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот „Вовед во биостатистика”, од авторите Попоска Треневска и Денковски, со содржината, структурата и формата ги исполнува критериумите за учебник по предметот Биостатитика за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина. Но, исто така, може да се користи и од други професионалци од областа на ветеринарната медицина, биологијата, медицината и јавното |

| | |
|---|---|
| | здравје, како корисна алатка за биостатистика. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 230 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 8 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 42 слики и 66 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Биостатистика, примарно наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Во Скопје, 29.12.2020 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Фимка Тозија, с.р.**

## III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р БЛАГИЦА СЕКОВСКА

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Учебникот е поделен на седум поглавја. Во првото поглавје, авторите нѐ воведуваат во теоријата на веројатноста и нејзината употреба во статистиката. Тука ни се претставени теореми на веројатност, а исто така се дискутира и законот на големите броеви. Поглавјето со број два ни ги претставува теоретските основи и воведот во биостатистиката, нејзиниот развиток, дефиниции и статистички единици. Во третото поглавје е даден подетален опис на дескриптивната статистика, како и основните концепти и типови на податоци. Тука се вклучени и презентирани етапите и фазите на статистичкото истражување, како и начинот на извршување на статистичката анализа на податоците. Поглавјето со број четири зборува за теоријата на извадоците, односно какви видови на извадоци постојат, како се пресметува оптималниот број на членови од кои е составен извадокот и сл. Тука авторите нѐ воведуваат во давање на статистичка оценка и тестирање на хипотези, оценка и проверка на варијансите од извадоците за дадени појави и случаи. Во поглавјето со број пет, веќе се зборува за динамичката анализа, како и за индексите и анализата на заемните врски и влијанија меѓу појавите. И на крај, во последното, шесто поглавје, претставена ни е анализата на временските серии и аналитичките методи кои се користат. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебникот е во целост усогласен со наставната програма на предметот. |
| **Предлози за потребни корекции:** | да се лекторира. |
| **Оцена на ракописот:** | Авторите успеале на лесен и достапен начин да ни ја претстават биостатистиката во нејзините базични темели. Врз основа анализата на формата и структурата на овој учебник, рецензентите едногласно го препорачуваат „Вовед во биостатистика“ од В. П. Треневска и В. Денковски како многу корисно помагало и за студентите, за кои првично е наменет, но и за професионалците, при совладувањето на основите на теоријата на веројатност и биостатистиката. |
| **Категоризација:** | учебник |

| | |
|---|---|
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 230 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 8 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 42 слики и 66 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Биостатистика, примарно наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Во Скопје, 28.12.2020 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Благица Сековска, с.р.**

## IV. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: ПРОФ. Д-Р НИКОЛА АДАМОВ

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Учебникот е поделен на седум поглавја. Во првото поглавје се обработува теоријата на веројатноста и нејзината употреба во статистиката. Второто поглавје ги претставува теоретските основи и во воведот во биостатистиката, третиот дел дава подетален опис на дескриптивната статистика. Поглавјето со број четири зборува за видовите на извадоци, како и за оптималниот број на членови од кои е составен извадокот и сл. Во петтото поглавје се зборува за динамичката анализа, како и за индексите и анализата на заемните врски и влијанија меѓу појавите. И на крај, во последното, шесто поглавје, претставена ни е анализата на временските серии и аналитичките методи кои се користат. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебникот е во целост усогласен со наставната програма на предметот. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Нема забелешки. |
| **Оцена на ракописот:** | Врз основа на анализата на формата и структурата на овој учебник, рецензентите едногласно го препорачуваат „Вовед во биостатистика“ од В. П. Треневска и В. Денковски како многу корисно помагало и за студентите, за кој првично е наменет, но и за професионалците, при совладувањето на основите на теоријата на веројатност и биостатистиката. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 230 страници (формат А4), напишани на компјутер, со големина на фонтот 11. Текстот е поделен во 8 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 42 слики и 66 табели. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Биостатистика, примарно наменет за студентите на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Во Скопје, 28.12.2020 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Никола Адамов, с.р.**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ 22405 – ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКО И ИНФОРМАЦИСКО ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ), во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во весниците „Слободен печат" и „Коха" од 18.5.2021, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите од наставно-научната област 22405 – телекомуникациско и информациско инженерство и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на ФЕИТ, бр. 02-878/5, донесена на 16.6.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. д-р Борислав Поповски, претседател, проф. д-р Тони Јаневски, член и проф. д-р Александар Ристески, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област 22405 – телекомуникациско и информациско инженерство, во предвидениот рок се пријави д-р Томислав Шуминоски, дипл. ел. инж., вработен како доцент на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

### 3. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Томислав Шуминоски е роден на 18.4.1985 во Струга. Основното образование го завршил во ОУ „Св. Кирил и Методиј", с. Луково, со одличен успех, а потоа своето средно образование го продолжил на природно- математичката гимназија ДСУ „Нико Нестор", во Струга. Средно образование завршил во јуни 2004 год. со просек 5,00, воедно прогласен за првенец на својата генерација. Истата таа година тој се запишал на Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ) во Скопје, на насоката електроника и телекомуникации, модул: телекомуникации. За време на студирањето бил постојано наградуван од Факултетот за постигнатиот одличен успех. Во јули 2008 год., со одбрана на дипломската работа „Анализа и обработка на KPI (Key Performance Indicators) во мобилните безжични мрежи", под менторство на проф. д-р Тони Јаневски, ги завршил додипломските студии со просечна оценка 10,00, како најдобар студент во генерацијата на својата насока. Истата 2008 година, во октомври, се запишал на магистерски студии (втор циклус студии по ЕКТС) на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, насока: комуникациски и информациски технологии, една од насоките при Институтот за телекомуникации. Во септември 2010 година успешно ги завршил двегодишните магистерски студии со просек 10,00, со насловот на магистерската теза „Адаптивни механизми за квалитет на сервисот за мобилни и безжични IP-мрежи", под менторство на проф. д-р Тони Јаневски. Во учебната 2011/2012 година се запишал на трет циклус – докторски студии на студиската програма Електротехника и информациски технологии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Докторските студии ги завршил со одличен успех и просек од 10,00. Докторскиот труд со наслов „Механизми за квалитет на сервисот и вертикален multi-homing за 5G-мобилни и безжични мрежи“ го одбранил на 30.8.2016 година.

Веднаш по неговото дипломирање стапил во работен однос, на 15 јули 2008 година, во АД Македонски телеком – Скопје, каде што работел како администратор на SQL-бази на податоци. Подоцна, во текот на своите магистерски студии е избран од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски

технологии, како демонстратор на Институтот за телекомуникации, при што од април 2009 година останува во наставно-научната работа на Факултетот. Од декември 2015 година е избран во звањето помлад асистент на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје. Од декември 2016 година, д-р Томислав Шуминоски е избран од страна на Наставно-научниот совет на ФЕИТ –Скопје за доцент во наставно-научната област телекомуникации, на Институтот за телекомуникации при ФЕИТ – Скопје, на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Неговите активности вклучуваат раководење на практични проекти и координација на студенти на додипломски и магистерски студии при изведување на истражувачки активности во областите: телекомуникации и информациски технологии, широкопојасни безжични мрежи, следна генерација на мобилни мрежи, IoT, мобилен Cloud, пресметки во облак, безбедност на телекомуникациските мрежи и системи, квантни комуникации и квантни пресметки, широкопојасен интернет, радио- и сателитски комуникации, WEB-апликации, програмирање и алгоритми и друго.

Во рамките на наставните активности за додипломските, магистерските и докторските студии, кандидатот има изведувано и изведува предавања, аудиториски и лабораториски вежби по повеќе предмети од областа на телекомуникациите и информациското инженерство, како и компјутерското инженерство, вклучувајќи: радио- и сателитски комуникации, дизајн и моделирање на телекомуникациски мрежи, програмирање и алгоритми, библиотеки и програмирање, дигитални телекомуникации 2, интернет-технологии, квантни комуникации и квантни пресметки, сервиси за мобилен и фиксен облак, телекомуникациски системи, комутација и рутирање, безжични IP-мрежи, паметни IoT-уреди и платформи, сигурносни комуникации.

Во доменот на научноистражувачката дејност се занимавал со истражувања во областа на широкопојасните безжични и мобилни мрежи, при што има објавено 45 трудови на меѓународни и домашни конференции и списанија, во кои се вбројуваат и шест труда објавени во списанија со фактор на влијание. Автор е и на поглавја од две книги издадени од издавачката куќа „Springer“ и едно поглавје во книга од издавачката куќа „Nova Publications“. Исто така, доц. д-р Томислав Шуминоски бил член на организациски и програмски одбор на неколку меѓународни научни и стручни конференции од друштвото ЕТАИ, и на првата EAI-конференција – Fabulous. Покрај тоа, активно учествувал во осум истражувачки проекти (четири меѓународни (од кои два Erasmus+) и четири домашни) и еден апликативен проект за АД ЕСМ – Скопје.

На полето на стручно-применувачката дејност, како соработник учествувал во изработка на информациско-комуникациски системи и сервиси, голем број извештаи и анализи од испитувања, експертски мислења и др.

Во однос на дејностите од поширок интерес, го издвојуваме активното учество на кандидатот како Senior Member во IEEE и континуирано членството во IEEE ComSoc-одделот при Македонската секција на IEEE. Од септември 2009, па до денес, учествува како тутор на многу e-Learning курсеви од областа “Mobile Broadband Networks and Next Generation Networks”, развиени од страна на ФЕИТ –Скопје заедно со ITU Centre of Excellence за Европа, одржани на веб-страницата на ITU Academy.

Освен тоа, активно е вклучен во организација и предавање на курсеви од Cyber Security – основен курс, изведувани на ФЕИТ – Скопје. Негови области на интерес вклучуваат научноистражувачка дејност во: QoS-поддршката во мобилните безжични комуникации системи, 5G-мобилни мрежи, IoT-уреди и сервиси, мобилни пресметки во облак, напредни интернет-технологии, дизајн и моделирање на телекомуникациски системи, квантни комуникации и напредни оптички мрежи. Воедно, д-р Томислав Шуминоски активно ги владее англискиот и рускиот јазик.

Последниот реферат за избор е објавен во Билтен на УКИМ бр. 1133 од 1.11.2016 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања од последниот избор за доцент, а врз основа на целата поднесена документација која е од важност за изборот.

## 4. Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатот д-р Томислав Шуминоски во изминатиот период како доцент на ФЕИТ, држел предавања по повеќе предмети од прв циклус студии: Програмирање и алгоритми, Библиотеки и програмирање, Програмирање и алгоритми 1, Програмирање и алгоритми 2, Дизајн и симулација во радиокомуникации, Радио и сателитски комуникации и WEB-сервиси. Исто така, во тој период држел и вежби по следните предмети од прв циклус студии: Библиотеки и програмирање, Телекомуникациски системи, Дигитални телекомуникации 2, Комутација и рутирање, Интернет-технологии, Безжични IP-мрежи, Дизајн и моделирање на телекомуникациски мрежи, Радио- и сателитски комуникации и WEB-сервиси. За предметите Програмирање и алгоритми, WEB-сервиси и Дизајн и симулација во радиокомуникации, кандидатот подготвил пакет материјали за предавања и вежби.

На втор циклус студии, д-р Томислав Шуминоски одржувал настава по предметите: Напредни техники за обработка на комуникациски податоци во мобилни и безжични мрежи, Квантни комуникации и квантни пресметки и Реконфигурабилни мрежи.

Воедно, на трет циклус студии, д-р Томислав Шуминоски одржувал консултации и настава по предметот Напредни квантни комуникации.

Дополнително, кандидатот држел тематски предавања на шест школи/работилници од областа телекомуникации.

Од последниот избор во звање, кандидатот учествувал како член во комисија за оцена и одбрана на 60 дипломски работи и 15 магистерски работи. Воедно, бил ментор на 8 дипломски работи.

Кандидатот ги извршува наставните обврски квалитетно, професионално совесно, и тоа на високо стручно ниво. Успешно им го пренесува знаењето на студентите, со нив постапувајќи на коректен и на професионален начин. Потврда за ова е и позитвната оценка што кандидатот ја добива од анонимните студентски анкети за квалитет на реализираната настава, организирана во рамките на процесот за самоевалуација на Факултетот.

**Други активности кои припаѓаат во наставно-образовната дејност, релевантни за изборот, се наведени во табелата од О Б Р А З Е Ц 2 во рамките на овој Извештај.**

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатот д-р Томислав Шуминоски има објавено вкупно 45 трудови на меѓународни и домашни конференции и списанија, во кои се вбројуваат и шест труда објавени во списанија со фактор на влијание, 6 труда во меѓународни научни списанија и 28 труда во зборници од меѓународни научни собири. Автор е и на поглавја од две книги издадени од издавачката куќа „Springer“ и едно поглавје во книга од издавачката куќа „Nova Publications“, кои важат за реномирани меѓународни издавачки куќи.

По изборот во звањето доцент, кандидатот има објавено 18 рецензирани научни трудови во референтни научни публикации согласно со Законот за високото образование,

од кои 4 научни труда во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 2 труда во меѓународни научни списанија, 2 поглавја од монографија издадена од меѓународна издавачка куќа и 9 труда во зборници од меѓународни научни собири.

Подолу се дадени детали за трудовите по изборот во звањето доцент (претходно објавените трудови се наведени во Билтен бр. 1133 од 1.11.2016 година).

[28] **Tomislav Shuminoski**, Toni Janevski, Aleksandar Risteski and Mitko Bogdanoski., “Security and QoS framework for 5G and Next Generation Mobile Broadband Networks”, IEEE EUROCON 2017, Ohrid, Macedonia, 6-8 July 2017.

Во трудот е предложена рамка-водилка за безбедност и квалитет на услуга во 5G и следна генерација на мобилни широкопојасни мрежи, со можности да поддржува вертикален multi-homing и multi-streaming преку користење на IPSec енкапсулација.

[29] **Tomislav Shuminoski**, Liljana Gavrilovska and Toni Janevski. “QoS performances of heterogeneous networks with multiple Radio Access Technologies”, IEEE EUROCON 2017, Ohrid, Macedonia, 6-8 July 2017.

Во трудот се анализира квалитетот на сервис во хетерогени мобилни и безжични мрежи (вклучувајќи и 5G-мрежи) со повеќекратен радиопристап, давајќи симулациски резултати со примена на напреден модел кој оптимално ги користи достапните радиопристапни мрежи, обезбедувајќи подобрен квалитет на услуга на користените сервиси.

[30] **Томислав Шуминоски**, Тони Јаневски, "5G Супер брз мобилен Интернет за сешто", ПРЕСИНГ, год. VI / бр. 33 /3.2017, Списание на комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, стр. 32. Линк: https://www.komoraoai.mk/images/komora/presing/Presing_33.pdf

Во трудот е даден преглед на моменталниот развој на 5Г-мрежите, односно како со помош на овие мрежи би се подобриле квалитетот на интернет-услугите и на Интернет на нештата, т.е. научно-популарен аспект на тоа што претставуваат 5G-мрежите и сервисите.

[31] **Tomislav Shuminoski**, Toni Janevski, "5G Terminals with Multi-Streaming Features for Real-Time Mobile Broadband Applications", RADIOENGINEERING, Vol. 26, No. 2, pp(s):470-478, June 2017. (IF= 0.945) DOI: 10.13164/re.2017.0470.

Во трудот е даден нов модел и рамка водилка за квалитет на услуга во 5G-мобилни терминали, со поддршка на повеќепоточни можности за апликации во реално време. Во него се дадени симулациски и аналитички резултати за мрежните перформанси на понудениот модел базиран на Љапунова оптимизација, и е покажано подобрено ниво на квалитетот на користените сервиси.

[32] **Tomislav Šuminoski**, Toni Janevski, “Features of 5G Terminals with QoS Provisioning and Vertical Multi-Homing and Multi-Streaming”, Journal of Electrical Engineering and Information Technologies (JEEIT), Vol. 2, No. 1, pp. 49-57 (2017).

Во трудот се анализирани перформансите на 5G-мобилните терминали со посебен акцент на квалитетот на услуга и вертикалниот Multi-Homing и Multi-Streaming. Прикажан е модел кој користи Љапунова оптимизација за поддршка на 5G-сервиси, вклучувајќи мрежна агрегација на сообраќај.

[33] **Tomislav Shuminoski**, "The Internet of Things and Emerging Internet of Everything Galaxy", IEEE XXVI International Scientific Conference ELECTRONICS ET 2017, Sozopol, Bulgaria, September 13 - 15, 2017 (invited paper).

Во трудот се прикажани најновите достигнувања од областа на Интернет на нешта и Интернет на сè. Преку анализа и презентирање на најнови истражувања е прикажан развојот и важноста на Интернет на нештата и нивното вклопување во Интернетот и секојдневниот модерен живот.

[34] **Tomislav Shuminoski**, "The impact of e-learning and long life learning courses and programs in the modernization of pedagogy and education", на руски: "Влияние электронного обучения и непрерывно-образовательных курсов и программ на современное образование", Всероссийской научно-практической конференции "Модернизация педагогического образования в непрерывной системе подготовки кадров: бакалавриат, магистратура, аспирантура", Конференция проводится в рамках реализации проекта модернизации педагогического образования (государственный контракт № 05.015.11.0017 от 19 августа 2016 г.), Министерство Образования и Науки Российской Федерации, Северный (Арктический) федеральный университет имени М.В. Ломоносова, г. Архангельск, 13 октября 2017 г.

Во трудот е предложена анализа за влијанието и значењето на e-learning курсевите и курсевите за постојано учење, преку користењето на најновите информациски и комуникациски дигитални технологии. Воедно, даден е акцент на влијанието на овие курсеви и дигитални платформи во подобрувањето и модернизацијата на педагошкиот и образовниот процес.

[35] **Tomislav Shuminoski** and Toni Janevski, " Advanced QoS-Based User-Centric Aggregation (AQUA) Framework for User Terminals in 5G Mobile Networks ", Chapter Three in the Nova Publications book: "Mobile Networks: Concepts, Applications and Performance Analysis", editor: Victor D. McKenzie, Pub. Date: 2017 - 3rd Quarter, ISBN: 978-1-53612-155-1.

Во поглавјето се анализирани и прикажани резултати од користење на напредна рамка водилка и модел за подобрен напреден квалитет на услуга, користејќи кориснички ориентирана логика во 5G-мобилни мрежи. При тоа се прикажани и аналитички модели и предлог-кориснички сценарија за 5G.

[36] Zivko Kokolanski, **Tomislav Shuminoski** and Cvetan Gavrovski, “Architectures and Challenges for the Household Energy Management Systems”, Proc. XXVII International Scientific Conference ELECTRONICS-ET 2018, September 13 - 15, 2018, Sozopol, Bulgaria.

Во трудот е предложена архитектура и дадени се предизвиците на системи за оптимално управување со енергијата во домот. При тоа е даден посебен практичен осврт на потребата од користење на едни вакви системи во насока на приближување до т.н. паметен дом и примена на Интернет на нешта во секојдневието.

[37] **Tomislav Shuminoski**, Stojan Kitanov, Toni Janevski, “Cloud-based orchestrated services with QoS support for Mobile Broadband Terminals and Networks”, XIV International Conference ETAI 2018, Struga, Macedonia, September 20-22, 2018.

Во трудот се предложена нова рамка водилка за подобрен квалитет на услуги во мобилни пресметки во облак и магла, со посебна примена во 5G-мобилните терминали и сервери, преку користење на мрежна агрегација на сообраќај.

[38] **Tomislav Shuminoski**, Stojan Kitanov, and Toni Janevski, “Advanced QoS Provisioning and Mobile Fog Computing for 5G,” Wireless Communications and Mobile Computing, vol. 2018, Article ID 5109394, 13 pages, 2018. (IF=1.899) https://doi.org/10.1155/2018/5109394.

Во трудот се предложува нов концепт и рамка водилка за напредна поддршка на квалитет на услуга и мобилни пресметки во облак и пресметки во магла за 5G-мрежи и сервиси, преку примена на Љапунова метода за оптимизација на параметрите од интерес во рамките на Cloud-оркестрирани 5G-сервиси.

[39] Igor Janchev, **Tomislav Shuminoski**, Toni Janevski, "IoT Platform for Smart Home Energy Efficiency and Optimal Lighting Control", BalkanCom 2019, Skopje, Macedonia, June 10-12, 2019.

Во трудот е предложена платформа со Интернет на нешта за паметен дом, која ја зголемува енергетската ефикасност на домот и нуди оптимална контрола на осветленоста. Во трудот се прикажани реални мерења и резултати од предложената платформа која во

себе користи апликација со отворен протокол за домашна автоматизирана мрежа од уреди.

[40] D. Gleich, B. Gergic, S. Temkova, D. Georgiev, Z. Kokolanski, **T. Suminoski**, et al. “CORELA: Collaborative Learning Platform with Integrated Remote Laboratory Environment in VET”, International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP), DOI: 10.1109/IWSSIP.2019.8787273, pp. 151-154, Osjek, Croatia, 2019.

Во трудот се анализирани и прикажани резултати од истоимениот Erasmus+ проект CORELA, на кој е изработена колаборативна платформа за учење на далечина, која во себе вклучува дигитална библиотека во виртуелна околина, достапна на далечина.

[41] Simon Bojadzievski, Marija Kalendar and **Tomislav Shuminoski**, “Ultra reliable advanced framework for emergency and mission critical data for 5G services”, 8th International Conference on Applied Innovation in IT (ICAIIT) 2020, Koethen, Germany, March 10-11, 2020.

Во трудот е анализирана ултра доверлива напредна рамка водилка за 5G-сервиси кои се осетливи на доцнење и кои се за итни случаи и спасувачки мисии. Во негови рамки се предложени архитектура и модел, базирани на Интернет на нешта, кој користи едновремено два радиоинтерфејса за споменатите 5G-типови на сервиси.

[42] Martina Janakieska, **Tomislav Šuminoski**, “Improving Security in Cloud Computing with Blockchain – Use Cases – ”, Journal of Electrical Engineering and Information Technologies, Vol. 5, No. 1, pp. 39–46 (2020).

Во трудот се анализирани напредни кориснички сценарија за безбедноста во облак, преку користење на технологија на синџир од блокови (Blockchain). При тоа, понудена е и предлог-архитектура со подобрена сајбер-безбедност во облак, преку користење на Blockchain-решенија.

[43] Mitko Bogdanoski, **Tomislav Shuminoski**, Metodi Hadji-Janev, Aleksandar Risteski, Toni Janevski, “Future 5G Mobile Broadband Networks Using Cloud-based Services with Advanced Security and QoS Framework”, Acta Polytechnica Hungarica, Journal of Applied Sciences, Vol. 17, No. 10, pp. 27–46 (2020), (IF=1.219)..

Во трудот е проедложена рамка водилка и алгоритам, кои понудуваат напреден и подобрен квалитет на услуга и зголемена безбедност во идните 5G-мобилни широкопојасни мрежи, вклучувајќи користење на сервиси во облак.

[44] Bojadjievski, S., Kalendar, M. & **Shuminoski, T.**, “5G Emerging and Mission Critical Framework with Ultra-Reliable Low Delay”, Wireless Personal Communications (2021). Published online: 07 March 2021. (IF=1.061) https://doi.org/10.1007/s11277-021-08344-z.

Во трудот се предлага нова рамка водилка за 5G-сервиси за итни потреби и критични мисии, кои побаруваат висока доверливост и многу мало доцнење. Симулациските и аналитичките резултати прикажани во трудот ја потенцираат придобивката на корситењето на оваа рамка водилка во 5G-сценарија со користење на два радиоинтерфејса.

[45] Kitanov, Stojan, **Shuminoski, Tomislav** and Janevski, Toni, “QoS for 5G Mobile Services Based on Intelligent Multi-access Edge Computing”, book chapter in the book “Intelligent Mobile Service Computing”, Editors: Gao, Honghao, Yuyu Yin, Yin (Eds.), Springer International Publishing, Series Title: EAI/Springer Innovations in Communication and Computing, 2021, Pages 55-77. ISBN: 978-3-030-50184-6. DOI: 10.1007/978-3-030-50184-6. Hardcover ISBN: 978-3-030-50183-9.

Во поглавјето се предлага нова рамка водилка и модел за 5G-сервиси базирани на интелигентен повеќепристапен Edge Computing, кој е имплементиран на работ од јадрената и пристапната мрежа. Воедно, предложена е архитектура и системско решение кое нуди подобрен квалитет на 5G-услуги која во себе користи интелигентни мобилни пресметки во облак со повеќе активни мрежни интерфејси и агрегација на сообраќајни потоци.

Д-р Томислав Шуминоски е активен рецензент на поголем број меѓународни списанија од областа на телекомуникациите, а рецензирал и поголем број на трудови за неколку меѓународни конференции.

По изборот во звањето доцент, д-р Томислав Шуминоски бил учесник во 4 меѓународни научни проекти и два национални научни проекта. Воедно, бил раководител на два национални научни проекта, финансирани од ФЕИТ.

**Други активности кои припаѓаат во научноистражувачката дејност, релевантни за изборот, се наведени во табелата од О Б Р А З Е Ц 2 во рамките на овој Извештај.**

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

Од аспект на стручно-применувачката дејност, кандидатот д-р Томислав Шуминоски има реализирано бројни активности. Коавтор е на три книги од неговата стручна област. Како соработник има учествувано во експертски активности, во кои спаѓаат и изработките на дигитален софтвер за дигитална библиотека на ФЕИТ (FEITlib), WEB-базиран сервис за колаборативно учење и далечински пристап (во рамките на Erasmus+ проектот CORELA), и изработка на WEB-базирана апликација (софтверски пакет изработен во .NET и SQL) за потребите на АД ЕСМ, Скопје. Кандидатот одреден период бил ангажиран како консултант за АД ЕСМ.

Воедно, д-р Томислав Шуминоски континуирано и активно учествувал во промоција на Факултетот и Универзитетот пред средношколците и идни студенти.

По изборот во звањето доцент, д-р Томисав Шуминоски бил дел од организацискиот и програмскиот одбор на четири меѓународни научни собири.

Кандидатот учествувал во работата на 9 факултетски комисии.

Освен тоа, д-р Томислав Шуминоски активно учевствува како тутор на многу e-Learning курсеви од областа “Mobile Broadband Networks and Next Generation Networks”, развиени од страна на ФЕИТ во Скопје, заедно со ITU Centre of Excellence за Европа, одржани на веб-страницата на ITU Academy.

Во изминатиот период, д-р Томислав Шуминоски има учествувано во подготовка на документација и пријавување на четири национални и три меѓународни научноистражувачки проекти.

**Други активности кои припаѓаат во стручно-апликативната дејност и дејноста од поширок интерес, релевантни за изборот, се наведени во табелата од О Б Р А З Е Ц 2 во рамките на овој Извештај.**

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Томислав Шуминоски континуирано добива позитивна оценка од анонимно спроведените анкети на студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Томислав Шуминоски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Томислав Шуминоски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во наставно-научната област телекомуникациско и информациско инженерство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, д-р Томислав Шуминоски да биде избран во звањето вонреден професор во наставно-научната област телекомуникациско и информациско инженерство.

Скопје, 18.6.2021

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Борислав Поповски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Тони Јаневски, член, с.р.**
**Проф. д-р Александар Ристески, член, с.р.**

**О Б Р А З Е Ц 1**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Томислав Миодраг Шуминоски**
**Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии**
**Научна област: 22405 – ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКО И ИНФОРМАЦИСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВИШ НАУЧЕН СОРАБОТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 10<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10 | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br><br>Назив на научната област: 2405 – телекомуникациско и информациско инженерство; поле: електротехника; подрачје: техничко-технолошки науки. | Да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор<br>(списокот на трудовите е во О Б Р А З Е Ц 2) | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: RADIOENGINEERING (IF= 0.945)<br>2. Назив на електронската база на списанија: SCImago Journal Rank<br>3. Наслов на трудот: 5G Terminals with Multi-Streaming Features for Real-Time Mobile Broadband Applications<br>4. Година на објава: 2017 | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>1. Назив на научното списание: „Списание за електротехника и информациски технологии“<br>2.Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 22 члена, 8 Македонија, 1 Канада, 1 Хрватска, 2 Словенија, 2 Србија, 1 Турција, 1 Холандија, 3 САД, 1 Украина, 1 Франција, 1 Австрија.<br>3. Наслов на трудот: „Improving Security in Cloud Computing with Blockchain – Use Cases – “<br>4. Година на објава: 2020 | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: „Intelligent Mobile Service Computing” поглавј е 4 со наслов: *QoS for 5G Mobile Services Based on Intelligent Multi-access Edge Computing*“<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: USA<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Springer International Publishing, 2021, USA | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: Зборник на трудови на XIV меѓународна конференција ЕТАИ 2018<br>2. Назив на меѓународниот собир: ЕТАИ 2018<br>3. Имиња на земјите: Македонија, САД, Србија, Италија, Канада, Данска, Турција, Германија, Холандија, Словенија, Хрватска, Шведска, Австралија, Обединето кралство<br>4. Наслов на трудот: „ Cloud-based orchestrated services with QoS support for Mobile Broadband Terminals and Networks “<br>5. Година на објава: 2018 | |
| | | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум и број на Билтен: Одлука бр. 02-2298/3 од 16.11.2016 на ННС на ФЕИТ – Скопје, Билтен на УКИМ бр. 1133 од 1.11.2016 | Да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност: доц. д-р Томислав Шуминоски доби позитивна оцена од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје | Да |

## О Б Р А З Е Ц 2
### КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** **Томислав Миодраг Шуминоски**
**Институција:** **Факултет за електротехника и информациски технологии** **Научна област:** **22405 – телекомуникациско и информациско инженерство**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава од прв циклус студии** | **22.2** |
| 1.1. | Програмирање и алгоритми 1, предавања, зимски семестар (2016/2017), 1*2*15*0.04 | 1.2 |
| 1.2. | Програмирање и алгоритми 2, предавања, летен семестар (2016/2017), 1*2*15*0.04 | 1.2 |
| 1.3. | Програмирање и алгоритми, предавања, зимски семестри од 2017 до 2021, 4*2*15*0.04 | 4.8 |
| 1.4 | Библиотеки и програмирање, предавања, летни семестри од 2017 до 2021, 4*2*15*0.04 | 4.8 |
| 1.5. | Радио- и сателитски комуникации, предавања, летен семестар од 2017 до 2021, 4*3*15*0.04 | 7.2 |
| 1.6 | Дизајн и симулација во радиокомуникации, предавања, летен семестар 2018, 1*3*15*0.04 | 1.8 |
| 1.7. | WEB-сервиси, зимски семестар 2020/21, 1*2*15*0.04 | 1.2 |
| | | |
| **2.** | **Одржување на настава од втор циклус студии** | **4.51** |
| 2.1. | Напредни техники за обработка на комуникациски податоци во мобилни и безжични мрежи, 2019/2020, 1*3*15*0.05 | 2.25 |
| 2.2. | Квантни комуникации и квантни пресметки, 2019/2020 1*1.5*15*0.05 | 1.13 |
| 2.3. | Реконфигурабилни мрежи 2019/2020 1*1.5*15*0.05 | 1.13 |
| | | |
| **3.** | **Одржување на настава од трет циклус студии** | **2.7** |
| 3.1. | Напредни квантни комуникации, зимски семестар 2019, 3*15*0,06 | 2.7 |
| | | |
| **4.** | **Настава во школи и работилници (учесник)** | **6** |
| 4.1 | "The impact of e-learning and long life learning courses and programs in the modernization of pedagogy and education", на руски: "Влияние электронного обучения и непрерывно-образовательных курсов и программ на современное образование", Всероссийской научно-практической конференции "Модернизация педагогического образования в непрерывной системе подготовки кадров: бакалавриат, магистратура, аспирантура", Конференция проводится в рамках реализации проекта модернизации педагогического образования (государственный контракт № 05.015.11.0017 от 19 августа 2016 г.), Министерство Образования и Науки Российской Федерации, Северный | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | (Арктический) федеральный университет имени М.В. Ломоносова, г. Архангельск, 13 октомври 2017. | |
| 4.2. | Дополнителна подготвителна настава по Програмирање и алгоритми (2018) | 1 |
| 4.3 | „Безбедносни ризици при користење на социјалните мрежи“, ФЕИТ-ИНОФЕИТ курс за „Cyber Security”, 26.6. 2018 | 1 |
| 4.4. | „Безбедносни ризици при користење на социјалните мрежи“, ФЕИТ-ИНОФЕИТ курс за „Cyber Security”, 29.8. 2018 | 1 |
| 4.5. | „Developing the national cyber defence framework in Macedonia Skopje“, организирана од Geneva Centre for the Democratic Control of Armed Forces (DCAF) и Министерство за одбрана на РМ, 26 февруари 2019 | 1 |
| 4.6. | „Cyber security (колку се сигурни Вашите податоци со online backup) “, BackUp Conference, 29.3.2019 | 1 |
| | | |
| **5.** | **Одржување на вежби (аудиториски – АВ, лабораториски – ЛВ)** | **27.67** |
| 5.1. | Телекомуникациски системи (АВ+ЛВ = 1+1), зимски семестри од 2016 до 2021, 5*2*15*0.03 | 4.5 |
| 5.2. | Комутација и рутирање (АВ+ЛВ = 1+1), зимски семестри 2016 и 2017, и летни семестри од 2019 до 2021, 5*2*15*0.03 | 4.5 |
| 5.3. | Дизајн и моделирање на телекомуникациски мрежи (АВ+ЛВ = 1+1), зимски семестри 2016, 2017 и 2019 3*2*15*0.03 | 2.7 |
| 5.4. | Дигитални телекомуникации 2 (АВ+ЛВ=1+1), летни семестри 2017, 2019 и 2021, 3*2*15*0.03 | 2.7 |
| 5.5. | Интернет-технологии (АВ+ЛВ = 1+1), летни семестри 2017 и 2018, зимски семестри 2018, 2019, и 2020 5*2*15*0.03 | 4.5 |
| 5.6. | Дизајн и симулација во радиокомуникации (АВ+ЛВ = 1+1), летен семестар 2018, 1*2*15*0.03 | 0.9 |
| 5.7. | Радио- и сателитски комуникации (АВ+ЛВ = 1+1), летен семестар 2017 до 2021, 4*2*15*0.03 | 3.6 |
| 5.8. | Програмирање и алгоритми (АВ+ЛВ=2+0), зимски семестар 2016, 1*2*15*0.03 | 0.9 |
| 5.9. | WEB-сервиси (АВ+ЛВ = 2+1), зимски семестар 2020, 1*1.5*15*0.03 | 0.67 |
| 5.10. | Безжични IP-мрежи (АВ+ЛВ = 1+1), летен семестар 2020 1*2*15*0.03 | 0.9 |
| 5.11. | Библиотеки и програмирање (АВ+ЛВ=2+0), летни семестри 2020 и 2021, 2*2*15*0.03 | 1.8 |
| | | |
| **6.** | **Консултации со студенти** | **3.86** |
| 6.1. | Консултации со студенти од прв и втор циклус студии 1932*0.002 | 3.86 |
| | | |
| **7.** | **Подготовка на нов предмет – предавања** | **2** |
| 7.1. | WEB-сервиси | 1 |
| 7.2. | Дизајн и симулација во радиокомуникации | 1 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **8.** | **Ментор на дипломска работа 8* 0,2** | **1.6** |
| | | |
| **9.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд 15* 0,3** | **4.5** |
| | | |
| **10.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа 60* 0.1** | **6** |
| | | |
| **11.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | **6** |
| 11.1. | Програмирање и алгоритми | 1 |
| 11.2. | Безжични IP-мрежи | 1 |
| 11.3. | Интернет-технологии | 1 |
| 11.4. | Дизајн и моделирање на телекомуникациски мрежи | 1 |
| 11.5 | WEB-сервиси | 1 |
| 11.6 | Дизајн и симулација во радиокомуникации | 1 |
| | | |
| **12.** | **Научно-популарна или наставно-историска статија во стручно-методско списание** | **1** |
| 12.1 | Томислав Шуминоски, Тони Јаневски, „5G-супербрз мобилен Интернет за сешто“, ПРЕСИНГ, год. VI / бр. 33 /3.2017, Списание на комората на овластени архитекти и овластени инженери на Република Македонија, стр. 32. | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | **88.04** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Учесник во меѓународни научни проекти** | **20** |
| 1.1 | “Collaborative learning platform with integrated remote laboratory environment in VET (CORELA)”, Erasmus+ KA202, Project number: 2018-1-MK01-KA202-047107, 2018-2020 | 5 |
| 1.2 | “Innovative Teaching Approaches in development of Software Designed Instrumentation and its application in real-time system (ITASDI)”, Erasmus+ KA203-Strategic Partnerships for higher education, Project number: 2018-1-RS01-KA203-000432, 2018-2019 | 5 |
| 1.3 | “East - West Dialogue: Higher Education Dialogue with the Countries of the Western Balkan”, DAAD project, funded by DAAD the German Academic Exchange Service Program, finically supported by the Federal Foreign Office, (Auswärtiges Amt AA) Germany, 2019-2020 | 5 |
| 1.4 | "Развој на систем за управување со дигитални докази" (“Development of a Digital Evidence Management System-DDEMS”), Проект за Министерството за внатрешни работи на Република Македонија, реализиран со донација од Министерството за надворешни работи на Норвешка, 2015 – 2017. | 5 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **2.** | **Раководител на национални научни проекти** | **12** |
| 2.1 | „Интелигентен повеќепристапнички QoS edge computing модул за сервиси зад 5G”, 2021 , финансиран од ФЕИТ | 6 |
| 2.2 | „Дигитална библиотека на ФЕИТ (FEITlib)”, 2017, финансиран од ФЕИТ | 6 |
| | | |
| **3.** | **Учесник во национални научни проекти** | **6** |
| 3.1 | Градење на научноистражувачки капацитет на Институтот за телекомуникации во 2017, финансиран од ФЕИТ | 3 |
| 3.2 | Развој на паметен фотоволтаичен акумулациски модул ФВ-ПАМ. Торакс ДОО, 2018 – 2020, финансиран од Фондот за иновации и технолошки развој | 3 |
| | | |
| **4.** | **Дел од монографија објавен во странство** | **5.4** |
| 4.1 | **Tomislav Shuminoski** and Toni Janevski, "Advanced QoS-Based User-Centric Aggregation (AQUA) Framework for User Terminals in 5G Mobile Networks", Chapter Three in the Nova Publications book: "*Mobile Networks: Concepts, Applications and Performance Analysis*", editor: Victor D. McKenzie, Pub. Date: 2017 - 3rd Quarter, ISBN: 978-1-53612-155-1.<br>0.9*6 | 5.4 |
| | | |
| **5.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор** | **29.65** |
| 5.1. | Bojadjievski, S., Kalendar, M. & **Shuminoski, T**., “5G Emerging and Mission Critical Framework with Ultra-Reliable Low Delay”, *Wireless Personal Communications* (2021). Published online: 07 March 2021. (IF=1.061) https://doi.org/10.1007/s11277-021-08344-z<br>0.8*9.061 | 7.25 |
| 5.2. | Mitko Bogdanoski, **Tomislav Shuminoski**, Metodi Hadji-Janev, Aleksandar Risteski, Toni Janevski, “Future 5G Mobile Broadband Networks Using Cloud-based Services with Advanced Security and QoS Framework”, *Acta Polytechnica Hungarica, Journal of Applied Sciences*, Vol. 17, No. 10, pp. 27–46 (2020), (IF=1.219)<br>0.6*9.219 | 5.53 |
| 5.3. | **Tomislav Shuminoski**, Stojan Kitanov, and Toni Janevski, “Advanced QoS Provisioning and Mobile Fog Computing for 5G,” *Wireless Communications and Mobile Computing*, vol. 2018, Article ID 5109394, 13 pages, 2018. (IF=1.899)<br>0.8*9.899 | 7.92 |
| 5.4. | **Tomislav Shuminoski**, Toni Janevski, "5G Terminals with Multi-Streaming Features for Real-Time Mobile Broadband Applications", *RADIOENGINEERING*, Vol. 26, No. 2, pp(s): 470-478, June 2017. (IF= 0.945)<br>0.9*9.945 | 8.95 |
| | | |

| | | |
|---|---|---|
| **6.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | **4.5** |
| 6.1 | **Tomislav Šuminoski**, Toni Janevski, “Features of 5G Terminals with QoS Provisioning and Vertical Multi-Homing and Multi-Streaming”, Journal of Electrical Engineering and Information Technologies (JEEIT), Vol. 2, No. 1, pp. 49-57, 2017.<br>0.9*5 | 4.5 |
| | | |
| **7.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири** | **31** |
| 7.1. | Simon Bojadzievski, Marija Kalendar and **Tomislav Shuminoski**, “Ultra reliable advanced framework for emergency and mission critical data for 5G services”, *8th International Conference on Applied Innovation in IT (ICAIIT) 2020*, Koethen, Germany, March 10-11, 2020.<br>0.8*5 | 4 |
| 7.2. | D. Gleich, B. Gergic, S. Temkova, D. Georgiev, Z. Kokolanski, **T. Suminoski**, et al. “CORELA: Collaborative Learning Platform with Integrated Remote Laboratory Environment in VET”, *International Conference on Systems, Signals and Image Processing (IWSSIP)*, DOI: 10.1109/IWSSIP.2019.8787273, pp. 151-154, Osjek, Croatia, 2019<br>0.6*5 | 3 |
| 7.3. | Igor Janchev, **Tomislav Shuminoski**, Toni Janevski, "IoT Platform for Smart Home Energy Efficiency and Optimal Lighting Control", BalkanCom 2019, Skopje, Macedonia, June 10-12, 2019.<br>0.8*5 | 4 |
| 7.4. | **Tomislav Shuminoski**, Stojan Kitanov, Toni Janevski, “Cloud-based orchestrated services with QoS support for Mobile Broadband Terminals and Networks”, *XIV International Conference ETAI 2018*, Struga, Macedonia, September 20-22, 2018.<br>0.8*5 | 4 |
| 7.5. | Zivko Kokolanski, **Tomislav Shuminoski** and Cvetan Gavrovski, “Architectures and Challenges for the Household Energy Management Systems”, *Proc. XXVII* | 4 |

| | | |
|---|---|---|
| | *International Scientific Conference ELECTRONICS-ET 2018*, September 13 - 15, 2018, Sozopol, Bulgaria.<br>0.8*5 | |
| 7.6 | **Tomislav Shuminoski**, "The Internet of Things and Emerging Internet of Everything Galaxy", *IEEE XXVI International Scientific Conference ELECTRONICS ET 2017*, Sozopol, Bulgaria, September 13 - 15, 2017 (invited paper).<br>1*5 | 5 |
| 7.7 | **Tomislav Shuminoski**, Toni Janevski, Aleksandar Risteski and Mitko Bogdanoski., “Security and QoS framework for 5G and Next Generation Mobile Broadband Networks”, *IEEE EUROCON 2017*, Ohrid, Macedonia, 6-8 July 2017.<br>0.6*5 | 3 |
| 7.8 | **Tomislav Shuminoski**, Liljana Gavrilovska and Toni Janevski. “QoS performances of heterogeneous networks with multiple Radio Access Technologies”, *IEEE EUROCON 2017*, Ohrid, Macedonia, 6-8 July 2017.<br>0.8*5 | 4 |
| | | |
| **8.** | **Рецензија на научен/стручен труд (60*0,2)** | **12** |
| | | |
| **9.** | **Учество на научен/стручен собир со реферат** | **6** |
| 9.1. | 8th International Conference on Applied Innovation in IT (ICAIIT) 2020, Koethen, Germany, March 10-11, 2020 – усна (online) презентација | 1 |
| 9.2. | ETAI 2018, Struga, Macedonia, 2018 – усна презентација | 1 |
| 9.3. | BalkanCom 2019, Skopje, Macedonia, 2019 – усна презентација | 1 |
| 9.4. | ELECTRONICS-ET 2018, September 13 - 15, Sozopol, Bulgaria, 2018 - усна презентација | 1 |
| 9.5. | ELECTRONICS ET 2017, September 13 - 15, Sozopol, Bulgaria, 2017 – усна презентација. | 1 |
| 9.6. | IEEE EUROCON 2017-17th International Conference on, Ohrid, Macedonia, July 6-8, 2017. | 1 |
| | | |
| | **Вкупно** | **126.55** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Дизајн и изработка на информациски систем** | **3** |
| 1.1. | Софтвер за дигитална библиотека на ФЕИТ (FEITlib) – 2017 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 1.2. | WEB базиран сервис за Collaborative learning platform with integrated remote laboratory environment in VET (acronym CORELA) 2019, Erasmus+ проект | 1 |
| 1.3. | WEB-базирана апликација (софтверски пакет изработен во .NET и SQL) за електронско водење на судски предмети на АД ЕЛЕМ, Скопје, 2019 – 2020 | 1 |
| | | |
| **2.** | **Експертски активности: евалуација, стручна ревизија, супервизија, технички извештаи, вешт наод и мислење, стручно мислење, проценка на капитал, систематизација, методологија** | **12** |
| 2.1. | Владимир Димчев, **Томислав Шуминоски**, Даниел Денковски и Горан Јакимовски, Извештаи од консултантски услуги за АД ЕЛЕМ (Можности за изработка на софтвер за електронско водење на судски предмети на АД ЕЛЕМ, Скопје), Дирекција на АД ЕЛЕМ, 2019.<br>12x1=12 | 12 |
| | | |
| **3.** | **Учество во промотивни активности на Факултетот** | **6.5** |
| 3.1. | Отворен ден на ФЕИТ, 2017 – 2021, 5 * 0.5 | 2.5 |
| 3.2. | Отворен ден на УКИМ, 2017 – 2019, 3 *0.5 | 1.5 |
| 3.3. | Кампања и презентација на промотивни материјали и предавања за ФЕИТ на средношколци (во средните училишта „Раде Јовчевски-Корчагин“, „Орце Николов“ во Скопје) во 2018. | 0.5 |
| 3.4. | Кампања и презентација на промотивни материјали и предавања за ФЕИТ на средношколци (во средните училишта во Скопје („Јосип Броз-Тито“), Велес („Кочо Рацин“), Неготино („Св. Кирил и Методиј“) и Кавадарци („Добри Даскалов“)) во 2019 | 0.5 |
| 3.5. | Претставување на ФЕИТ на саемот Skopje Mini Maker Faire и презентација на проектот FEEIT SmartHome (31.5.2019) | 0.5 |
| 3.6. | Презентација онлајн (zoom meeting) на ФЕИТ и ТКИИ на група заитересирани ученици од гимназијата во Гостивар (СОУ „Гостивар“ – Гостивар) на 30.4.2020 | 0.5 |
| 3.7. | Одржување на практични вежби на група средношколци од САБА (Средношколска академија за бизнис-администрација) во 2019/2020 | 0.5 |
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **4.** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | **4** |
| 4.1. | Организациски одбор на ETAI 2021 | 1 |
| 4.2. | Организациски одбор на ETAI 2018 | 1 |
| 4.3. | Организациски одбор IEEE EUROCON 2017 | 1 |
| 4.4. | Организациски одбор на ETAI 2016 | 1 |
| | | |
| **5.** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен меѓународен проект – соработник** | **3** |
| 5.1. | Virtual Reality to enhance CBRN (Chemical, Biological, Radiological, Nuclear) training programmes for comprehensive applications – VReal-CBRN, NATO Emerging Security Challenges Division, SPS Programme, 2020 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 5.2. | VERTIgO, project proposal for EDA (European and Defence Agency), 2020 | 1 |
| 5.3. | Strengthening the cybers resilience in the Western Balkan through the development of Network of Cybersecurity Centers (NCSC) with a central hub in Skopje, Macedonia, EEA and Norway Grants Fund for Regional Cooperation, 2018 | 1 |
| | | |
| **6.** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект – носител** | **2** |
| 6.1. | Интелигентен повеќепристапнички QoS edge computing модул за сервиси зад 5G, 2021 | 1 |
| | Дигитална библиотека на ФЕИТ (FEITlib), 2017 | 1 |
| | | |
| **7.** | **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект – соработник** | **1** |
| 7.1. | Градење на научноистражувачки капацитет на Институтот за телекомуникации во 2017 | 0.5 |
| 7.2. | СФЕРА (Систем за енергетски ефикасно искористување и управување на енергијата добиена од подземни води), проект аплициран до Фонд за иновации и технолошки развој, 2018 | 0.5 |
| | | |
| **8.** | **Член на факултетска комисија** | **6.5** |
| 8.1. | Член на Центар за нови студенти (од 2012) | 0.5 |
| 8.2. | Член на пописна комисија на ФЕИТ – 2016, 2018 и 2020, 3*0.5 | 1.5 |
| 8.3. | Претседател на Централна комисија за попис на имотот на ФЕИТ за 2017 | 0.5 |
| 8.4. | Член во Комисија за избор на продекани на ФЕИТ за мандатниот период од 1.10.2020 до 30.9.2023 год. | 0.5 |
| 8.5. | Член на Конкурсна комисија за спроведување на упис на прв и втор циклус студии (на ФЕИТ) во учебната 2020/2021 | 0.5 |
| 8.6. | Член на Комисија за јавни набавки за 2016, 2017 и 2018, 3*0.5 | 1.5 |
| 8.7. | Член на Комисија за прием на опрема во 2018 | 0.5 |
| 8.8. | Конкурсна комисија за упис на прв и втор циклус студии (на ФЕИТ) во учебната 2018/2019 | 0.5 |
| 8.9. | Конкурсна комисија за упис на прв и втор циклус студии (на ФЕИТ) во учебната 2017/2018 | 0.5 |
| | **Вкупно** | **38** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **88,04** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **126,55** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **38** |
| **Вкупно** | **252,59** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Борислав Поповски, претседател, с.р.**

**Проф. д-р Тони Јаневски, член, с.р.**

**Проф. д-р Александар Ристески, член, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**
**на прифатени теми за изработка на магистерски трудови (јуни 2021)**
**на Факултет за електротехника и информациски технологии - Скопје**

## 1. Автоматика, роботика и системско инженерство

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Сенат Усеини | Индустриски интернет на нештата применети во SCADA системи за управување на индустриски процеси | Industrial Internet of Things Applied in SCADA System for Industrial Process Control | Проф. д-р Миле Станковски | 02-878/15 од 16.6.2021 |

## 2. Наменски компјутерски системи

| ред. бр. | студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Здравко Тодоров | ФПГА имплементација на мрежна безбедност со машинско учење | FPGA Implementation of Network Security with Machine Learning | Доц. д-р Данијела Ефнушева | 02-878/16 од 16.6.2021 |

## 3. Компјутерски мрежи - Интернет на нешта

| ред. бр. | Студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Билјана Божиновска | Безбедносни аспекти при имплементација на IoT мрежи | Security considerations for implementation of IoT networks | Проф. д-р Марија Календар | 02-878/17 од 16.6.2021 |

## 4. Обновливи извори на енергија

| ред. бр. | Студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Билјана Науновска | Намалување на енергетските трошоци кај стопански субјекти со вградување на системи од обновливи извори на енергија | Reduction of energy costs for commercial entities by installing systems from renewable energy sources | Проф. д-р Антон Чаушевски | 02-878/18 од 16.6.2021 |

## 5. Проектен менаџмент

| ред. бр. | Студент | тема на македонски јазик | тема на англиски јазик | предложен ментор | Одлука бр. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Фросина Климоска | Управување со заштитени области во рамките на меѓународното и националното законодавство и практика со специфичен пример за Охридското | Management of Protected areas in Frame of international and national legislation and practice with the specific example of Lake | Проф. д-р Антон Чаушевски | 02-878/19 од 16.6.2021 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | езеро - споменик на природата | Ohrid - Monument of nature | | |
| 2 | Моника Вељаноска | Имплементирање на менаџмент на квалитет и ризик во проекти, со акцент на нивна стандардизација - Случаи на анализа од практиката | Implementing quality and risk management in projects, with emphasis on their standardization- Case studies from the practice | Проф. д-р Вангел Фуштиќ | 02-878/20 од 16.6.2021 |
| 3 | Симона Ширгоска | Анализа на ризик во проекти од област на градеж-ништво | Risk analysis on projects in the field of construc-tion | Проф. д-р Невенка Китева Роглева | 02-878/21 од 16.6.2021 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ

**ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Зорица Станковска | „Детерминирање на факторите кои влијаат на физичкиот фитнес кај децата од раната училишна возраст“ | „Determining the factors that affect physical fitness in children of early school age“ | Вонр. проф. д-р Серјожа Гонтарев | 0201-550/5.6 од 17.6.2021 |

Скопје

17.06.2021

Раководител на докторски студии по кинезиологија
проф. д-р Георги Георгиев

# РЕЦЕНЗИЈА

**ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА ПОД НАСЛОВ: *АНАЛИЗА НА ИНТЕРПЕРСОНАЛНИТЕ ДИСКУРСНИ МАРКЕРИ ВО МАКЕДОНСКИОТ И ВО АЛБАНСКИОТ ГОВОРЕН ЈАЗИК ВО СПОРЕДБА СО АНГЛИСКИОТ*, ИЗРАБОТЕНА ОД М-Р ЕДОНА ВИНЦА, ПРИЈАВЕНА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ**

Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на својата педесет и деветта редовна седница одржана на 19 мај 2021 година, донесе решение за формирање на Рецензентска комисија во состав: д-р Ваљбона Тоска, редовен професор (претседател), д-р Елени Бужаровска, редовен професор (ментор), д-р Анета Дучевска, редовен професор, д-р Марија Кусевска, редовен професор и д-р Зорица Трајкова, вонреден професор, за оцена на докторската дисертација *Анализа на интерперсоналните дискурсни маркери во македонскиот и во албанскиот говорен јазик во споредба со англискиот* од м-р Едона Винца.

Комисијата во наведениот состав ја прегледа и ја оцени доставената докторска дисертација и има чест до Советот за трет циклус – докторски студии по наука за јазик и до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје да го поднесе следниов

## ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација *Анализа на интерперсоналните дискурсни маркери во македонскиот и во албанскиот говорен јазик во споредба со англискиот* од м-р Едона Винца ги претставува резултатите од емпириско истражување од областа анализа на дискурс. Појдовна точка на истражувањето е сознанието дека јазикот како средство за комуникација не служи само за пренос на информации, туку има и интерперсонални функции поврзани со општествениот контекст. Прагматичките својства на комуникацијата меѓу луѓето се сметаат за универзални, што овозможува да ги споредиме функциите на овие средства во повеќе јазици.

Уште при првиот преглед на дисертацијата може да се увиди дека се работи за оригинален труд во област за која има зголемен интерес во науката. Во последниве години, во прагматиката сè повеќе се истражуваат конверзацијата и нејзините учесници. Современите истражувачи од доменот на комуникологијата ја истакнуваат улогата на јазикот во градењето меѓусебни односи на говорителите. М-р Винца аргументирано ја образложува потребата за проучување на начините со кои се изразува интерперсоналноста во македонскиот и во албанскиот јазик, при што интерперсоналните дискурсни маркери ги дефинира како јазични средства со кои говорителот го покажува својот однос кон соговорникот и кон кажаното. Во говорот, тие служат како сигнали за означување на кооперативноста и учтивоста на соговорниците или за изразување други аспекти на односите што говорителите ги градат меѓу себе во разговори. Иако овие дискурсни маркери често се употребуваат во говорниот македонски и албански јазик, говорителите не се свесни за нивните функции бидејќи не придонесуваат за семантиката на исказите. По своја форма, тие главно претставуваат неполнозначни лексички елементи како што се честиците (*па, нели, абе, ама* и сл) и десеманатизираните изрази што потекнуваат од редуцирани реченици (*знаеш, види, слушај, разбираш*).

Кандидатката постави цел да ја испита улогата на интерперсоналните дискурсни маркери во градењето и одржувањето на односите меѓу учесниците во конверзациите на македонски и на албански јазик водејќи се од функциите на овие средства во англискиот јазик. Целта успешно е постигната преку контрастивно истражување на најчестите интерперсо-нални дискурсни маркери во македонскиот јазик (*знаеш, разбираш/ сфаќаш, види/слушај, па*) и нивните функционални еквиваленти во албанскиот јазик (*e di, kupton, shiko/dëgjo, po*) во секојдневни телефонски разговори.

Постигнатите резултати ги откриваат сличностите и разликите во функционирањето на овие средства во двата јазика.

Споредбената анализа се заснова врз обработка на автентичен јазичен материјал со примена на современите теориски и методолошки пристапи. Резултатите од анализата се изложени на 168 страници, поделени на шест поглавја: вовед, теориско поглавје, преглед на релевантната литература, анализа и заклучок.

Во воведниот дел, кандидатката ги објаснува мотивите за изборот на темата и го образложува изборот на терминот „интерперсонални дискурсни маркери“ за овие функционални јазични единици. Преку краток опис на пошироката и потесната област во која спаѓа истражувањето, кандидатката логично преминува на дефинирање на самата тема и поставување на целите и хипотезите на истражувањето. Главната хипотеза врз која се темели истражувањето и која се очекува да се потврди со анализата на собраните податоци е дека постои корелација меѓу испитуваните дискурсни маркери и одредени говорни чинови. Од неа произлегуваат две потхипотези: (а) фреквенциската дистрибуција на употребените интерперсонални дискурсни маркери во телефонските разговори на македонски и на албански јазик зависи од видот на говорниот чин; (б) синтаксичката позиција на интерперсоналните маркерите зависи од дискурсната функција на дадениот маркер.

Во второто поглавје се дадени методолошката рамка и теориските поставки врз кои се базира истражувањето. Кандидатката кратко, прегледно и јасно ги излага основните принципи на конверзациската анализа и на две теориски рамки: *Теорија на говорни чинови* и *Теорија на учтивост*. Тие нудат погодна теориска подлога за толкување на функциите на интерперсоналните дискурсни маркери како интеракциски сигнали на кооперативност или како елементи што сигнализираат стратегии на учтивост.

Во изложувањето на *Теоријата на говорни чинови* се дава класификацијата на говорните чинови што кандидатката ја користи во истражувањето. За да се објасни разликата меѓу директното и индиректното обраќање се наведуваат и стратегиите преку кои се изразуваат говорните чинови. Од друга страна, прашањето на директноста во јазикот е тесно поврзано со влијателната *Теорија на учтивост* на Браун и Левинсон. Учтивоста се разгледува од перспективата на лице, концепт што се однесува на чувството на говорителот за сопствената вредност и самопочит, како и за почитта кон соговорникот. Во разговор, говорителот, во согласност со културните норми на заедницата, избира такви средства со кои најмалку ќе го загрози своето лице и лицето на соговорникот.

Во третото поглавје, м-р Винца ги презентира најважните сознанија во предметната литература за фукциите и својствата на интерперсоналните дискурсни маркери. Таа успева да ги интегрира различните ставови искажани во литературата за функциите на интерперсоналните дискурсни маркери во една кохерентна и јасно изложена целина. Иако дискурсните маркери најмногу се истражувале во англискиот јазик, кандидатката посебно внимание обрнува на третманот на овие јазични елементи во македонските и албанските граматики каде што е забележана нивната функционална природа. Во поновата литература на македонски јазик, тие се третираат како *прагматички маркери* со оглед на улогата што ја имаат во оградувањето од говорни чинови што се сметаат за ризични за лицето на соговорникот.

Кандидатката го прифаќа ставот што преовладува во предметната литература дека најважните својства на овие елементи се полифункционалноста и контекстуалната зависност. Тоа подразбира дека истиот дискурсен маркер може да има различни функции во различни контексти. Како елементи што не се синтаксички интегрирани во исказот, тие пројавуваат тенденција да се употребуваат во иницијална реченична позиција каде што често се групираат во еден состав.

Во четвртото поглавје, кандидатката детално ја објаснува методолошката постапка користена во истражувањето, што е многу важно за идните истражувања на говорниот јазик. Анализата се базира врз квантитативна обработка на добиените податоци од автентичен јазичен материјал на македонски и на албански јазик. За двата јазика

кандидатката составила два паралелни примерока од снимени телефонски разговори. Дел од разговорите се преземени од достапните извори на интернет, а друг дел е добиен со снимање на телефонски разговори (со анонимизацијата на говорителите). Двата примерока се речиси еднакви според големина: македонскиот примерок содржи 44298 зборови, а албанскиот има 44406 зборови.

Во следната фаза, кандидатката го транскрибирала собраниот материјал (согласно со прифатените критериуми на конверзациската анализа) и потем го обработила со софтверска програма со цел да ја утврди честотата и комбинациите на секој од испитуваните дискурсни маркери во двата примерока. За проверка на главната хипотеза за поврзаноста меѓу дистрибуцијата на интерперсоналните дискурсни маркери и видот на говорните чинови, кандидатката издвоила 23 категории на говорни чинови што го загрозуваат лицето. Тие служат како основа за анализата бидејќи преку нив се испитува дистрибуцијата на издвоените дискурсни маркери.

Петтото поглавје претставува најобемен дел од истражувањето, посебно значаен за домашната наука за јазикот. Тука се презентираат и толкуваат резултатите од квантитативната анализа на секој од избраните интерперсонални дискурсни маркери во македонскиот и во албанскиот примерок според утврдените категории на говорни чинови. Поглавјето има комплексна, но логична структура: поделено е на дванаесет потпоглавја, а секое потпоглавје е посветено на анализа на еден од избраните интерпернонални маркери и на споредбената анализа меѓу македонскиот и албанскиот еквивалент. Преку споредбената анализа, авторката доаѓа до релевантни и оригинални заклучоци што се однесуваат на карактеристиките на секој интерперсонален маркер во двата јазика.

Резултатите од анализата во целост ја потврдуваат главната хипотеза за поврзаноста меѓу одреден интерперсонален маркер и видот на говорниот чин во којшто тој се употребува. Најголема сличност има во употребите меѓу дискурсните маркери *знаеш* и *па* наспроти нивните албански корелати *e di* и *po*. Се покажа дека тие најчесто се јавуваат во функција на потсетување, сугестија, блага наредба и согласување во двата јазика. Голема сличност во интерперсоналните функции на привлекување или задржување внимание на соговорникот имаат императивните форми на сетилните глаголи во двата јазика. Ваквата изофункционална дистрибуција сведочи за сличности во прагматичкиот модел на комуникација меѓу македонските и албанските говорители. Сепак, постојат и извесни разлики: на пример, во говорниот чин сугестија најчесто се употребува *види/слушај* во македонскиот примерок, наспроти *po* ‘па’ во албанскиот.

Анализата, исто така, ги потврди потхипотезите за корелација меѓу фреквенциската дистрибуција и видот на говорниот чин во двата јазика, како и за поврзаноста меѓу синтаксичката позиција на употребените интерперсонални маркери и функцијата на самиот маркер. Така, маркерите што се употребуваат во иницијална позиција најавуваат одредени говорни чинови, а оние во финална позиција имаат интеракциски функции. На пример, маркерите *па* и албанскиот корелат *po*, кои се одликуваат со најголема полифункционалност, се користат како за ублажување така и за засилување на говорниот чин што го воведуваат, додека со *разбираш/сфаќаш* и *kupton,* говорителот поттикнува реакција кај соговорникот за да ја засили аргументативноста на кажаното.

Во шестото поглавје, кандидатката ги сумира заклучоците од истражувањето. На крајот на трудот дадена е обемна библиографија која содржи најнови извори од предметната литература на англиски, албански и македонски јазик. Библиографијата е проследена од кус прилог со примери за пребарување на испитуваните маркери во примерокот преку програмата *AntConc*.

**Заклучок**

Комисијата констатира дека м-р Едона Винца изработила дисертација која има теориско значење и практична вредност во контрастивната прагматика. Таа успешно обработила еден многу актуелен сегмент од современиот македонски и албански јазик, што претставува придонес за подлабоко разбирање на јазичната комуникација на овие две јазични заедници во споредба со англиската. Новите сознанија за начините на изразување интерперсоналност во говорот ќе помогнат да се подигне свеста за важноста на овие средства за успешна комуникација. Трудот има и методолошко значење бидејќи покажува како треба да се анализира секојдневниот устен говор со примена на современи технолошки алатки.

Имајќи го предвид сето претходно кажано и истакнувајќи ја оригиналноста и корисноста на трудот, квантитетот и квалитетот на обработените податоци, примената на строга методолошка постапка и значењето на донесените заклучоци, му предлагаме на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески” да ја одобри и да ја закаже одбраната на докторскиот труд под наслов: *Анализа на интерперсоналните дискурсни маркери во македонскиот и во албанскиот говорен јазик во споредба со англискиот,* изработен од м-р Едона Винца.

Скопје, 4.6.2021 **КОМИСИЈА**

**Д-р Ваљбона Тоска, редовен професор, претседател, с.р.**
**Д-р Елени Бужаровска, редовен професор, ментор, с.р.**
**Д-р Анета Дучевска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Марија Кусевска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Зорица Трајкова, вонреден професор, с.р.**

# П Р Е Г Л Е Д

## ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

### 1. МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Маја Атанасовска | „Критичка анализа на дискурсот употребен при усвојување, увежбување и проверка на знаењата при изучување на англискиот јазик како странски на учениците во основното образование“ | Critical Analysis of the Discourse Used in Asquisition, Practice and Assessment of Learning English as a Foreign Language of Students in Primary Education | проф. д-р Мира Беќар | 17 . 6. 2021<br>10-845/6 |

# П Р Е Г Л Е Д

ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

**2. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | м-р Симона Монавчева | „Поетиката на современата австриска книжевност за деца и млади“ | „Poetics of modern Austrian children`s and youth literature“ | проф. д-р Зорица Николовска | 10-188/7 17.6.2021г |